PREDIZBOREN MESEC NA ZLATNITE RIPKI



MUAJI PARAZGJEDHOR I PESHQVE TË ARTË

PRE-ELECTION MONTH OF THE GOLDEN FISH

***Предизборен месец на златните рипки***
***Издава: Асоцијација за граѓанска толеранција и соработка – Прилеп (АГТИС)***
***АГТИС, Прилеп, 2006***

---

***На предната корица:***
По идеја на Група Хирошима Карикатура од Александар Тасески: “Златни рипки”.

***На задната корица:***
По идеја на Група Хирошима, Карикатура од Александар Тасески: “Вашингтон од 1$ и неговите деца”

***За издавачот***
Александар Цветкоски

***Уредувачки одбор***
М-р Паре Зареска
Александар Цветкоски
Жаклина Башеска
Снежана Савоска

***Организација***
Благица Цветкоска

***Компјутерска припрема***
Биљана Темелкоска

***Превод на англиски***
Соња Адамческа

***Превод на албански***
Нурие Селими

***Веб верзија***
Дејан Кумпаниоски

***Ликовна илустрација***
Александар Тасески
Наташа Јариќ
Тони Чатлески

***Лектура***
Душанка Димевска

***Фотографии***
Пецко Тошески

Оваа книга е издадена со помош на Фондација Институт Отворено Општество Македонија - ФИООМ

# ПРЕДИЗБОРЕН МЕСЕЦ
# НА ЗЛАТНИТЕ РИПКИ

**www.stisnizelba.com.mk**

***АГТИС/АСТАС***
**Прилеп, 2006**

Ќе препишуваме? Да.......!



Will we rewrite it? Yes.....!

***Политичарски тајм аут***

## I. ПРОЕКТЕН СУБЛИМАТ: “Предизборен месец на златните рипки”

**Основен проблем кој проектот го третира:**

Популистички сетирани политички изборни програми и изборни кампањи, кои не претставуваат база за мониторинг на владеењето и “светилник” на 4 – годишниот развој на државата.

**Опфатена област (простирање на проектот):**

- суштината на демократијата[1]
- општата политичка култура на актерите во изборниот процес
- стил и содржина на изборните кампањи

**Цел на проектот**:

Придонес кон демистификација и деконтаминација на политичките изборни кампањи и (посебно) изборни програми на политичките партии од **популизам**. Придонес кон подобрувањето на **политичката и демократска култура** на актерите во изборните процеси.

---

[1] **Раната демократија** не успева да ги етаблира, постулира политичките и правни институции на демократскиот поредок; Задржи, унапреди или створи цивилен и вредносен амбиент, во кои тие институции би можеле легално да функционираат; Стекне доволно знаења за вредностите на цивилното општество, создаде социјален хумус за виреење на демократијата (се мисли на граѓанинот како социјален нуклеус).

**Карактеристики на пред – демократското општество:** Недостаток на граѓански постулиран систем; Негово линкување по индивидуален код (инструментализирање на идејата за слобода, демократија, граѓански систем за себични цели на личност или партиско – деловна врхушка); Организирано учество нема, освен по криминална, непотистичка или партиско - етничка основа; Граѓанското организирање е во зародиш и нема капацитет да им парира на политичкото и криминално организирање; Институциите почнуваат да личат на индивидуите, кои ги експлоатираат за своја и партиска корист; недостаток на верата во демократијата; Партискиот станува личен режим; Партиите негуваат интелектуална и медиска квазиелита; Во владеењето се применуваат различни демокритски тактики, а показателите на државниот напредок е под режим на псевдомодернизација.

**Проектни стратегии:**

Сензибилизација на политички партии, експерти од областа на политиката, медиуми и лидери на мислење, пред фазата на изработка на политичките програми и стратегии на политичките кампањи, заради отпочнување процес на размислување и менување на веќе традиционалните моделите на мислење на политичарите во врска со стилот на изборните кампањи.

**Пристап:**

Исмевање на "бајковните" популистички кампањи; Барање до политичарите конкретно да одговорат на актуелните прашања и потреби со фокусирани и непопулистички визии и стратегии; Инсистирање на совршено чист легитимитет[2] на избраните; Методологија, "Знаеме што ќе правите – смислете друго"; Потенцирање на пристапот за различни нивоа на политичките програми - наменети за различни целни групи; Инсистирање на вметнување и објаснување на политички идеи, кои зависат и од теоријата на генералните политички опции и теоријата на политичкиот систем.

**Појдовни проектни индикатори:**

- Саботирање на изборниот процес без нарушување на неговата законитост и форма;
- Предизвикување штетни ефекти, кои кумулативно и долгорочно влијаат на општото ниво на политичка култура во Македонија:

---

[2] **Политички легитимитет**

"Лабавиот" легитимитет има многу последици. При преговори со странци, ако сметаат дека имаш криза на легитимитетот, односно ако сметаат дека твоето стојалиште нема да може да биде внатрешно поддржано – имаш слаби преговарачки позиции. На домашен терен последиците се уште пострашни: Нема да можеш да имплементираш, односно, ќе бидеш само октроиран (номинален) владетел.

Легитимитетот нуди општествена кохезија, можност за равнотежа помеѓу интересните и други групи, нуди патишта за општествена контрола над политиката, нуди канали за напредување, почитување на законите… нуди ред.

- Ускратување на реален увид во конкретните планирани општи и ресорни политики и потези на партиите, во случај да дојдат на власт;
- Неразвивање опозициони хумани структури за планирање или недисеминирање на нивнаите планови и согледувања до јавноста[3]
- Придонес кон изборна апстиненција на големи групи гласачи,
- Седативно делување на општественото јавно внимание
- Влошување на меѓуетничките односи
- Неразвивање внатрепартиски тела и форуми за планирање и планирање на развојот, градење капацитет за владеење, внатрепартиска позитивна селекција[4];
- Манипулирање со етничките енергии во функција на антисоцијална општествена регулатива.
- Снижување на општото ниво на политичка култура
- Изборните понуди како "Карт бланш" за идните владари, кои ветиле толку многу, толку општо, толку непроверливо, што не мораат ништо да исполнат и водат до следните ефекти:

- Недостаток на општа ориентација на општеството;
- Одвраќање на странскиот капитал (недостаток на меритокритичност во планирањето на големите фирми, аналитички центри за поддршка на претприемништво…) заради неможноста да се предвидат ресорните политики на една гарнитура;

[3] Заради убедување на многу актери во политичките процеси дека гласачите нема да разберат поконкретни и технички сетирани стратегии, визии, планови и сл.

[4] Популизмот – како најниско ниво на политичка пропаганда, стимулира партиски личности со мошне скромни знаења, капацитети и од партиите прави кадровски, а не идеолошки групи. Ако таквите кадри се поставaт на работни места и функции, кои бараат експертски капацитет, таквиот вработен нема да може да одговори на барањата на работното место, но исто така тој и нема време да "си го работи" работното место: Во природата на политиката е постојаното напредување по пократкиот (изборен) пат. Тоа значи дека таквиот цело време работи за себе и своето напредување, наместо да биде "шраф" во структурата, која се нарекува власт.

- Будење страв кај меѓународните структури, кои се занимаваат со стабилноста на просторот и нивни интервенции во владеењето со цел да се осигураат дека нема да се нарушат општите настојувања на ЕУ, НАТО, соседите…
- Недостаток на "движечки принципи" во текот на владеењето и идеологија на владеењето;
- Општост на идните оперативни акти (во текот на владеењето), кои ништо не значат и не обврзуваат;

- Будење лажни надежи кај најниските социјални слоеви, чие неисполнување води до фрустрации и повишување на конфликтниот потенцијал во државата;
- Развој на тенденции на патримонијалност, апсолутизам, култура на незаконие, дезориентираност на општественото ткиво;

Овие ефекти, кои можат да се наречат "општа клима" или политички амбиент, не сé неприсутни во изборните амбиенти на **другите држави** со подолга демократска традиција[5], но разликата е во тоа што таму постои "договорена црвена линија", постојат генерални политички определби, кои потекнуваат од **органската базираност на партиите**, па не може да се случи во практиката на подоцнежното владеење "десна" партија да носи "социјалистички буџет", да се залага за социјални права или да интервенира во стопанството, а "лева" да прави приватизации. Едноставно, во тие балансирани држави одредени потези не "одат" со одредена партија. Кај нив, одредена политичка опција е позната и по **арсеналот ресорни политики**, кои (се очекува) ќе ги спроведува. Тие, популизмот во кампањите на политичките партии го препознаваат како "фолклор", на кој не му обрнуваат внимание. Гласачот, во тие земји има избор помеѓу препознатливи политики и може да мисли на сопствениот интерес. Кај нас, тоа е чиста лотарија, зошто нема идеи, туку само кадровски групи, кои се служат со популизам, **зошто само немале потреба да имаат и друго**.

[5] Подолгата демократска традиција води до дисперзија на моќта, а со тоа опасностите од кратковиди одлуки сé знатно редуцирани. Тие општества се нарекуваат "балансирани" и во нив моќта е поделена помеѓу различните видови власти, економските чинители, носителите на јавна, експертска, граѓанска моќ.

**Главни пораки до партиите:**

- општеството не е веќе она – што мислите дека е,
- најмногу ќе има постигнувања партијата – која прва ќе го започне долгиот процес на менување на стиловите, имиџите на кампањите,
- најмногу ќе има постигнувања партијата – која прва ќе го започне процесот на внатрепартиски планирања на подобрувањата на државата, градење капацитет за владеење, ќе ги развие процесите на внатрешна позитивна селекција во сопствената партија,
- ќе започне да се придржува на она што им пишува во имињата на партиите и сето тоа ќе го напише во **Изборната програма**,
- партија, која ќе сфати дека основна пречка сето тоа да го започне е популизмот - како "незваничен статут" на секоја партија, кој ги блокира партиите однатре, па после тоа и целото општество,
- партија, која ќе разликува демократија и **демокритија.**

**Цели на проектот:**

1. Обезбедување учество на политичките партии, други целни групи и медиско внимание;
2. Истражување на стојалишта на целни групи и (специјално) политички партии, околу популизмот и базираноста на изборните кампањи (стилови, содржини, фокус);
3. Сензибилизација и едукација на целни групи и граѓанство за тоа какви можат/треба да бидат непопулистичките изборни кампањи и програми;
4. Одвраќање на политичките партии од користење неумерен популизам и празни политички понуди;
5. Евалуација на проектот;

**Целни групи:**

Политички партии, граѓанство, портпароли и задолжени за водење и осмислување на изборни кампањи и за пишување изборни програми; експерти од областа на демократијата, изборното право и аналитичари на политички живот, медиуми, НВО – и со мисија во политиката, изборите, пратеници.

**Очекувани резултати:**

Намалување на популизмот во изборните кампањи, подобрено фокусирање на конкретни изборни ветувања и подобрени партиски изборни програми и мерливи ветувања, намалување на националистичка, милитантна и ксенофобична базираност на кампањи на политичките партии, легитимација на политички програми како јавни акти, кои обврзуваат, сензибилизација за идејата за градење внатрепартиски капацитет за добро владеење, подобрен капацитет на граѓанскиот живот за мониторинг на владеењето, придонес кон креирање непопулистички визии за Македонија, придонес кон меритокритичност на владеењето, придонес кон повишувањето на нивото на политичка култура.

**Главни активности:**

- Веб страница и нејзино модерирање со произведените материјали,
- Креирање визуелизации на проектот и создавање брендови против популизам и нивна веб дисеминација,
- ТВ емисии,
- Веб и е-маил кампања и едукација за мотивирање на НВО – ите за мониторинг на изборните програми,
- Постер кампања за институции, политички партии, НВО – и,
- Анкета со граѓаните: “Топ листа на најпопулистички ветувања”
- Прес конференција за објавување на анкетните резултати
- Објавување написи и визуелизациите за одвраќање до медиумите,
- Публикација: “Предизборен месец на златните рипки” , нејзина промоција;

**Временска рамка на активностите: 30.11.2005 – 30.06.2006**

НЕКА ПОБЕДИ НАЈДОБРИОТ !!!



# II. СЕРИОЗНО ЗА НАЈСЕРИОЗНАТА РАБОТА НА СВЕТОТ

**Д-р Анета Јовевска**
**Д-р- Наташа Габер**

## Наместо вовед
## Дали политичките партии се неизбежни?

Изборите се нужно, логички и политички условени од политичкиот плурализам. Од тука изборниот чин има смисла доколку постои можност за избор меѓу повеќе алтернативи. Во оваа насока е и потрагата по одговорот на прашањето*: Зошто постои политиката*[6]? Поточно, се признава фактот дека луѓето меѓусебно не се сложуваат, односно “конфликтот” се сфаќа како нормална состојба на општеството и неговото постоење како легитимно. Но, при тоа конфликтот не се третира како ексцес, туку како значително разликување па и спротивставување меѓу два или повеќе интереси, односно политички програми. Притоа единствено консензусот во воочувањето и утврдувањето на интересите обезбедува опстојување на конфликтниот поредок. Интересните групи во демократиите често перспективата за решавање на некој проблем го поврзуват со некоја политичка партија која одговара на потребите на нивната идеологија.

Очигледно во плуралистичкиот амбиент во прв план избиваат политичките партии како израз и носители на политичкиот плурализам и како специфични интересни групи чии раисон д’етре е освојување на власта.

Во овој контекст, со оглед на опасноста во перманентната и беспоштедната борба да биде вовлечено целото општество, регулирањето на борбата за власт има извонредно значење не само за политичкиот живот туку и воопшто за опстанокот и животот на општествената заедница зошто алтернативата е не само ризична туку и погубна. Овој проблем развиените демократии го надминале со прифаќањето на повеќепартискиот систем како она “помало зло од двете можни”.

---

[6] Heywood, Andrew. Politics. (1997) Macmillan Press, London, pp5

Во таа смисла не смее да се заборави дека политичките партии играат клучна улога во процесот на политичкото претставување и ако тие се безуспешни во тоа, целата политичка структура е доведена во прашање. Претставниците на партиите се избрани во име на граѓаните за да делуваат во нивен интерес, па затоа совпаѓањето меѓу она што партиите го пропагираат и тоа што владите го чинат е од особена важност за теоријата на претставничката демократија.

И покрај ваквото уважување на политичкото мислење и расположение на граѓаните и нивното вклучување во политичкиот живот, особено во изборниот процес, сепак Морис Диверже изразува крајно сомневање во демократските ефекти и во реалната улога на граѓаните во современите политички системи. Застапувајќи ја навидум апсурдната, но сосема основана теза и дијагноза за современото општество како "демократија без народ", тој укажува на ограничените можности за реална политичка партиципација на граѓаните во современите политички, а посебно партиски системи. Според него "демократска партиципација е невозможна на врвот во рамките на малите партии без основа во народот, каде што одлучувањето го преземаат затворени главни штабови"[7]. Но, позицијата и партиципацијата на граѓаните во политичкиот живот не е ништо подобра ни преку големите народни партии[8]. Апсурдната ситуација – демократијата да функционира без народ – според Диверже, го ослободува народот од одговорност, но власта ја ослободува од легитимноста.

## Митот на гласањето

Францускиот автор Филип Брод - истражувач на изборното однесување на неговите сограѓани, ја воочува "мистеријата" на општото право на глас: "Каква е таа моќна мотивација која предизвикува истовремено раздвижување на милиони луѓе? Зошто во недела училишните дворишта каде што обично се сместени гласачките места, се окупирани од молчалива толпа возрасни луѓе? Зошто паноата се излепени со

---

[7] Diverze, M. (1968) Demokratija bez naroda. Rad. Beograd, str.257

[8] "Истовремено се смалува нивното учество во политичкиот живот низ големите народни партии. Огромните пропорции на овие организации во своите рамки развиваат големи административни апарати кои тежнеат да ги склеротизираат и да ја спречат волјата на членовите вистински да влијаат врз одлучувањето на главните штабови". Исто стр. 254

ефемерни плакати што одеднаш се раѓаат во едно убаво утро во 38 илјади комуни во Франција и исчезнуват утредента по изборите?”[9]. Во оваа смисла тој зборува за два главни мита: оној за гласањето како израз на суверенитетот и оној за “рационалното поведение” на избирачот.

**Првиот** е израз на догмата за народниот суверенитет утврден во конститутивниот документ на одредена држава. Во нашиот случај тоа е одредбата од Уставот на РМ, според која “Во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните”.[10] А власта граѓаните “ја остваруват преку демократски избрани претставници, по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување”. Од аспект на клучните политички категории какви што се суверенитетот на народот или легитимитетот на власта изборите добиваат извонредно значење, бидејќи обезбедуваат “минимална политичка партиципација на граѓаните во јавните работи”[11].

Оттука функциите на изборите меѓу другото се анализираат низ **изборното поведение**. Преку масовното политичко учество на избирачите, се воспоставува легитимност на политичкиот поредок како потврда дека мнозинството од граѓаните се согласни и спремни да ги почитуваат институциите, вредностите, и нормите на актуелната власт. На оваа функција се надоврзува и интегративната, поконкретно со самиот факт на учество на изборното тело во изборите, станува ирелевантна неговата религиозна, статусна, етничка и друга поделеност. Гласачите, учествувајќи на изборите и определувајќи се за една од партиите покажуваат дека се согласуваат со општите претпоставки и цели на дадениот систем.

Од овој аспект изборите како начин на сигнализирање на преференции, се неопходни за учество на луѓето во колективното одлучување. Тука може да говориме за комуникациската функција на изборите, што подразбира перманентна комуникација на избирачите и носителите на власта. За да биде ова можно неопходно е да се обезбедат механизми за сигнализирање на приоритетите на граѓаните. Тој процес може да се остварува непосредно кога избирачите директно влијаат во формулирањето на политичката платформа, но и посредно кога самите партии што имаат амбиција да ја задржат или освојат власта ги адаптираат своите платформи според изразените афинитети на изборното тело.

---

[9] Braud, P. (1973) Le comportement electoral en France. PUF, Paris, pp5

[10] Член 2 од Уставот на РМ

[11] Braud, P. ibidem. pp9

**Вториот** мит - митот за "рационално однесување" на избирачите е поврзан со избирачот како рационален субјект на политичките процеси и кој настојува со својот глас што е можно подобро да ги наметне интересите што се земаат предвид: Посебните интереси или колективните посебни интереси (на верската и јазичната зедница, на социо - професионалната категорија, на културната и сл). Овие фундаментални стремежи на избирачот сепак во реалноста наидуват на извесни бариери (степенот на информираност и манипулација) кои ги "деформираат" и "искривуват" што ја замаглува нивната препознатливост. Посебно конфузни прашања кои не се однесуват на елементарните потреби на граѓаните и кога истите се интерпретираат различно од политичките субјекти влијаат одредени категории граѓани да манифестираат преференции што се и директно спротивни на нивните интереси. Така, на пример, може да се објасни и зошто невработениот или стечајниот работник би го дал својот глас за партија која се залага за пониски стапки на оданочување. Очиглено врската меѓу сопствените интереси и политичките опции на кандидатите кои учествуваат во изборната кампања не е секогаш доволно транспарентна за избирачот. Па дури и на гласањето се пристапува како кон должност, а не како рационален чин на превреднување на понудени политики.

### Изборното право- алатка на реална моќ или привид

Со промоцијата на општото право на глас од темел се менува динамиката на политичкиот живот со што партијата се позиционира во средиштето на сите политички работи. Проширувањето на изборното право, според Вебер, главно се поврзува со појавата на нов тип професионален политичар. Имено, стана нужно да се вклучи во животот големата апаратура на политичките здруженија. "Тие здруженија или партии и се посветија на **организацијата на застапувањето**. Во секоја заедница поголема од некој мал селски округ, вели Вебер, со политичкото организирање нужно раководат луѓе заинтересирани за раководење со политиката... Незамисливо е како во некое големо здружение изборите воопшто би можеле да функционираат без тој раководен образец. Меѓутоа во практиката, тоа значи поделба на граѓаните со право на глас на **политички активни** и **политички пасивни елементи"**[12]. Значи, не само што политичкото учество не може да се сведе на учество во изборите и во таа смисла изборното однесување да се смета за доминантен вид на

[12] Held, D. (1991) Modeli demokracije. Skolska knjiga, Zagreb, str.161

политичкото однесување, туку и во рамките на изборното однесување постои градација според степенот на партиципацијата на граѓаните. Всушност постојат многу бариери, посредници и инстанци на изборното однесување од кои зависи учеството на граѓаните во политичкиот живот и нивното реално влијание. " Учеството на членовите на една организација или на граѓаните на едно општество во политичкиот живот не е ни нужен ни доволен услов за влијание на широкиот слој врз политиката на организацијата или владата. Од една страна, членовите на заедницата можат да покажуваат низок степен на политичко ангажирање во организацијата или во општеството, а сепак да влијаат врз политиката со тоа што ќе можат да му дадат или да му ускратат изборна подршка на еден или друг од бирократските апарати што се натпреваруваат за власт. Од друга страна, членовите на некоја организација или граѓаните можат редовно да присуствуваат на состаноците, во голем број да им припаѓаат на разни политички организациии, па дури да имаат и висок степен на учество на изборите, а сепак да имаат мало или никакво влијание врз политиката"[13]. Очигледно е дека **не постои идентичност меѓу изборното и политичкото однесување**, како што е извесно дека **не постои нужна корелација меѓу степенот на политичкото ангажирање на граѓаните и нивното реално влијание врз политиката**. Освен тоа политичкиот процес е многу посложен од изборниот процес, бидејќи чинот на гласање претставува последната карика во процесот на занимавање со политиката.

## Предизборната програма - документ на идентификација на една политичка партија

Врската меѓу партиите и гласачите е операционализирана најдиректно во предизборната програма како документ на идентификација на субјективитетот на секоја партија поодделно. Во оваа смисла *партиската програма* претставува **своевиден среднорочен план** кој се однесува на општеството и неговите процеси, и кој содржи листа на аспирации и цели кон кои една партија се стреми да ги постигне во колку ги добие изборите и дојде на власт. Партиите се единствените организации во демократските општества кои **редовно продуцираат ваков тип на документи**, **кои можат да се толкуваат и како еден вид ветување кон потенцијалните гласачи**, кои можеби некоја партија нема да успее да ги исполни во целост, но сепак се очекува да покаже подготвеност да реализира барем дел од ветеното. Овие документи се нарекуваат и **манифести,**

---

[13] Lipset, M. S. (1969) Politicki covek. Rad, Beograd, str.221

**платформи, акциони програми** и сл. Се смета дека партиите ги обликуваат програмите на таков начин, кој ќе им овозможи да привлечат што е можно поголем број гласачи и да освојат што е можно повеќе пратенички места. Преку програмите партиите се обидуваат да ги детектираат и идентификуваат актуелните желби и потреби на гласачите и да дадат соодветен одговор или решение за нив. Истовремено, со сопствената програма и самата партија се идентификува каков е нејзиниот профил и какви интереси застапува, било да се работи за идеолошки, етнички, социјални и други. Всушност на ваквата програма може да се гледа како на ***лична карта* на партиите** преку која тие се идентификуваат пред јавноста и се позиционираат на **идеолошката скала лево - десно**. Практично, електоратот ја има задачата да избира меѓу алтернативни програми од кои секоја за себе претставува целина, очекувајќи дека идната влада ќе има дефиниран и во детали систематизиран кохерентен план врз база на кој ќе работи во текот на мандатот.

Сепак, погрешно е партиското идеолошко позиционирање да се третира како фиксна определба. Имено **политичките партии постојано се адаптираат на барањата на електоратот**. Поточно **нивната флексибилност и способноста да ги рефлектираат потребите и интересите на граѓаните и различните групи, е битен предуслов за нивното преживување, но и за идеолошкото конвергирање** со другите партии кои ја следат динамиката на промените во преференциите и приоритетите на избирачите. Способноста за модификација или трансформација на оргиналната идеологија е во позитивна корелација со опстанокот на одредена партија и обезбедувањето на статус на стабилен актер во партиската арена на одредена држава. Потрагата по гласачи детерминира приближување и на спротивставени партии во пополнувањето на идеолошкиот простор кој останал непокриен или недоволно експлоатиран. Во таа смисла доаѓа до прегрупирања во така скицираниот иделошки простор односно померување во позиционирањето на линијата леви - десни партии. Практиката покажува дека во сите држави, па и кај нас, **сé помалку има трајна партиска идентификација или долгорочна врзаност со конкретна партија**. Новото време промовира и нови политички теми, како што се феминизмот, правата на животните, човековата околина и низа други, кои влијаат во прегрупирањето на т.н. конвенционални теми, преку кои партиите се препознаваат како леви или десни. Очигледно изборните слогани претрпуваат адаптирање на новиот амбиент туркајќи ги партиите

"*ниту лево ниту десно, туку напред*[14]", модифицирајќи го целокупниот изборен настап. Преку тоа старите поларизации се губат, па така гледаме десни партии кои се грижат за социјалната политика или леви кои акцентот го ставаат на либерализирање на пазарот.

Во секој случај прагмата е таа која ги принудува политичките партии постојано да ги следат и артикулираат сигналите кои ги емитува јавноста. Само на тој начин тие можат да се надеват дека нивното учество во изборната трка ќе биде наградено со гласови од избирачите. Очигледно ако партиите сакаат да си обезбедат политички опстанок, тогаш за нив еднаш понудената агенда не е фетиш и таа е подложна на промени. Ерата на национал-романтизмот е веќе исцрпена. Од голема опасност се растечките социјални поделби на населението кои перманентно ескалираат. Потребен е баланс меѓу економски доминантните групи, кои се повеќе ќе треба да се адаптираат во новите, поглобални услови на работење.

## Што може или што би требало да очекуваме да промовираат партиите на овие избори?

Општествените проблеми мораат да ја добијат својата политичка артикулација пред да започнат негативно да влијаат врз институциите на системот. Само навременото пресретнување на проблемите создава претпоставки за нивно мирно разрешување, одбегнувајќи ги при тоа евентуалните социјални или некои други тензии. Програмите на партиите, во таа смисла се, еден од најприфатливите обрасци за нотирање (политичка артикулација) на важните општествени прашања и нивното артикулирање, а со цел да се обезбеди широка поддршка на граѓаните за прокламираните ставови и вредности. На тој начин се става тежина на легитимитетот на тие барања, обликувани во политичката агенда, обврзувајќи се дека по изборите приоритетите во практичната политика ќе ги опфатат токму овие елементи. Постои варијација на политичката релевантност на разни проблеми низ разните групи во општерството, но и регионално во рамките на една држава. Секако темите, околу кои најмногу ќе се фокусира вниманието на партиите во текот на изборите, можат да бидат различни. Тоа можат да бидат **"конфликтни" теми** во однос на кои клучните политички актери имаат дијаметрално спротивставени гледишта, потоа **"исполитизирани" теми** околу кои се подгреваат тензии кои не се соодветни на карактерот на проблемот, но и **"релевантни" теми**

[14] Vidi: Heywood, A. Political ideologies an introduction. Macmillan, London, 2003, pp. 18-19

за општествениот и политичкиот систем кои произлегуваат од реалните потреби. Во секој случај темите што ќе ги одбере една партија во својата програма претставуваат "примерок" или екстракт од морето прашања во едно општество, за кои таа верува дека ќе бидат привлечни за нејзината целна група избирачи. Иако е неспорен трендот на големите партии да се обраќаат на што е можно поголем гласачки аудиториум и да наметнат теми кои се поуниверзални, а со тоа и попривлечни за што е можно поголем број избирачи, сепак евидентен е и идеолошкиот бекграунд на секоја од партите.

Секако, **на политичката програма треба да се гледа и како на листа на буџетски трошоци - кога се нагласува некоја област тоа значи дека ќе се трошат пари за неа**. Всушност, кога се потенцира социјалниот елемент, безбедноста или одбраната, тоа е директна “покана” да се трошат пари за тоа. Акцентот на слободата, приватната иницијатива, и владината ефикасност обично означува редукција на владините интервенции и редукција на трошењето на парите во различни области.

Вообичаено скенирајќи ги програмите на политичките партии на македонската политичка сцена се забележуваат разлики во поглед на обемот на текстот на овие програми но и во степенот на продлабоченост во елаборирањето на прокламираните ставови на партијата.

Досегашното компаративно искуство покажува дека тематски области кои се присутни во изборните партиски програми се следните:

***Политички систем:***

Оваа тема ги третира надлежностите на државните органи, односот меѓу законодавната, извршната и судската власт, ингеренциите на претседателот (шефот) на државата наспрема владата, степенот на децентрализација, изборите, и сл. Исто така, опфатени се и структурата на Собранието, начинот на донесување политички одлуки (како на пр. тн. бадентерово мнозинство), видовите на суверенитет - граѓански или национален (етнички) и сл. Се смета дека **овие прашања нема повеќе да претставуваат централна тема во годинашните изборни програми,** од причина што поголемиот дел од нив се веќе апсолвирани со досегашните уставни и законски измени, кои претрпеа промена како резултат на апликација на Рамковниот договор. Искучок од ова би можеле да претставуваат прпграмите на некои етнички албански политички партии, кои особено во предизборието гледаат згоден момент **да го одржат темпото на промовирање на**

**стриктно етнички интереси**, па дури и нивно радикализирање, а со цел да се придобијат што е можно повеќе гласачи.

***Правна држава:***

Овој дел опфаќа две компоненти и тоа: Сеопфатно нормирање и гарантирање на целата лепеза на човекови права - во склад со меѓународните стандарди, а во функција на промовирањето на индивидуата како основен субјект; и обезбедување на систем кој кореспондира со легално прокламираните принципи и ја гарантира нивната примена. Се очекува токму оваа втора компонента да биде поприсутна во програмите на политичките партии. Особено актуелна, но и атрактивна за партиите се очекува да биде **темата корупција и пресметката со неа**. Ова прашање преку различни аспекти и нивоа ќе биде подеднакво присутно кај опозиционите, но и кај партиите на власт.

***Економија:***

Можеби најважната тема за следните избори, каде ќе се кршат сите копја. Партиите во овој случај веќе наговестуваат различни, концепти, стратегии и идеи кои треба конечно да ја заживеат македонската економија: **Поддршка од страна на државата за стимулирање на странски директни инвестиции, намалување на невработеноста, генерално заживување на стопанството, завршување на процесот на приватизација**. Секако дека програмската понуда од овој аспект ќе биде најразнолика.

***Социјална политика:***

Самата уставна дефиниција на Република Македонија како социјална држава веќе создава обврска на партиите да размислуваат и во оваа насока. Во државата категоријата на лица кои зависат од социјалната заштитна мрежа покажува нагорен тренд (стечајни работници, невработеност, вулнерабилни категории население, социјална сигурност за пензионерите, хендикепираните, болните, посебните потреби на жените и децата и сл), па затоа без разлика на идеолошката провиниенција на партијата, тие ќе мораат програмски да понудат решенија и идеи и за оваа популација.

***Меѓуетнички односи:***

По новиот Устав, се очекува кон ова прашање програмите на заедниците да имаат поинаков пристап и практични идеи за соодветна апликација на прокламираното, целејќи кон културното афирмирање на секоја заедница. На ова поле ќе бидат забележани големи варијации во зависност за која заедница станува збор (**претставеност во Собранието, соодветна застапеност во државната администрација, употребата на јазикот** и сл).

***Здравство:***

Оваа област ќе биде исто така **една од најприоритетните и тема на жестока дискусија**, од причина што реформите траат неочекувано долго, а директно погодуваат голем дел од населението.

***Образование и наука:***

Лошите услови во кои се спроведува образованието кај нас, како и континуираните и недовршени реформи во оваа област, ја наметнуваа оваа тема како актуелна. Во оваа смисла **се актуелизира квалитетот на образованието**, но и теми кои се однесуваат за конкретни заедници, посебно за постигнување на повисоко ниво на образование (**Роми, Албанци**), особено на женското дете. Горлива тема е и обезбедување квалитетно и современо високо образование (**повисоки стандарди, промени во курикулумите, вредностите кои образованието ги промовира, инфраструктура** и сл). Некои конзервативни партии овде наговестуваат воедување на **веронаука** во основните училишта.

***Децентрализација:***

Досегашното релативно кратко искуство во овој процес се очекува да продуцира нови програмски идеи за понатамошни интервенции во овој правец, а особено она што се однесува на локалните интереси и развојните приоритети на регионите.

***Семејство:***

На семејството како основна социјална единица во рамки на општеството ќе му се посвети внимание во дел од програмите, во врска со **прашањата врзани за еманципација на жената**, како и **грижата кон младата генерација**. Насоките во елаборацијата на овие аспекти се детерминирани од степенот на при-

фаќање на традиционалниот образец на релацијата маж - жена, односно улогата што ја има жената во семејството според така проектираниот образец. Се очекува партиите посебен акцент да стават на **улогата на жената во политиката,** особено заради решенијата во изборниот законик кои, преку полово неутралната квота, ги условуват во процесот на кандидрањето да водат сметка секој од половите да биде најмалку застапен со 30%. Иако веќе подолго време се акцентира потребата од еманципирање на жената, сепак практичните напори за тоа да се постигне се минимални, наспроти потребите што ги сигнализираат други актери.

Во овој контекст ќе се наметне дискусија и за **слободата на сексуалната ориентација** и **легализирање на таквите бракови**. Ова прашање ќе биде различно третирано, па и игнорирано во одделни програми.

***Зашшиша на човековаша околина:***

Станува збор за исклучително актуелна тема кон која партиите сеуште не промовирале доследен и препознатлив концепт. Загадувањето на животната средина, барањето алтернативни извори на енергија, градењето еколошка свест кај граѓаните се битните димензии во креирањето на една политика која во себе би требало да инкорпорира и развојна компонента. Ова прашање е особено важно за влез во Европската Унија па затоа се очекува на овие избори да биде експлоатирано посебно од страна посериозните политички партии.

***Надворешна ӣолишика:***

Процесот на евроатлантското интегрирање секако ќе биде средишниот фокус на оваа тема. Специфичности и разлики меѓу партиите се претпоставува да бидат регистрирани во однос на **преговарачката стратегија по прашањето за името**, односно спорот со Грција, потоа **Косовското прашање** и можните импликации од "формулата" на решението, доврщувањето на процесот на **демаркацијата на границата** со Косово, односите со соседите, и меѓународната позиција на Македонија во однос на институциите на меѓународната заедница и сл.

***Одбрана:***

Реформата во одбраната како и **тајмингот за влез на Република Македонија во НАТО** секако ќе биде прашање околу кое партиите ќе се фокусираат во своите програми, а сигурно ќе биде изразен и став кон глобалните закани во модерниот свет.

***Земјоделство:***

Оваа тема останува, и понатаму, една од најактуелните. Реформите во аграрот и неговото осовременување во склад со Еу стандардите, **поголема вклученост на државата во откупот и пласманот**, **обезбедување на достапни кредити за стимулирање на земјоделското производство** се дел од прашањата кои ќе си обезбедат место во програмите на партиите. Пристапот во елаборирањето на овие теми секако е условено од фактот дали станува збор за партија која е на власт или во опозиција.

****

Теоретски, се антиципира дека претендентите за освојување на власта ќе бидат наградени или казнети од гласачите во однос на тоа колку од ветеното во нивната изборна програма било исполнето. Но, оваа претпоставка во практиката често се проблематизира, бидејќи актуелните економски и политички случувања можат да произведат непредвидливи ефекти, кои го стеснуват просторот за маневрирање на владата, така што таа мора да реагира на определен начин кој можеби не е популарен, ниту пак таа го посакува. Воедно, се случува прокламираната програмска политика да ја пренебрегнува круцијалната улога на личноста и личната компетенција во кадровскиот избор на партијата, од кого всушност и се очекува реализација на "ветеното".

Од своја страна, опозициските партии имаат силна мотивација да понудат **иновативни рамки** или **алтернативи на актуелните политики во различни домени**. Ова затоа што оние што се на **власт веќе имаат конкретно "досие" на успех или неуспех**, додека опозицијата има само зборови, ветувања. Исто така, улога игра и **динамиката на изборната компетитивност,** која дневно наметнува теми за кои секоја партија мора да има став, со оглед на тоа дека често тие теми се во фокусот на медиумското интересирање. Важно е и **до кој степен политичарите фабрикуваат теми** со цел да ги добијат изборите. Сигурно дека постојат и такви

изнасилени и исфорсирани теми кои целат да го привлечат вниманието на јавноста за да го "оцрнат" противникот или поинтензивно да се промовираат себеси во однос на другите конкуренти.

## Контраверзи поврзани со предизборните програми

Интересот за политичките програми, кај нас, се соочува со бројни дилеми: ***Дали недостатокот на демократска традиција и култура влијае врз тоа како се обликуваат политичките програми? Дали партиите се однесуваат конзистентно на она што го ветуват од избори до избори, или, пак, настапот го адаптираат на барањата на "клиентите"? Дали со оглед на околностите, ветувањата се реално остварливи? Дали дефицитот на идеи како да се решат другите, вистински проблеми, ја затапува остринатa на реформаторските зафати? Дали партиите меѓусебно се доближуваат (конвергираат) или се раздвојуваат (дивертираат)? Дали владите се формираат од меѓусебно слични партии?***

Но, и некои други укажувања треба да се земат во предвид. Имено, бројни промени или карактеристики на современото масовно општество го модификуваат политичкиот процес, начинот и степенот на партиципација во него, во тој контекст се забележуваат и значајни импликации за изборите.

**Се создаваат паралелни, вонинституционални центри на економска и политичка моќ** кои не подлежат на изборна процедура и верификација така што значителен дел од политичките субјекти и од политичкиот процес остнува **надвор од дофатот и волјата на избирачите.**

Исто така, појавата и развојот на **масовните медиуми** го менува традиционалниот модел на политичко информирање и мислење, односно формирањето на општата волја или јавното мнение, така што изложено на разни моќни пропаганди, манипулативни техники, изборното однесување е **далеку од тоа да биде автентично**. Во оваа смисла и степенот на политичката односно изборната култура се јавува како еден од факторите во моделирањето на изборното однесување. Кои теми ќе "поминат" кај поголем број гласачи претставува своевиден праг за прифатливост на понудените заложби и програмски теми. Имено добро информираниот граѓанин кој е способен да процени, што од понуденото, кореспондира со реалноста на општеството и вредностите на еден демократски поредок, ќе се однесува покритички во валоризацијата на понудата.

Од друга страна “ловците на човечките души” - камуфлирани во изборните програми на политички дезориентираниот и исфрустриран избирач, гледаат како на плен кој лесно може да се придобие. Тоа е уште полесно во услови на големо незадоволство со постигнатото, во време кога поголемиот број од населението е соочено со егзистенцијалните проблеми и според бројни извештаи живее на прагот на сиромаштијата. Во такви услови за партиите проблематично е на изборите, па дури и “ризично” за нив, да отвараат теми кои се реформски по карактер и кои би имале долорочни ефекти. Всушност за избирачот нема да бидат добра мамка темите како што се реформите во образованието или културата, реформи во здравството, здравата животна средина, туку за добра понуда ќе се сметаат теми во стилот на “теле шоп” маркетингот-да Ве убедат да го купите она што не ви е потребно. Се очекува во изборите да се игра на картата дека **економскиот и политичкиот прагматизам** може да го заведат избирачот на мамец кој може краткорочно да му одговара, но кој долгорочно е противречен на неговиот интерес и социјален статус.

Во принцип, кога во едно општество постојат **општествени расцепи** (цлеавагес) кои се совпаѓаат со идентитетот на гласачот, поизразено се нагласува важноста во изборите да победат **"нивните" или “нашите” партии**. Ова е пример за прединдустриски општествен "расцеп" каде што оска на партиските програми е пред се идентитетот на гласачот кон кој тие се главно насочени. За разлика од тоа, оние држави каде што доминираат прашања кои се однесуваат на економијата, социјалата и квалитетот на живот и каде што може во програмата таквите теми може да си го обезбедат приоритетното место во агендата на таа партија, тоа е знак дека постои **зреење на политичкиот амбиент** и на реалните приоритети кои суштински го придвижуваат општеството напред.

Ваков пример се партиите со етнички предзнак, чии програми содржат и поспецифични идеи и аспирации во однос на партиите кои целат на "сенационално" гласачко тело и кои предоминатно тежнеат кон цели кои се разликуваат според идеолошката матрица, или според селекцијата на други, попрагматични приоритети. Се смета дека "етничките" програми сепак се ефикасни само на "првичното ниво" на заштита на етничките интереси. Кога тоа ниво ќе се исцрпи, таквите партии тешко се трансформираат во партии кои имаат капацитет сериозно и сеопфатно да одговорат на проблемите од поширокиот контекст.

Западноевропската емпирија покажува дека функционирањето на демократијата зависи од тоа дали оној кој ќе изгуби на изборите ќе продолжи да игра по зацртаните правила. **Партискиот настап во кој**

**претежно се нагласува што партијата во програмата предлага** да се стори, наместо директно да се конфронтира со опонентите, дава индиции околу тоа дали противниците би го прифатиле изборниот резултат според кој тие се легитимираат како губитници. Ваквиот партиски настап е порелаксирачки и за самите гласачи, кои кога гласаат избираат кој приоритет им е поважен, без притоа да изразуваат несогласување со дел од приоритетите на партиите на кои не им го дариле својот глас на поддршка. Се смета дека ваквата изборна клима е белег на стабилна демократија, која не е базирана врз принципот на исклучивост, туку на различитост. Искуството вели дека во развиените демократии партиите поретко се натпреваруваат преку завземање спротивни позиции за една тема, туку почесто претпочитаат да селектираат "свои" теми и нив да ги приоритизираат различно. Во желбата да се улови секој дополнителен глас кандидатите и партиите се упатени да се обратат на поширок круг социјални групи. Така тие својата кампања ја моделираат на барањата на земјоделците, невработените, стечајците, буџетарите, младите, етничките заедници, уметниците, маргиналните и ред други групи. Без гласовите на овие категории јасно е дека неможе да се добијат изборите. Ситната калкулација како да се привлечат огромниот број **флотантни гласачи** е доволна причина за осмислувањето на една ваква изборна стратегија на партиите. Всушност успешни ќе бидат токму тие партии кои во својата реторика ќе успеат да допрат до што поширок круг социјални слоеви, при тоа избегнувајќи ги реалните конфликти.

Исто така, во држави каде што е очигледно деке по изборите ќе се формираат коалициони влади, е повеќе од јасно дека овие програми можат да претставуваат **само лабави водичи за тоа што владата би можела да направи**. Влегувањето во коалиција може да претпостави и "застранување" од програмската определба. Така агендата на задачи кои новата влада ги наследува (обврските што произлегуваат од процесот на евроинтеграцијата и сл.) делумно влијае и насоката на делувањето на партиите кои се во нејзиниот состав. Секако програмите се корисни за да се идентификува нивната партиска идеологија, но прагмата наметнува и потези кои бараат брза и ефикасна реакција во одделни непредвидени ситуации. Во таа смисла изборната програма се вреднува како "добра" во колку произлегува од една реална проценка на состојбите. Од таму **успешноста на една програма се вреднува со нејзината ефикасност и применливост.** Имено, при дизајнирањето на одредена програма партијата иако има своја визија за тоа кои се приоритетите на кои треба таа да се посвети во своето делување, сепак тоа не значи апстрактност во пристапот и занемарување

на реалните потреби и претпоставки во кој така формулираната програма треба да функционира. Во таа смисла мора внимателно да се пристапи во валоризацијата на реалноста и во идентификацијата на клучните приоритети кои би требало да се земаат предвид при обликувањето на една изборна програма. Само така втемелена програма може да претставува основа за социјалниот континуитет на земјата и да ги избегне замките на **популизмот** кои не нудат вистински решенија, туку само ги замаглуват вистинските причини на проблемите.

**Д-р Златко Савоски**
**Соња Адамческа**

## НВО мониторинг на предизборни програми

***Оваа иницијална едукација е наменета за НВО – ите од Македонија и припаѓа на корпусот едукации за застапување во политиката. Таа е компатибилна со европските едукации (неколку преведени и дисеминирани книги на македонски јазик) за партиципативно одлучување и инволвирање на НВО – ите во процесот на носење одлуки (лобирање, застапување, методологија на водење кампањи и сл).***

### Надворешно опкружување за остварување на мисијата

Една од задачите на НВО – ите во Македонија би требала да биде и мониторинг на изборните програми, во деловите – каде се протегаат нивните мисии и тоа е прв чекор во целата активност за заштита на “Надворешно опкружување за остварување на мисијата” (НООМ)  на една граѓанска организација. За коалициите, кои коалицираат спрема сродноста на мисијата или целните групи – тоа е врвен приоритет.

НООМ е во процес на постојана промена (на што и самите НВО – и делуваат).  Промената можеме да ја претставиме како:



**Универзално волшебно стапче**
**за пред и после избори**

- **Промена на институционална поставеност** на надворешното опкружување (законска промена во внатрешната регулација на ресорните институции, нови институции, нови надлежности или укинување на старите уредби, дерегулација на функции на институции, прифаќање и етаблирање на нови практики, актуелизирање на одредени приоритети, промена во критериуми и висина на владини грантови за НВО – и, .)

- Промени настанати со процесот на **менување на ресорни закони** (кои го менуваат фокусот кон вашите целни групи, нивниот пристап до ресурси и добра, услуги, статус на "клиентите"...), но и поопшти законски решенија, кои не директно – туку индиректно (што не значи дека тие промени мора да бидат благи за НВО – ите или тие да немаат директни последици од нив) го менуваат опкружувањето и методите на работа, па дури задираат и во прашањата за промени во моделите на организациите (за да можат да одговорат на новото опкружување). Тоа се законски сетови од областа на децентрализација, дерегулација, примена на принципи на субсидијарност, големи стратегии, кои "влечат" промени во системските закони (во врска со реформите), акциони планови и други државни акти;

- Промени во **меѓународно опкружување**, кое ние го чувствуваме како промена на приоритетна поставеност и фокуси на донатори, последици од странски мониторинг на нашите реформи и нивни технички и политички извештаи, како што се согледувањата на Светска банка, тела на ЕУ[15], меѓународни агенции, мониторинг на остварување на делови од базични регулаторни акти како Пактот за стабилност, Договор за стабилизација и асоцијација, договори со меѓународни монетарни институции...)

- Промена во **регулацијата на работата** (закони, уредби), кои се однесуваат на внатрешните аспекти на интегрираниот модел на организацијата (ИМО). Пример за овој вид промени се Законот за здруженија на граѓани и фондации, финансиски закони, даночни закони, овластувања, етаблирање партнерства со НВО – и и мрежи) и промени, кои делуваат на конкурентската способност на организацијата (заради тоа и сè бара проактивност на НВО – ите, за да го менуваат нивниот ИМО).

[15] На пример, согледување на Совет на Европа е дека подобри резултати се постигнуваат ако нивните обемни грантови ги насочат во владините институции. Тоа за последица има намалување на нивото на грантовите, кои можат да го јакнат системскиот капацитет на НВО животот во Македонија, но и потреба за подобрување на довербата на Владата на РМ кон работата на поголемите НВО – и (тоа бара и внатрешно приспособување на овие организации).

**Тансферзали[16] на овие промени се:**

- Конкурентската поставеност и капацитет (од видливост на активностите, до начини како е тоа претставено, ниво на соработка, вмреженост, пристап до десижнмејкерите, познавање на приоритети на донатори и многу друго) на една НВО спрема другите НВО – и;

- Ниво на експертски капацитет на една НВО и капацитет за застапување на општи или посебни граѓански интереси (внатрешните капацитети се и елемент на конкурентноста, односно, за колку пари колку "музика" произведуваат).

- Квалитет и правилен избор на проектните аутпути (ако се тоа закони, предизвикување владина или општинска интервенција, зголемен интерес и подобар живот за целните групи – полна капа), нивна дисеминираност, предизвикана јавност и познавање на тие аутпути, стекната доверба на целните групи[17]…

Мисијата на НВО - ите може да биде "нападната" на различни начини, а најтешка форма на промена на НООМ на една НВО е донесување на одредени закони, воспостановување владини практики – базирани на упатства или подзаконски акти, кои не ѝ одговараат на заинтересираната (ако е применливо) целна група, па со тоа и на остварувањето на мисијата на една ресорна НВО.

*Заради тоа, мудро би било да се запознаат изборните понуди од гледна точка на промена во НООМ, па оние – кои ќе се окарактеризираат како "позитивни" би требало да делува кон наклоноста*

---

[16] Вообичаено, нашите НВО – и го гледаат надворешниот аспект на тие (пропишани) трансферзали, кои ги доодредуваат приоритетите, односно тие се посматраат како приоритети – од гледна точка на одредени целни групи (На пример: фокуси на една програма се локалниот економски развој, намалување на сиромаштијата, подобрување на нивото на учество на целните групи во процесите на носење одлуки на локално ниво. Трансферзали на програмата би можеле да бидат – ако тоа е пропишано од донаторот – подобрување на учеството на жените во економијата и во процесите на носење одлуки на локално ниво, погранична економска соработка, јакнење на капацитетот на НВО – ите во доменот на економијата….

[17] Без ова ќе имаме само невладино фолирантство и фингирање на успешност на активностите, па донаторите ќе се прашуваат зошто не се предизвикани значајни и видливи промени, за кои дале многу пари. Од прилика, тоа е македонската приказна, во која не помагаат ниту Е – инфо неделните или месечни сетови…

*на една НВО кои една политичка партија, односно “негативните” да предизвикаат реакција на НВО – ите и несимпатии кон некоја политичка опција. Тоа ги тера политичките партии да водат и структуирани кампањи – насочени кон одредени целни групи, а не само “општа предизборна кампања”.*

## Мониторинг на предизборни програми заради предвидување промени во НООМ на една НВО

Мошне е значајно НВО – ите да вршат ресорен мониторинг на политичките програми, со цел да ги следат партиските размисли околу позицијата на нивните целни групи. Така, НВО – ите со мисија во остварување на правата на жените (“женските организации”) треба да се грижат за правичната застапеност во партиските листи, но исто така и за деловите од програмите – кои ја опфаќаат ситуацијата со родовата еднаквост во општеството – како што ја дефинираат партиите. Организациите на млади и деца треба да ги следат плановите на партиите во врска со остварување на националните стратегии за млади, социјалната заштита, правото на школување, граѓанските права на децата…

Се разбира, општа декларација на партиите по овие прашања постои во нивните понуди, но тие не значат ништо, ако не се дефинираат низ конкретни решенија и закони. НВО – ите можат да предложат некакви посакувани промени, кои една партија би можела да ги инкорпорира во нивните предизборни понуди.

Тука имаме чиста ситуација, но што е со НВО – ите, кои немаат матична и стриктна целна група, туку или општа, или нивна целна група се десижнмејкерите и политиката?

Тогаш, НВО – ите треба да ги следат предложените ресорни политики на партиите, во зависност од тоа во кој ресор актуелно работат. Ако работите во полето на училишна едукација и испорака на обуки, ќе следите кои промени и идеи се пласираат во програмите во врска со разни агенции за развој на наставни методологии, агенции, кои имаат мисија за креирање и одобрување на наставни корикулуми, промени во пристапот до одлучувањето на училишните одбори, права на наставници, директори на училишта, општо решавање (закони) на позицијата на наставниците, нивната едукација и доедукација, начини на оценување, примена на светски (и најчесто потпишани од наша страна) стратегии, акти и методологии за училишна

едукација… Што нудат партиите на тоа поле, можеби нема да го најдете стриктно во партиските понуди, но можете да го изведете од предложените мерки.

На пример, либерално сетираните предизборни програми треба да се залагаат за воведување на системот на школска компетиција, па ако вашата НВО прифаќа дека се потребни наставни програми каде ќе се негува лидерството – базирано на школски успех, вам ќе ви се допаднат ветувањата за реформи во образованието по одредени светски системи на учење (ако испорачувате обуки, сигурно знаете што е тоа “индикативен”, а што “хипотетичко – дедуктивен” метод на учење, сигурно знаете што е тоа метод на доживотно учење, сигурурно знаете дека сé донесени најразлични светски наставни програми – кои се базираат на таа идеја). Тоа не е можно без едукација на наставниците и професорите, за да бидат способни да ги имплементираат тие програми и без едукација на директорите на училиштата за водење и мониторинг на таков тип настава. Од друга страна, центристичките и “леви” опции треба да нудат училишните програми, кои го јакнат социјалниот беграунд на знаењето, ја фаворизираат еднаквоста и некомпетитивното учење, нудат “описни” оцени, а не нумерички, го јакнат инволвирањето на училишното опкружување во формирањето и едукацијата на децата и младите. Таквите организации треба тоа да го акцептираат во програмите (го има или го нема). Ако го нема, можат да го предложат, а партиите тоа би го прифатиле заради наклоноста на НВО – ите и нивните целни групи.

Организациите, кои работат во областа на реформите (судство, економија, јавна администрација, локална самоуправа…) би имале задача да следат поопшти граѓански интереси, кои можат – но не мораат да бидат обезбедени со законските промени. Тука е многу важно организацијата да има и развива експертски капацитет, зошто не е лесно снајдувањето во лавиринтите од закони, владини потези, продавање на државен имот (и тоа може да биде – но не мора, дел од реформите во економијата, па да имаа НВО – ите таков експертски капацитет да ги проценат ефектите од продажбата на ЕСМ, ќе избегневме големи циркуси), ветување субвенции…. Во овие области, во услови кога не се близу парламентарните избори, НВО - ите мора “да ги ловат” политичарите во фаза на изготвувањето на законите во владина процедура (пред да дојдат пред комисиите на Парламентот). Зошто? Законите многу чество предвидуваат “промени – без промени”, односно се прават само затоа да се смират “Европјаните”. Проф. Тупанчевски тоа го нарекува “реформски илузионизам”. Голем дел закони предвидуваат институционализација на нови институции, укинување и промена на некои досегашни, промени во персоналната сетираност на агенции, комисии,

совети, судови… Да се сетиме: Сите тие промени “ќе поминат низ месото”, односно ќе предизвикаат персонални промени, а некој тоа не го сака, додека другите тоа “го туркаат”. При тоа, верувајте, нема ни трунка грижа за општите интереси на граѓаните. Тука се работи за гола власт (сетете се дека и судството, администрацијата, катастарот се власт … а на властите не треба да им се верува и тоа е **ДИФОЛТ).** Сето ова е олеснето кога разговарате со опозицијата (ништо не ги кошта) или во период пред избори.

Што тука можат НВО – ите? Прашањето е: Кој друг би можел?

Експертите и тоа најпознатите, кои, обично, сé професори и учени, дежурни “реформатори” - најчесто веќе се инволвирани во владината “шема” на подоготовка на “промени”, кои ќе им одговараат на политичките структури. Други професори имаат доживотни “тезги” во кодифицирањето на закони и имаат секогаш во фиока по некој законски проект (за “ова” и за “она”), кој без многу мака ќе им го дадат на владите (и порано и сега) како нов и “балансиран” документ. Тоа треба “да го фатат” НВО – ите и тоа “во лет”, пред тој да стигне до парламентарните комисии или најдоцна во исто време – кога го добиваат и парламентарците - пред да го гласаат.

**Зошто?**

Прво, парламентарните комисии немаат екстра пари да платат свој експерт за да им го анализира “сочинението” на професорите и “којачите” од “Советите за реформи”, па мораат да побараат услуга од владата, која ќе им го испрати истиот оној експерт, кој и го правел законот и ќе го брани до последна капка крв – за да нема дополнителна работа.

Јавни владини дебати и учество на НВО – ите во нив? Сите се фингирани. Нема шанси некоја НВО да биде поканета, освен ако е толку “боса”, што ќе знае само да ја пофали иницијативата и добриот ручек. Тука нема јавност ниту за лек. На тие “дебати” седат “експерти со функции”. Тие имаат мислење само ако нивната кожа е во прашање и основно правило е правилото на опортунитет. Единствено полоши од политичарите се “експертите со владина функција” или кои се поставени и можат да бидат сменети од тела – креирани од владата.

Последно, тие институции, кои сега иницираат и водат реформи и менуваат закони, ја довеле ситуацијата до точка на пукање, за која е потребно да се промени законот. Како тоа лекарот е истиот оној

– кој го оболел пациентот? Значи, институциите, кои го довеле пациентот (судство, економија, администрација, катастар…) до пред смрт, пак добиваат мандат да го лечат и тоа истите личности.

Последно од последното: Опозицијата? Нема ли таа експертски капацитет тоа да го мониторира и да изврши интервенции заради “доброто на народот”?

Има (???), ама не сака! Нејзе и е важно само лошиот законски текст да дојде пред Парламентот, за да го критикува, да ја блати владата, да ја нарекува неодговорна, недемократска, тоталитарна… и да добива поени пред граѓанството (ние дури ќе предложиме седниците на Парлементот да не се пренесуваат преку медиумите, зошто тоа ги тера пратениците на позициono – опозиционен нихилизам, црно – бели варијанти – погодни за “средна раја”, од кои на никого - ништо не му е јасно). Ние немаме одговорна опозиција, ниту сме ја имале (и кога им беа сменети местата). Тоа опозицијата ја декласира како одговорен фактор (сите партии – кои се во опозиција, сега и порано), кој може законите да ги направи подобри. Секако, опозицијата ќе се “офајди” од истите тие закони – кога ќе дојде на власт, па “тепа две мечки” со еден куршум.

Реформите мора да ги мониторира граѓанското општество, заради фактот што нема кој друг тоа да го прави. Уште подобро: најдобро е идните владини потези да се **мониторираат преку изборните програми на партиите**. Тие, во своите предизборни понуди ќе ветат содржини, за кои вие можете да ги запрашате за дообјаснувања и тоа авторизирани дообјаснувања, за кои подоцна (ако тој – некој дојде на власт) можете да се држите и да инсистирате. Со тоа и партиите ги дооперационализираат своите програми, пронаоѓаат “багови” во своите понуди и ги поправаат, па понудите им стануваат подобри и поконкретни. НВО – ите можат да ги натераат партиите да го планираат идното владеење преку структуирани ветувања (не општи и прешироки ветувања).

**Но што со тоа?**

**Мониторингот е само прва фаза**. Тоа ќе доведе до сознанија како организацијата да се постави спрема една политичка програма.

За жал, кај нас партиите немаат толку висока партиска и идеолошка свест, па често тоа нема да го сретнете во една предизборна програма. Тогаш, вие можете да барате објаснување од партиите, барем околу тоа кој базичен концепт го поддржуваат. Во предизборниот месец, најдобро е прашањата да се

поставуваат преку медиумите и тогаш ќе имате партиски одговор. Да нема избори – нема шанси тоа да се случи.

Ова воопшто не е "далеку од паметот", како што може да се чини. Ова сé реални прашања, кои се покоњуктурни во предизборна година. Во краен случај, свесната и развиена демократија не познава "гласање по симпатија", туку по интерес и верба. Ако верувам дека детето треба "да ми стаса" за реален живот на 18 години, тогаш ќе сакам да се воведе проектното учење (ХДМ), а ако сакам "да ми остане дете" до својата 22 – 23 година, ќе го сакам повеќе индикативниот метод. А комбинација од двата[18]? Ние сме и гласачи. Не?

Потоа енвироменталистичките организации. Да сме на "запад" за нив врвен факт би бил министерството за екологија да си ја има само таа мисија, а би поддржале партиски блокови (коалиции) во кои ги има и "зелените" (понекаде не се нарекуваат така, но мисијата им е препознатлива). Ако една партија вети дека ќе имаат порески субвенции фабриките, кои вградиле стандардизирани филтри - ќе го има гласот на енвироменталистите.

Други примери за поопшти граѓански интереси, но кои сите посредно ќе нé погодат или тангираат. Ако партијата вети подобро судско извршување, треба да ги прашате за критериумите и начинот на цертификација на организациите за извршување и обезбедување; Ако ветат нови вработувања во реалниот сектор[19], треба да ги прашате каде ќе најдат пари за тоа, како тоа мислат да го направат и дали ќе го зголемат некој данок за да обезбедат пари. Ако речат "ДА", тогаш морате да ги прашате (најдобро преку ме-

[18] Заради разбирливост ќе дадеме една вулгаризирана верзија на овие методи. Индикативниот метод значи градење на претходно наученото, односно "ако си пропуштил еден час, нема да можеш да го следиш идниот". ХДМ е групен метод на работа, каде се гради на сопственото искуство, талентите на поединците и раководењето со решавање на зададена задача. Поинаку, "не е важно и ако сте пропуштиле 10 школски часови" и можете да се снајдете низ барање на сопствена улога во тимот (не можат да бидат сите тим – лидери).

[19] Сега е тренд да "вработуваат" преку подобрена општествена и бизнис клима, што значи помала корупција, подобри увозно – извозни закони, подобра работа на судовите, јавната администрација, формирање банки за поддршка на развојот….

диум) зошто приватниците би вработувале, кога им се зголемени даноците? Или која институционална форма на борба против корупцијата би ја смислиле и во што таа би била подобра од постоечката….

И така – натаму, НВО – ите би си го дефинирале сопствениот интерес и наклоност на една програма.

**Но што и со тоа?**

Што ако партиите не се грижат толку за интересите на одредени групи, туку имаат “фронтален пристап” (само една општа целна група)?

Тогаш, може да се отпочне со втората фаза, која се состои во застапување за остварување на некои посебни интереси. Во предизборна година тоа не е толку тешко, заради тоа што се партиите заинтересирани за вашите гласови. Сепак, важно е НВО – ите да створат експертски капацитет за да можат да влијаат на партиите.

## Зошто мониторинг на политички понуди од НВО – ите, кои немаат мисија на мониторинг на изборни процеси?

1. За да ја заштитат својата мисија, преку контрола и превенција на можна промена на надворешно опкружување на организацијата, кое би настанало со идењето на власт на новата политичка гарнитура;
2. Заради “вонредни” можности од влијанија и ако иста гарнитура остане на власт;
3. За да ги предвидат промените и можната ситуација со идењето на власт на нова политичка гарнитура, па со тоа и да ја планираат заштитата на матичната целна група (групи)
4. Да пробаат да имаат импакт врз политичките програми заради подобрување на сопственото опкружување или условите на матичната целна група;
5. Заради општи граѓански интереси, кои би се состоеле во подобрување на идното владеење, преку подобро партиско планирање на промени;
6. Заради ад – хок подобрување на позицијата на организацијата со подобрувањето на политичките врски (кои во иднина можеби ќе се претворат во “технички” и експертиски врски).

## Застапување во предизборен процес

Тоа е најдобар метод на мониторинг, превенција, подобрување на владеење. Само тогаш на партиите им требаме и како гласачи и како “групи со влијание”, па тоа треба да го искористиме.

НВО – ите треба да постигнат партиски интерес за проблемите на нашите матични целни групи, позицијата на НВО – ите, подобрена комуникација, воспоставување на процедури за структуирана соработка (да не биде само на протоколарна љубезност и фалење колку ние НВО – ите сме биле битни во општеството…).

Пред да прават било што, НВО – ите би требало да разберат дека нивната интервенција и инволвирање “не е играчка” и дека тие влегуваат во играта наречена **“социјално - легислативен инжењеринг”,** која е сама – по себе врв на социјалната интервенција и задира во врвот на едно друго нешто, кое се нарекува: **ПОЛИТИЧКА ВОЉА[20]!!!** Нивната интервенција, во суштина, треба да влијае на политичката волја на врвните донесувачи на одлуки. Така, процесот на застапување во предизборниот процес, кој е насочен кон постигнување партиско ветување за промени или одржување на статус – кво ситуација во надворешното опкружување на организацијата е ВЛЕЗ ВО ПРОЦЕС НА НОСЕЊЕ ОДЛУКИ.Тоа може да биде “ковертиран” потез на една НВО, кој подоцна ќе им донесе моќ и доверба да вршат социјален инженеринг.

---

[20] Политичката волја е опортуна. Таа се формира постојано и на неа може да се́ влијае. Политичката волја е **баланс на голем број фактори:** Традиционални размислувања на партиите, навики, желба да работат што помалку (имаат многу обврски и концентрација на функции), лични интереси, лични врски со носители на функции и грижа да не им ја загрозат, односно очуваат функцијата, достапни експертски мислења и нивни партиски преработки, притисок на меѓународните фактори, оценка дали нешто им е лично корисно – или не… Сепак, пресудно им е мислењето на владата, шефот на партијата и неговата “експертска врхушка”… Волјата функционира како “Султанска волја” (Султанот не водел грижа ако некаде има народни немири или вооружени бунтови, се́ додека данокот стигал редовно или додека тој лично не бил засегнат. Ако тоа се случело, тој реагирал хистерично и луто, па праќал предимензионирани војски да го решат случајот, убивал и затворал подредени и сл.). Со политичката волја не е ништо променето. Заради тоа изборната година е “златна шанса” за НВО – ите, зошто “Султанот е засегнат”.

За самата опасност НВО – ите да бидат инструментализирани или злоупотребени за цели на изборната кампања на една партија нема да говориме, заради тоа што НВО – ите веќе знаат дека тоа би било смрт за организацијата, односно ние сме веќе полнолетни и не веруваме дека некоја група – која стои зад една НВО би ризикувала толку многу да ја уништи сопствената организација, која со години ја институционализира. Ако организацијата не е од оние "што им оди работата", тогаш не е ниту битно, зошто не можат многу да им помогнат на партиите (да знаеле - ќе си помогнеле себе си). Додуша главната штета би била по целиот НВО живот и неговиот кредибилитет, но сега живееме во демократија и што не е забрането – е дозволено, а јавноста веќе неколку години "не пие мастило".

Освен амбициозната цел на една НВО да застапува - она што ќе го ветат партиите да го напишат во предизборните програми, предизборните понуди, НВО – ите можат да си поставаат и други помалку амбициозни работи, кои можат да се направат за да се обезбеди влијание врз идните донесувачи на одлуки.

***Сепак, да се сетиме: Парламентот и политичките партии имаат МАНДАТ даден од граѓаните да носат одлуки, а НВО – ите го немаат!!!***

Пред било што да започнат, НВО – ите треба да бидат свесни за неколку работи:

- Која е целта на нивното инволвирање во политички процеси;
- Која е крајната цел, односно каков исход и производ сакаат да постигнат;
- Дали имаат "точка на потпирање", од каде ќе почнат (дали имаат пресек на актуелна ситуација на состојби – на која сакаат да делуваат, генеза на ситуацијата, нејзин историјат…)
- Дали имаат несомнена аргументација: Дали имаат листа на (позитивни и негативни) можни ефекти – кои би настанале со промената на законските норми, дали можат тоа да го следат во услови на промена, односно да претставаат СИМУЛАЦИЈА на новата состојба, која ќе настане со имплементација на промените[21]

[21] Тука е мошне добро да се претставаат компаративни искуства, односно слични искуства од странски земји, а посебно од земјите – кои произлегле од иста или слична идеолошка и државна матрица – како нашата, да се соберат студии на случаи или примери, кои би биле претставени во форма на студии на случаи…

- Дали имаат поддршка од матичната целна група (анкети, состаноци, ТВ емисии, медиски реакции…) и дали можат деа демонстрираат бројност на група, на која имате влијание,
- Дали настојувањата на НВО – ите би биле поддржани од експертите
- Колку далеку би оделе со тоа и што би вложиле во тоа
- Дали се вашите идеи во склад со актуелните (и несомнени) државни приоритети (ако се тие и насоки на ЕУ – тогаш е одлично).

## Што можат НВО – ите да направат во врска со "програмирање" на потребите на целните групи во политичките програми?

- Да се интересираат за тоа кој експерт или друга личност е задолжен да ги изработи партиските понуди (програма) за деловите или ресорот – кој ви е вам интересен;
- Да обезбедите контакт со него;
- Да се припремите и да демонстрирате експертиски капацитет[22] (познавање на проблемот, на кој вие се задржувате);
- Да демонстрирате организациска посветеност кон проблемот (би послужиле и вашите перформанси);
- Да демонстрирате пристап и влијание врз целните групи (ваши);
- Морате да имате потполно изготвен предлог во писмена форма (добро би било пред тоа да го имате испратено до соговорникот, за тој да се припреми и телефонски да се уверите дека тој го прочитал вашиот предлог);
- Ако "работата" не оди – морате да имате политички медијатор – посредник, кој контактот и вниманието на експертот ќе ги направи пофлуентни;

[22] Без тоа нема да бидете од било кој партиски експерт, а ако тој е нестручен партиски војник, вие нема да бидете сфатен – па и да сте најпаметен и најприпремен на светот

- Морате да имате резервен драфт со вашите минимални барања[23];
- Полезно е да имате претходни мислења и ставови од вашата целна група или јавни средби, на кои се разговарало за вашиот предлог;
- Морате да имате план за дисеминација на резултатите на политичкото ветување до вашите целни групи (како би сте ги информирале луѓето за резултатите од вашето застапување кај некоја политичка партија);
- Добро е вашиот веќе прифатен предлог да го ставите на хартија, на која овластен претставник на партија или лидерот ќе се потпише;
- Добро е да го ставите вашиот прифатен предлог во акциона димензија (динамика);
- Како најмало можно постигнување побарајте согласност за ваше инволвирање во процесите, кои (ако дојде на власт) одредена партија ќе ги преземе, во врска со предметната ситуација, проблем или законски проект;
- Секое такво постигнување објавете го преку медиумите и јасно претставете дека таа и таа партија презела таква обврска – ако дојде на власт (со самото тоа што партијата не смее да демантира – вие сте добиле и презентирале јавно ветување).

---

[23] Вашиот "проект" мора да биде "скалест" и да содржи повеќе работи:

1. Јустификација на предлогот (зошто е тој битен, зошто е подобар од постоечкиот, или зошто постоечкиот не треба да се менува) и Политичка јустификација (како вашиот предлог ќе и користи на партијата, на нејзиниот рејтинг, колкава целна група би била задоволна со него и колкава целна група би била незадоволна од таков предлог);
2. Балансираност на предлогот (како е вашиот предлог во врска со постоечките закони, колку средства од државата ќе ангажира, односно какви финансиски импликации ќе има, каква е неговата положба во врска со хармонизацијата со европските закони и акти, како одговара на пропишани и ратификувани меѓународни акти, каде е врската со усвоените ресорни стратегии на државата…);
3. Симулација на ефекти на вашиот предлог (можни подобрувања).

Секако, мора да имате и резервен драфт, во кој нема да ги изразите вашите максималистички барања, односно понеамбициозен акт, во кој вашите барања ќе бидат изразени само како една од фазите – кон целосно усвојување на вашата идеја, се разбира најклучната фаза, за исполнување на "проектот".




ТВ емисија во “живо” на ТВ Прилеп

**Снежана Савоска**
**Благица Цветкоска**

## Политички кампањи, наменети за различни целни групи

Општите политички кампањи се обраќаат на “граѓаните”. Какви се во просек граѓаните ќе кажат агенциите, кои ќе го истражат јавното мнение и ќе створат “идеален лик на гласач”, колку што е можно во ситуација на потојана промена на размислувањата на гласачите, менувањето на општеството и пораките од меѓународното опкружување.. Сепак, тоа покрива не повеќе од 50 - 70% од гласачкото тело, кое ќе излезе да гласа. Кои се другите 30 – 50% гласачи? Тоа не се оние “неопределените”, “незаинтересираните” за гласање – како што ги нарекуваат (нивниот број е од 33 – 55% од целокупното гласачко тело).

Тие, не баш минорни 30% гласачи припаѓаат на различни групи, кои треба да се дефинираат и заинтересираат.

Класичните поделби се базираат на апроксимации на големината на “општите групи” (образование, етничка и верска определба, имотна состојба, занимања, од која “страна на законот” е нивниот бизнис[24], колку од нив се́ на социјална помош, старосна поделба…).

Додуша и процентот на “неопределени гласачи” во корпусот на оние – кои ќе гласаат е предмет на размислување колку се “општа”, а колку “структуирана” група. Тоа е едно врвно прашање за партиите и агенциите – кои ги опслужуваат во предизборниот процес.

Во теоријата на комуникација, теоријата на демократијата… не постои “општа целна група”. Заради тоа и постои плурализмот, за да се згрижат различните, а често и опозитни интереси, нивоа, мислења, стојалишта.

“Општата целна група” е и локална во исто време, таа функционира и како локално здружување на лица со слични интереси (може да постои национален систем или мрежа на лица со релативно добро дефинирани инстереси). Во секој случај, тоа е систем на испреплетени интереси на локално и национално ниво. Димензијата на локално исполнување на посебни интереси е доста незастапена кај нас, а

---

[24] Тука лежи една силна причина за толерирање на сивата економија.

институциите работат не како децентрализирани, туку како дерегулирани или дисперзирани, но под клучна доминација на центарот (квазидецентрализација, или децентрализација, каде “центарот” ја практикува моќта на владеење или партиско владеење преку “последниот збор” во избор на претседател на една ОО на партијата, предлагање кандидати за листи, предлагање градоначалници, составување на листи, а потоа, преку линкување на законитоста на работата на институциите преку партизирање на локалната администрација и одредување на патиски директори). Тоа води до сфаќање дека е поисплатливо посебните интереси на целните групи да се остваруваат на централно, а не на локално ниво. Тоа размислување се протежира и на самите размислувања околу изборите (политичката технологија на владеење се пренесува и на изборните практики).

Обраќањето кон “општа целна група” може да се нарече и “неструктуирана кампања[25]”. Напоредно со неа може да се одвива и една “структуирана” кампања, која ќе ги има за целни групи посебните граѓански слоеви, професионални и експертски групи, групите со поинакви потреби, сфаќања и суперпозиција спрема “општата” целна група. Секако дека тоа бара еден посебен напор и партиски структури за водење на оваа структуирана кампања. Тоа можат да го работат партиските ресорни експерти.

Во минатите изборни циклуси, а има најави дека и сега ќе биде така, општата кампања е комбинирана со “личен пристап”, кој се нарекува “кампања од врата до врата”. Тоа е локална кампања за поддршка на општата, која ја вршат локалните партиски членови и спаѓа во тип “соседски кампањи”. И тоа е неструктуирана кампања.

Кампањите имаат свој **законски и незаконски вид** и тоа е многу важно во наш контекст, заради тоа што партиите избраа да имаат “општ” и “личен” законски предизборен пристап до целната популација, до-

---

[25] Овој вид кампања е примерен на “предмодерните” општества, посебно ако се во фаза на “пресна” демократија, или ако долго време ги преболуваат “детските болести” на демократијата. Основна одлика им е дека не постои средна класа и не постои добро дефиниран систем на плуралистички интереси, односно постои силно изграден систем на “декларирани средни вредности”, без матични групи кои ја носат таа идеологија и кои не се резултат на балансирање на потребите, туку на медиска и политичка манипулација. Исто така, во овие демократии не постојат партиципаторни политики, општествен дијалог и доволно неполитички лидери, кои би биле предводници и застапувачи на различни политики (популизмот е премногу јак за да се развијат и етаблираат како такви).

дека **структуираната кампања да ја водат преку злоупотребите на власта** и овластувањата на сите инстанци – кои ги контролираат, а опозицијата преку користење недозволени средства во кампањата. Тоа значи дека власта ги инструментализира (преку акумулираните фискални пари – преку задоцнето трошење, односно преку правење долгови) министерствата, основните партиски организации, локалните самоуправи и фирмите во кои има клучно влијание, а пак опозицијата "своите" локални самоуправи и тела и фирми од нив формирани, деловни фирми… за водење структуирана кампања, во која се цели на посебни граѓански групи.

Како вид на **полуструктуирана целно – ориентирана кампања** може да се земат кампањите за земјоделците, пензионерите, новите гласачи, како и владините потези за зголемување плати на одреденени групи во "државна" служба и други видови користење на владината моќ[26] и моќта на локалните самоуправи[27] во цели на предизборната кампања.

Навистина, наместо да изберат легален пристап до видливите целни групи (Роми, вонстандардни субурбии, родители на училишна младина, лица со специјални потреби, граѓани со одземен имот, земјоделци, високошколска младина, мали и средни претпријатија, потрошувачи…), заедно со нив да работат

[26] Зголемување плати во културата, во образованието, на други категории вработени, нови партиски вработувања, државен откуп и делење на земјоделски производи, субвенции за земјоделците – надвор од владините одлуки и стратегии во земјоделието, делење државно земјиште, некритичко доделување социјална помош, разни видови материјална поддршка, делење пакети со социјална помош, К-15 во форма на прехрамбени производи… Злоупотребите на должностите и пропишаните методи на работа на разни владини тела во функција на парламентарните избори досега беше практика. Ефектите од тие злоупотреби беа катастрофални по нивото на демократија, но и по воведувањето на нерамноправност на пазарот со разно – разните откупи, простување на долгови од страна на јавните претпријатија, пробивање на буџети на разни институции и оставање големи долгови за идните владетели, катастрофални резултати во доменот на пробивање на деталните урбанистички планови, злоупотреба на јавни и државни површини и имот…

[27] И тука имаме серија класични злоупотреби на власта и непочитување на закони и процедури: "Дил" за асвалтирање на улици во замена за наклоност на одредени "маала", изградба на мостови, асвалтирање на приватни дворни места, популистички испади и трошење пари за разни споменици, паркови, толерирање на сива економија, пробивање на деталните урбанистички планови и "слепило" на локални служби, вработувања во и онака превработените јавни претпријатија, огромен број договори за привремени работи, менување систематизации…

на формирање на идни стратегии за решавање на конкретните проблеми…. партиите избраа оваа кампања да ја сместат во “сивата зона” на предизборието.

**Што се добива со овие насочени, структуирани кампањи?**

1. Меритокритичност на владеењето[28];
2. Партиципативно градење ресорни стратегии и политики[29];
3. Придонес кон дефинирање и партиципација на “средна класа” во планирањето, имплементацијата и владеењето[30];
4. Освежување на општественото внимание на споменатите начини, дава огромни придобивки за политичарите (секако и за граѓаните), а лесно се постигнува со вклучување на овие посебни групи, експерти, делови од упатената јавност, медиумите во “предизборно” ресорно

[28] Владеењето на една партија или коалиција ќе биде препознатливо и предвидливо за овие посебни целни групи, кои ќе гласаат во склад со своите интереси, а нивното остварување ќе го контролираат уште во предизборните понуди. Препознатливоста и предвидливоста е мошне силна алатка на развојот, посебно во делот на инвестициите и уште повеќе стимул на странскиот капитал, кој сака да ризикува, но ако има предвидливост на начинот на владеење и гаранции за подолготрајна одржливост на економските закони.

[29] Партиите однапред ќе ги познаваат проблемите на овие посебни целни групи, а пак посебните групи ќе знаат до каде “владата може да оди” со подобрувањето на условите за живот и работа на овие групи.

[30] Оваа класа, по теорија, им е потребна на врвните политичари, за да ги креираат вторите и третите “ешалони” на власта и “експертскиот ешалон за поддршка на владеењето”, која треба да биде директно одговорна за успехот или неуспех на една владеачка структура. Оваа структура, со своето учество во политиката, професионална работа на експертска материја од различни области и посветеност на моралот на средната класа, чесноста, работливоста, единствено е способна да ги одржува политичките гарнитури на власт подолго време, што е потребно во општествата во транзиција и пред кои стојат значајни развојни планови. Најчесто, тие не се членови на политички партии. Пополнувањето на работните места, на кои треба да бидат припадници на оваа класа, со партиски послушници е “мечкина услуга” за политичките партии. Од една страна, припадниците на оваа класа не им се политичка конкуренција на политичките гарнитури и можат најпосветено да ги вршат државните функции, а од друга страна придонесуваат за добриот имиџ на партијата. Сегашната практика на поставување на партиски послушници на споменатите (мошне чувствителни) работни места значи дека, во суштина, партиските врхушки ги поставуваат до себе оние - кои можат да ги сменат, да им подметнат, на кои не им одговара директно надредениот да добива политичка моќ, добар имиџ во јавноста, напредување во партиската структура. Политичарите си ги поставуваат своите конкуренти блиску до себе и така си го предизвикуваат сопствениот пад, што јасно иницира дека не може “владетелот” да процени дали има повеќе штета од опозицијата, бизнис олигархијата или од сопствените луѓе.

осмислување на идните владини чекори, кои ќе бидат напишани во предизборните програми. Успиената јавност не им е сојузник на политичарите, иако тие не мислат така.. Отупувањето на јавното внимание им користи на партиите, но само моментно, додека на долги патеки води до слаба поддршка на политичките, владините и институционални акции, разочараност, нихилизам, лесна поводливост во симплифицирани и вулгарни визии за општеството, ускратување на волонтерска и волонтерско – експертска помош… Сето тоа заедно ќе има за ефект слаба имплементација на владини мерки и ново незадоволство на гласачите. Сето тоа заедно значи - најмногу еден мандат!

5. Барем привид на грижа, ако не и грижа и вклученост на овие посебни групи во разговорите за иднината на земјата и заедничко планирање на ситуацијата на предметната група[31];
6. Развој на мини – лидерството[32];
7. Подобра внатрепартиска селекција на кадри[33];
8. Растеретување на врвните партиски кадри ;

---

[31] Смешни се сегашните партиски и владини обиди за пристап до посебните целни групи, зошто имаме класична митингашка поставеност на релација испраќач на пораки – реципиенти на пораки, во кои нема интеракција (освен онаа фингираната).

[32] Цената на “народните” барања да го видат лидерот (или највисоките лидери), веќе сега им го зема данокот на партиите преку недовербата во “лидерите од соседството” . “Лидерите” мора да дозволат и “мини – лидерство”, зошто тие не можат да постигнат да бидат присутни насекаде, а личностите од “пониските ешалони” не се институционализирани како лидери, па не се интересни за гласачите. Со посебните целни групи треба да разговараат ресорни експерти и тоа во “работна атмосфера”, во која мини лидерите – експерти треба демонстрираат посветеност и познавање на проблемите на целните групи. Ете и тука на партиите им фалат луѓе од средната класа, кои имаат и функции.

[33] Популизмот стимулира партиски личности со мошне скромни капацитети и од партиите прави кадровски, а не идеолошки групи. Ако од просечен партиски член ништо интелектуално не се бара, останува само надмудрувањето, расипаноста и негативната селекција. Ако таквите кадри се поставаат на работни места и функции, кои бараат експертски капацитет. таквиот вработен нема да може да одговори на барањата на работното место, но исто така тој и нема време да “си го работи” работното место: Во природата на политиката е постојаното напредување по пократкиот (изборен) пат. Тоа значи дека таквиот цело време работи за себе и своето напредување, наместо да биде “шраф” во структурата, која се нарекува власт .

9. Развој на интеракција, партиска дебата, идеи, “размрдување” на локалната бизнис заедница заради генерирање вработувања и постигнување чувство на инволвираност во работата на локалната заедница;
10. Постигнување лидерски односи на локално ниво[34];
11. Постигнување рамнотежа на власта и партиската поставеност помеѓу централно и локално ниво[35], постигнување состојба на партиски рејтинг[36], спрема тоа кој ги “носи” гласовите за една партија;
12. Развој на идеологија на проактивно планирање и активизам[37].

---

[34] Градоначалникот е сега единствен лидер, скоро во сите локални заедници. Партиските лидери на локално ниво го немаат тој толку потребен прерогатив. Прашањето на демократијата е прашање на лидерство, па не може да се постигне локален дијалог без вистински лидери, кои се залагаат за граѓански, а не само за партиски интереси. Само комуникацијата на структуиран начин, во кој локалниот лидер решава во име на партијата (што го декларира како носител на власт, а не само на позиција), кој делегира локални ресорни политичари – експерти за интеракција со посебните целни групи, “го подига” локалниот партиски лидер во креатор, а не само послушник на политики.

[35] Ако локалниот лидер “носи гласови”, тогаш тој може и да “котира” на централната партиска листа и да го добие заслуженото место – спрема тоа. Сега, лидерите на партиите не сакаат да разговараат за дистрибуција на моќта и сакаат да имаат сé во свои раце, па ги “уништуваат” можните локални лидери преку негативната партиска локална селекција.

[36] Засега никој не знае зошто мора локалниот партиски лидер да биде предложен за местото градоначалник (воспостановена практика). Оние градоначалници, кои се одржале повеќе од еден мандат: Сарај, Кавадарци, Велес… станале и “народни” лидери во вистински смисол на зборот и во тие општини имаме проактивност, мобилизација на локални ресурси, изградба, повисоко ниво на партиципација…

[37] Претераното мешање на центрите на партиите во локалната кадровска политика води до позиција на партиски клиентелизам и до поставување на личности, кои немаат капацитет да бидат лидери. Од своја страна тоа води до ефект локалната заедница да не ги сфаќа нив сериозно, па не верува во можноста од недиригиран локален развој, не верува во клучната улога на партиите во тој процес, отсуствува проактивно планирање, локален активизам, чувство на припадност и заеднички интереси и вредности на локалните заедници… Оние општини – кои имале среќа “на власт” да се протне способен лидер мошне бргу ќе напредуваат (што и сега се гледа).

## Студија на случај на мониторинг на предизборни партиски понуди

Еден пример на предизборен мониторинг на понудите на политичките партии, преку ТВ емисија, во која рамка беше популизмот и нереалните политички ветувања, но претходно учесниците (високи партиски претставници: г-ѓа Лилјана Поповска – ДОМ, Д-р Трајко Славески – ВМРО - ДПМНЕ, г. Јани Макрадули – СДСМ, г. Андреј Жерновски – ЛДП, г. Рафиз Алити – ДУИ, г. Имер Селмани – ДПА, г. Веле Митановски – НСДП, г. Коле Чашуле – ВМРО – НП) добија сетови со материјали и прашања, до кои (се разбира, ако сакаат) можат да се држат. Исто така и водителите на емисијата (г. Љубиша Николовски и г-ѓа Жаклина Величковска) претходно имаа сопствена припрема со тимот на МТВ, под раководство на Главниот уредник на информативни програми г-ѓа Ана Пановска и неколку мали работилници со АГТИС, каде се разговараше за самите прашања и како можеме да добиеме еден вид ветување од партиите дека нема да користат вулгарен популизам во предстојната предизборна кампања, но и што се смета за непопулистичка визија – посебно во економијата.

За да имаме подобар увид што не очекува при една таква емисија, за која одговорноста не може “да падне на другиот”, најпрво организиравме ТВ емисија “во живо” на “прилепската телевизија” (ЦПРТВ – ТВ Прилеп), каде гости ни беа Пратениците во Собрание на РМ: г. Благојче Гешоски – СДСМ, г. Сашо Богданоски – ДОМ, г. Блаже Стојаноски – ВМРО - НП и Советникот во Собрание на општина Прилеп г. Влатко Атанасоски од ВМРО – ДПМНЕ.

Претходно, до партиите беше испратен прашалник, во кој се третираа повеќе сектори, прашања за нивните идни визии, како да се избегне популистичка кампања и сл. Сето тоа заедно требаше да ја фокусира емисијата и да влијае врз идните политички програми.

### Клучни прашања испратени до гостите на ТВ емисиите

1. **Кој знае подобро: државата или поединецот[38],** или поинаку, дали мислите со високи даноци да прибирате пари, а потоа вие да ги инвестирате на некој начин, или тоа ќе му го препуштите на деловниот сектор и граѓаните. Значи: што мислите да направите со даночниот систем, дали ќе

[38] На овој начин, прашањето е поставувано многу пати во западните демократии, и веќе е стандард.

воведете поцврста контрола во трошењето државни пари, дали економијата ќе ја ослободите од стисокот на државата?

2. **Како ќе работите на создавање деловен амбиент?**
   Како ќе се справите со сивата економија (дали размислувате да ги јакнете инспекциските и репресивни структури, или ќе одите на снижување на стандардите за функционирање на економските субјекти, трошоците и "папирологијата", дали ќе прогласите "амнестија" за регистрирање на деловните субјекти…); Како ќе се справите со врвната сива економија, која е традиционална, поврзана со организираниот шверц, партиски и "етнички" односи; Дали ќе имате било каква толеранција кон сивата економија; Опишете го изгледот на "бруделовото даночно ѕвоно".

3. **Како ќе го ублажите проблемот со невработеноста**? Ве молиме да дадете индикатори на успехот на вашите тврдења и временски рамки, ценејќи го опкружувањето и условите. Од каде ќе најдете пари за тоа, како ќе обезбедите транспарентност во вработувањето за да нема партиски вработувања и партизација на институциите? Што мислите вработувањето да го оставите на деловниот сектор, преку ниски даноци?

4. **Што ќе направите во врска со корупцијата во државата**, на кој начин ќе знаеме дека тоа навистина сте го сториле. Што ќе направите со законската регулатива околу изборот на Јавен обвинител (дали ќе допуштите да има независен ЈО). Како ќе ги департизирате и ослободите од влијание институциите, кои треба да се борат против корупцијата. Како ќе допринесете судството да биде вистински сервис на државата во борба со корупцијата. Какви закони и со која содржина ќе донесете во врска со тоа?

5. **Дали постои превработеност во јавниот сектор?** Што ќе направите во врска со превработеноста во буџетските организации? Дали ќе отпуштате? Ако ДА, како ќе работите со парите, кои ќе останат вишок – заради помалите одделувања за плати.

## Зошто овие прашања?

**Првото прашање е суштина на генералната насока на државата.**

Во концептот на социјализмот не постоеше верба во човекот иако се говореше дека е тој богатството, "човек – како гордо звучи тоа". Капиталистичкиот начин и систем се базираат на единката, првенствено како стопанственик, кој може да предизвика промени и подобро утре.

А) Ако државата реши низ високи даноци да ги "собере" парите од стопанството за таа да ги инвестира, тоа се нарекува "лева ориентација на државата" и носи свои импликации:

1. Државата не верува дека поединецот може да биде успешен стопанственик;
2. Државата не верува дека стопанскиот раст можат да го предизвикаат приватниците;
3. Државата не е спремна да ја ослободи економијата од својата интервенција;
4. Државата не го прифаќа либералниот концепт на економијата и има планови за централна интервенција со некаква цел, која (би требало) ќе ја обзнани (забрзан раст, транзициски закони, развој на одредени сектори на сметка на други, зголемување на девизни резерви...);
5. Државата нема да дозволи закони за децентрализација на власта;
6. Други бројни последици.

Б) Ако државата реши низ ниски даноци да врати дел од парите во стопанството и со тоа да ги јакне материјално деловните субјекти, тогаш тој концепт може да поприми еден поширок дијапазон на можности, но како идеолошки беграунд може да се земе:

- Државата има доверба во водечката улога на приватниците во економијата;
- Таа нема да посега во домените на економијата, но ќе мора да развие транспарентен систем на пазарно работење ("фер утакмица");
- Таа ќе мора да развие ефикасно и непристрасно судство, кое мора да следи заради поддршка на пазарното стопанство;
- Таа ќе мора да го јакне концептот на компетиција и надвор од пазарот и во другите општествени системи;
- Таа ќе мора да развие ефикасен даночен систем и систем на контрола на финансиските токови;

- Државниот апарат ќе мора да го смали, барем во прво време, заради помалиот прилив на пари од даноци, па заради тоа ќе мора да се професионализира и цертифицира (проверка на способности);
- Децентрализацијата на власта и откажување од некои сектори се неминовност во тој концепт;
- Сите безбедносни структури ќе мора да ги професионализира;
- Други и бројни последици.

В) Третото прашање би требало да се поврзе со првото, но со посебен акцент на тоа дали државата ќе вработува или дали ќе створи услови за стопанствениците да вработуваат, мислење за јавни работи со цел – вработување, социјалната заштита за невработените, овбезбедување на рамноправност при вработувањето, оценка на способноста на кадрите и воведување нови начини за тоа, решавање на проблемот со неадекватни кадри во институциите, решавање на проблемите на неадекватна етничка застапеност во институциите во Западна Македонија, однос етничко – стручно.

Г) Четвртото прашање ја третира корупцијата кај нас, кои димензии ги има попримено, кои структури се носечки во тоа, како да се справиме со неа, дали постојат некорумпирани потисни механизми за тоа да се случи. Сепак, одговорите можат да бидат “лебдечки”, односно неповрзани со системските мерки во економијата или “системски”. Како системска, борбата против корупцијата може да поприми три вида: претежно репресивна, претежно регулативна или комбинирана. Секој вид борба против корупцијата е прикладен на одредена економска програма, односно генерална програмска насока (поединец – либерално стопанство – регулативна пазарна борба со корупцијата[39]; држава – државно – интервенционистичка, институционално регулирана економија – репресивни мерки[40] и јакнење на тела за репресија на корупција;

[39] Пазарот ќе ја демотивира корупцијата, а регулаторните механизми ќе бидат оставени (во голем дел) на приватниот сектор. Во ваков случај, потребно е јакнење на независни структури за проценка и експертиза, независни и ефикасни – пазарно регулирани стопански комори, слабеење на законската синдикална заштита, постигнување независноста на судството и јавното обвинителство, па и судиски избори и општи избори за јавен обвинител (како што се бира претседателот на државата)…

[40] Потребни би биле поголеми овластувања на полицијата, инспекциските служби, даночните служби, други тела за репресија на корупцијата… што од своја страна води до намалени граѓански слободи и до поголема државна контрола и интервенција.

комбинацијата на двата вида мерки е прикладна за балансирани економии, кои имаат постигнато висок степен на интеграција со државните приоритети и долгогодишен стабилен развој, со силен капацитет за имплементација на државни мерки и воспоставени практики на партиципаторно решавање на проблеми[41] – што кај нас не е случај…).

**Д)** И ова прашање е во врска со другите, односно со нивото на популизам, кој една партија мисли да го користи. Превработеноста со бескорисни партиски кадри на сите државни (дури и оние тела, кои треба да се непартиски и независни) институции е факт. Отпуштањето од работа мора да биде во врска со прашањето **од што државата ќе се откаже** (што ќе дерегулира, што ќе препушти на општините, што на стопанската регулација), што значи дека владата ќе мора да ги скрати своите надлежности во многу сектори, да ги "спушти" стандардите за работа[42], да "ја ослободи" економијата од својата интервенција во голема мерка, да го смали габаритот на законите и да препушти нешто и на "приватната регулација[43]". Потоа, од кои институции (низ целата држава) ќе мора да се откаже државата (на пример, Македонија има 54 национални установи од областа на културата, кои сé во суштина 115, ако се земе фактот дека едни "влегуваа" во други, за да се смали бројот на институции на "државни јасли", а да нема отпуштања), од кој

---

Тогаш, партијата – која тоа го поддржува, треба да одговори: Зошто би поддржувала такви мерки, кои досега не успеале и што е ново, за "старата шема" да не профункционира? Ако имаме партија која предлага фазно решавање, кога прво му дава предност на регулативната репресија на корупцијата, а потоа предлага на неа да се надоврзе и репресивната, тоа е друг случај и има логика.

[41] Акопартијата/говорникот избере да го стимулира овој пристап, одма се гледа дезорганизираноста на политичката партија и импровизацијата, зошто овој вид одговор на прашањето на корупцијата подразбира постоење на организационо и демократско ниво, кое ние – за жал, го немаме. Ако една влада – на наш терен, проба да имплементира ваков пристап, главни противници на телата за репресија и легислација ќе им станат баш овие – кои треба да бидат заштитени – стопанствениците.

[42] Што ако сега има високи стандарди, кога тие не се почитуваат, односно државата (УЈП, инспекции, царина, ЛС) ги притиска само оние – кои плаќаат данок и сакаат законски да работат, па нивното работење станува неможно и стопанствениците мораат своето работење да го "селат" во сивата зона на стопанисувањето.

[43] Сигурно ќе има и многу криминал, но сигурно тој нема да биде поголем од оној – на државните органи.

државен имот (да го трансферира на општините или да го продаде), од кои “државни акции” во фирми ќе се ослободи, од кои “агенции за ова и за она” (пример е НЕПА, која уништи пари – равно на ТАТ, ако не и повеќе). Ако заговара забрзан развој, влез на странски капитал, пазарно стопанство, а сака да ги остави сите “државни” вработени во служба (за да му се додворува на народот), тогаш е за нас НВО – ите јасно дека таа партија не мисли сериозно да прави реформи, па не мораме да се оптоваруваме со надежта дека ќе нé примат во Европа, НАТО… или дека ќе имаме подобар живот.

Иако подлежи на различни толкувања, оваа теориска шема треба да ги иницира партиите на размислување, но исто така и експертите и НВО – ите. Ако не друго, добро е што овие прашања се публикувани, предочени пред партиите и поставени во каузална врска. Самата партиска критика на оваа шема треба да разјасни разни многу нивни гледишта и да им послужи (оваа шема, или нивните реакции на оваа шема) за формирање генерални стратегии за владеење.

Методите на симулација на ефекти и студии на случај можат во голем дел да им помогнат на партиите, но и на институциите, експертите и НВО – ите да ја предвидат состојбата на различни целни групи во иднина (после имплементација на одредени политики или закони), па претходно со нив да разговараат за сето тоа, да бараат од нив соработка и солуции, да го напишат сето тоа во пригодни летоци, брошурки и да водат СТРУКТУИРАНА, ЦЕЛНО НАСОЧЕНА КАМПАЊА со посебни групи и да ја обогатат неструктуираната општа кампања. Попатно, партиите ќе добијат експерти и поддршка од одредени целни групи, па полесно ќе им оди владеењето.



*Пред емисијата*

**МТВ – Емисија Магазин 120**

**Александар Цветкоски**

## Политичка митологија

Овој напис се базира на трудови, кои ја третираат политиката и посебно нивните изборни програми, стратегии за настап, медиските стратегии… од аспект на бајките, односно како: **БАЈКИ ЗА ВОЗРАСНИ.**

**Појдовна идеја:** Да поставиме основна методологија: Политичките идеи - инкорпорирани во изборните програми, барем моментно, да ги сместиме блиску до приказните за деца, па да ги споредиме нивните сижејни основи, формата, мотивите и секако – актерите. Идејата, која на крајот ќе произлезе од оваа операција, ќе ни приближи во свеста, две референцијални рамки, кои не припаѓаат на иста категорија на реалноста, но механизмите и на едната и на другата се во врска. Со други зборови, логиката на овие две посебни реалности е митска и да не се́ сместени во посебни и јасно одделени категории на животот, односно, во две антиподни квазисуштини: Реална и иреална (сериозно и несериозно), тие би функционирале како **митски модел на општеството**, односно како **“приказни за деца и приказни за возрасни”.**

**Методолошка основа:** За да појдеме понатаму од почетната максима: **“бајки за деца и бајки за возрасни”,** мораме да поставиме некои методолошки рамки на излагањето и да примениме некои сериозни и докажани механизми на функционирањето на бајката во реалниот живот, па и во политиката.
Значи, тука говориме за **структура на бајката (бајковниот концепт и механизам).**

Не би постоела бајката, без реперните и сталните нејзини одредници, кои можат да се најдат на ниво на функционирањето и структурата, но и на ниво на **сиже**. Нејзини структурални елементи се:

1. “златното време”;
2. “нарушителот на состојбата златно време” (предизвикувач на штета);
3. штетата;

4. јунакот;
5. магиски помагач; магиско средство;
6. патување на јунакот;
7. борба, или надмудрување на јунакот и нарушувачот на идеалната состојба;
8. отклонување на штетата и враќање на првобитната состојба.

Ако се тежи кон сложена бајка, тогаш само е потребен нов предизвикувач на штета и нова штета, па бајката почнува наново[44]. Сепак ова мораме кратко да го појасниме. Бајката претпоставува една релативно стабилна и среќна првична ситуација, во "некое кралство", во некоја земја, или на некои простори (се нарекува: "во старо време", "во златно време", "кога господ шеташе по земја", "кога сите среќно си живееле" и сл). Во тоа среќно кралство настануваат промени кои го реметат мирот и стабилноста, а во бајките секоја промена мора да биде персонализирана во нарушителот на првичниот мир – "предизвикувачот на штета" (ламја, чума, лоша кралица, Шерифот од Нотингем, мечка, волк, разни узурпатори на власта, поробувачки крал, или војсководец, вештица, маштеа, чудовишта, или предизвикувач на штета од незнаење, или невнимание кој прекршува некое табу, или божја заповед, со што, по автоматизам, почнува промената) и со тоа настанува конкретна штета (грабнување на принцезата, заминувањето на кралот во војна и влошување на состојбата, пресушување на изворите, ропство, преженување на таткото, пропаднатa жетва, болест, скаменување и сл.) по целата заедница. Идеалниот, првичен ред, во некои приказни може да се насети од сижето, иако не е експлицитно дефиниран, а тој ред може да биде и чисто семеен, а понекогаш бара и етно – експликација[45]. Така, се појавува јунакот на приказната (најчесто е тоа момче за женење, од скромно семејство, па дури и со варијанта подоцна да се увиди дека е тој принц, може да биде и убаво девојче, принцеза, човек со натприродни способности, змевче, праведен крадец и сл.), кој мора, прво, да појде на пат (штетникот никогаш не е близу до локацијата на

[44] Владимир Проп, Морфологија на бајката, Повеќе автори од "митолошка школа".

[45] Црвенкапа нарушува едно табу – табуто за движење низ шума, или опасни места, а за тоа е таа и самата свесна, затоа што носи црвена капа – апотропејска - мимикриска заштита од демони. Во различни приказни од цел свет, понекогаш е ликот на Црвенкапа заменет со момче кое оди низ шумата, но во сите случаи, сеприсутен елемент е црвената капа.

јунакот – во географски, или во социјален поглед). По патот тој прави добри дела, има некои борби, во кои тој се покажува хуман и подобен, одговара на прашања, или други предизвици (еден вид проверка на способностите), а за возврат добива магиски пријател (човек, демон, животно, или друго суштество), магиско средство (волшебен меч, копје, ефикасен превоз, перце од орел, отров, поука, или во доста случаи тоа е совет како да стигне до "нарушителот" и како да се справи со него, па дури и разни мудри одговори на загатки и сл.), или и двете.  На крајот, тој стигнува до домот (шума, пештера, дворец, врв на планина, дворец опкружен со трновити ружи и вегетација, куќата на бабата...) на нарушителот, го победува, или надмудрува, ја отстранува штетата, или создава услови за тоа и се враќа во местото во кое е штетата настаната и ја воспоставува првичната идила, но со една разлика: **херојот стапува на власт**, макар и во една "половина од кралството", или има други огромни погодности и награда. Обично е наградата непропорционално голема, ако се земат заслугите во обзир, или големината на самата штета.

Фактот што и децата знаат дека приказните не се вистините, не им смета да уживаат во нив и да ги применуваат во практика – како да се вистинити. Мотивите на приказните се чисти, правдата победува, а формата е секогаш питка[46].

Дека реалноста не кореспондира со поредокот и настаните од приказните, на децата им е небитно, а единствено им е важно што таа го развеселува нивниот емотивен код и им создава интерес. Значи, слободно можеме да говориме за една "интелектуална дистанца" кај децата – слична на онаа на возрасните.

### Примена на бајковниот модел во политиката

Сега, со истиот модел во кој размислуваме, ќе направиме еден обид, правилата и механизмите на бајката да ги примениме на програмите на партиите и нивното делување, кои се етаблирани и наизглед, добро познати.

---

[46] овде не би говореле за архитипската кодираност на приказната, која носи порака и  подсвесно се усвојува и баш затоа е "питка". Само би додале една констатација која е усвоена во научниот свет, а тоа е дека нашата свест го слуша текстот, односно сижето, додека нашата подсвест ја "фаќа" и ја раскодира пораката, затоа што таа е на истиот начин и кодирана.

## Анализа на бајковните елементи

**I.**

**Митското време,** или она што е во бајките претставено како “идилично”, може лесно да се изведе со материјално разгледување на програмите.

Така, секогаш се тврди дека некогаш, пред владеењето на последната власт, или пред почетокот на сериите владееља од страна на некого, или некои, постоело едно релативно среќно време, кое е нарушено токму со тоа владеење. Ова функционира во светот, но кај нас митското идилично време (“македонското митско идилично време”) се идентификува со “компактното етничко тело”, пред балканските војни, односно во време на турското владеење, кај некои со “силната Македонија” во силната држава, кај трети “периодот кога бевме заедно со Русите”, периодот пред “словенската наезда”, периодот “пред Турците”, “српската држава”, Југославија….

Ова тело, во тоа време, се разгледува како еден вид потенцијал (аморфна маса во сите погледи, освен во етничкиот), кој, правилно вообличен би го дал тоа македонско идилично време (“среќното кралство”), односно “македонска идилична држава”. Значи, во свеста на Македонците, големото етничко тело, пред почетокот на случувањата во овој век е факт, кој не треба да се докажува, ниту се помислува на фактот дека таа Македонија е легитимен дел од турската Империја.

Значи: Непостоечката Македонија, во “турското”, по етничкиот критериум, се прогласува за митски потенцијал на “македонското идилично време”. Истото ова идиличо време го имаат и сите други народи, а на некои групи и народи, за оваа цел им служат и некои историски моменти, меѓународни конференции и нивните одлуки и што уште не.

Проби за спуштање на идиличното време пред доаѓањето на Турците има, во кое идиличната состојба е идентификувана со српската држава, државата на Скендербег, Византија, времето на македонската држава, со Александар, предалександриските македонски владари, “времето” на Илирите, Римјаните, уште постар период, во кој, од нас настанеле Грците или Русите (одавде тргнале Македонците и ја населиле денешна Русија)…

И Албанците и другите малцинства кај нас го имаат своето идилично митско време, но тоа е различно – базирано на историски настани, "факти", старост на етносот на овие простори, етничка компактност – пред "разбивањето" на помали ентитети… Главно, **едните за другите сме "разбивачи на компактното етничко тело на другите"**, односно "вмешатели" во историјата на другиот (расипувачи на идеалното предвреме или нанесувачи на штета).

Кога ова "се знае", не е нималку тешко да се пристапи кон следниот степен на операционализација на митското идеално време. За тоа се потребни неколку полуписмени политичари, полуучени (и редовно непризнати од владеачката структура) историчари, етнолози, антрополози и доволно гладни, сиромашни и изиграни, за сето тоа да го впијат и да веруваат во тоа.

**I I.**

**Нарушителите** на идиличната состојба нам не ни фалат. Толку ги има многу што е тешко и да се набројат. Нарушителите и "кочничарите" на споменатиот етнички потенцијал, разбран како "идила" се импутира во другите етноси, во личности и именувани сили, држави, во кодоши и душмани, само не во нас самите.

Основно е дека **едните – за другите функционираме како нарушители,** но исто така тие ги наоѓаме и во странски соседни држави, големите сили, православието и исламот, "Турците", заверите од секаков вид. Неможноста да објасниме како тоа некој нарушил нешто непостоечко (барем неосвестено) нарушил, ја премостуваме со операционализацијата на "тежненијата" на странските држави, иноверните и иноетничките преку наши домашни издајници, кои потпаднеле под влијание, се продале за пари, за власт, за "убавата Петкана…"

Теориите на завера овде се мошне присутни со самиот факт што постојат историски настани, кои можат да бидат (и сé) толкувани мошне произволно, политички инструментализирани.

Македонија го има проклетството на прескокнати фази во сите области. Правдањето на нелогичниот развој дава специфичен контекст во кој разни актери произведуваат непријатели, завереници, издајници во сопствените редови, неможности од географското и геостратегиско опкружување... Тоа е мошне плодна почва за претворање на политичкиот во бајковно – политички концепт.

Секоја тоталитарна власт ја има бајката за сојузник. Типот на водачи, кои ние сме ги добивале, се од типот “поправачи на нарушено идеално време” (дошле на власт на крајот на приказната) и кај просечната популација нема сомнеж во неговото право на власт. Впрочем, повикувањето на грешките на претходниот владар (политичкиот противник), кои оваа власт морала да ги поправи за време на својот мандат е главна методологија за изборите. Прва помошна методологија е повикувањето на гласачите да “не паѓаат” на ветувањата на “лажниот јунак”, кој има за цел да ја уништи оваа држава, па ако дојде на власт ќе биде…

Во современите изборни процеси како нарушители се споменуваат и недомашните фактори – претежно “западњаците” и комшиите. Тоа е одлична методологија за нас во Македонија, зошто не амнестира од сопствениот примитивизам, но има и друга погубна димензија во процесот на осознавање колку многу не знаеме. Основниот постулат на примитивизмот гласи: Многу знаеме, многу можеме, но не нé сакаат. Со тоа е блокирана општествената енергија, која би водела до промени, кои започнуваат со самопризнание за неснаодувањето и неумеењето. Тоа го нуди рајот за бајковната политика, која ги храни нашите примитивизми од сите видови, но најмногу оној дека штетата не настанува од нашето неумеење[47] и незнаење, туку од “другите”, па кои и да се тие.

Тие се едни од арсеналот на “нарушители”.

**I I I.**

Самата **штета** е и евидентна и релативна. За некои, таа се состои во сведувањето на Македонија само на овој вардарски дел, за некои други таа е во одродувачката политика на федерална Македонија и Југославија, за трети е пресуден одливот на делови од нашето етничко тело во странство, па може да биде во прашање и неостварениот развој, комунистичкото минато, одделувањето од бугарските, српските,

[47] Во периодот од 1982 година, па до денес во цела бивша Југославија циркулираа современи легенди за неостварен туристички развој, неостварен индустриски развој, нови видови завери против благосостојбата на Југославија и Македонија. Основа на сите тие беше “зависта на странците кон нашиот начин на живот”, “Стравот дека, ако инвестираат кај нас, ние ќе станеме индустриска сила, заради нашата природна интелигенција и способности”…

косовските, југословенските и пансловенските “**корени”**, подемократените комунисти, шпиуни (бивши и сегашни)… Кој што го чул повикот за освојувањето на Солун, “најголемиот македонски град”, нему не треба да му ја објаснувам за митските конотации на замислениот ред од точката 2. на овој напис. Никому при ова не му е важно што е тоа меѓународна политика, интересни сфери, сила и воена сила, меѓународно право (и како тоа функционира), актуелен момент, време на формирање на етничкиот идентитет, бројност, развиеност, наука, култура, природни ресурси . . . просто, сите се повикуваат на правда и неправда, како да се тие врвен механизам на дејствување на светскиот поредок.

Во текот на 2004 година АГТИС реализира една игровна активност (скрининг), во која на третираната група (7 одбрани личности, од кои 3 беа препознатливи локални македонски националисти) им беше дадена задача да научат по 9 клучни реченици (напишани на картони) за секоја етничка група или барем група – која пледира на независност (сецесија), во еден европски регион (не така голем регион), а после тоа на една карта на тој регион (регионот се состои од погранични делови од неколку држави) да ги поделат групите “правично” по етнички, државотворни, историски и конфесионални линии. Секој од испитаниците имаше задача да биде застапник на интересите на една таква етничко – конфесионално – историска група и “да се пазари” со другите за територија, но и да употребува “војска” (пулови, од кои секој претставуваше по 1000 војници) прикладно, како дел од “дипломатските” ангажмани. Да скратиме, заклучокот од нашата “ментална гимнастика”, после фазата, каде секој завојува со секого, под најраскошни комбинации, коалицирања, “неверства”… беше дека границите се поставени да не може да биде подобро, зошто сето друго води до “арчење на пулови” и дека што еден “слабо прилагоден” може да расипе, сто паметни не можат да поправат. Да напоменеме: “Играчите” не беа емотивно врзани со тие етноси и територии!!!

Значи, ако се тргнеше по критериуми како што се - “правда”, да се пробаше критериумот да се инсталира како владеечки императив и да се проба да се решаваа “позитивно” правата на сите народи во светот, еден по еден, тогаш на оваа земја ќе имаше 10000 држави, а нам ќе ни дојдеше редот “за третман” некаде околу 2.500 година, нормално, со територијални загуби на наша штета.

Самата штета, која настанала со делувањето на “нарушителот”, кај нас се протега во неколку реални, ирелевантни и бајковни развои. Главно, она што е присутно во политичките говори и мислења (кои

се во процес на комплетирање, но и во фаза на компетиција, дефрагментирање, рекомбинација…) индицира на актуелни и историски трендови.

- “Губитокот” на пиринскиот и егејскиот дел на Македонија
- Рамковниот договор и “штетата” за Македонија (Идеална состојба – унитарна Македонија, со предоминација на македонскот народ; Нарушител – Албанците, албанската мафија, “меѓународната заедница”, “Америка”, НАТО, “Европа”…; Настаната штета – иселување на Македонци, Срби… од ареалите каде живееле; ширење на исламот; припрема за поделба на Македонија…)
- Губење на “античките основи на македонскиот народ”
- Девастирање на идејата за “Голема Албанија”, со кооперација на албанските партии во власта и напуштање на идејата на оружана борба на албанскиот народ…
- Заверите против српскиот народ (многу подваријанти)
- Девастирање на “традиционалниот” начин на живот на Албанците, заради погрешната политика
- Губиток на верата…
- Во поново време: социјално раслојување, осиромашување, невработеноста.. како последица од криминалот, корупцијата (причинители на штета – другите партии, “странците, кои тоа им го дозволиле”…)
- Неостварениот економски развој (виновни се странците, кои не инвестираат во Македонија, судиите, Албанците, кои секој момент ќе дигнат ново востание, “продадените воени структури на Македонија”….)

Едно е основно: Никој не ја третира настанатата штета во рамките на нашите неможности, незнаење, криминализираност… Со тоа, штетата нема врска со нас, туку со нашите душмани.

Сето ова го користи политиката во изобилие, за да ја пертурбира настанатата “штета” каде им одговара (таа е секаде и никаде – таа е етрична) и да ја поврзува со другите партии, странците, комунизмот, демократијата, распадот на Југославија. Тоа се прави на начин што се говори дека ние сме многу надарен, учен, способен народ (секој за својот етнос), но не сме способност да одбереме вистинска политичка опција.

Штетата не се опишува, па нема потреба ниту да се предлагаат решенија. Кога е штетата (сегашната “етерично” лоша состојба) бајковна и предложените решенија ќе им бидат бајковни[48].

Сегашната “штета”, со “невлегувањето во Европа” одлично ќе им погодува на политичките партии пак да окриват некој друг, по правило политичките противници, но и “расипаните евроструктури”, албанското лоби во Европа, НАТОВ – ци со своите геостратегиски игри…

Кому тогаш ќе можеме да му објасниме дека се потребни реформи, нивно забрзување, способни луѓе тоа да го направат и дека тоа ни е сигурен “билет” за влез во ЕУ.

**IV.**

**Јунакот** – поправач на штетата: оваа е најтешката точка и суштина на проблемот со политичката бајка. Имено, “кој ќе се **јунак** пронајде”?

Од супстанцијалноста на јунакот (предложени партиски јунаци), неговите погледи, кој му дава пари за кампањите и функционирањето, кој му е политички противник и за што тој се залага и од смислената стратегија “што проаѓа кај народот”, ќе зависи и одбраната теза кое е “златното време”, кој е “нарушителот на идилата”, а се разбира, јунакот е водачот на партијата и партискиот врв, сами тие, или во име на некого.

Во суштина, бајката ја смислуваат тие, или се тоа платени штабови, кои за нивни потреби и пари смислуваат “изборен трик”. При сето тоа, свеста на креаторите на “приказната” е митска, односно секој припадник на одреден народ размислува во моделите на својата култура и средина во која живее, па усвоениот архитип, формата и содржината на идеите (за кои мислат дека се страшно современи и актуелни), со самата нивна социјализација ќе ги обојат нивните напори битно – митски.

Во овој концепт “тоталниот маркетинг” не може да допре, зошто премисите на бајковниот концепт се митски, а на осмислениот маркетинг – рационални и целни. Понекогаш и предизборниот маркетинг

---

[48] Како во бајка ќе произведуваат работни места, ќе даваат повеќе и поголема социјална помош, ќе градат секаде и се… Тоа е основата на нереален лек за нереална штета: Исто како кај шаманите во Африка и домородците во Латинска Америка.

формира или поддржува бајковни концепти и тоа е потполно во склад со основната максима на политичкиот и предизборниот маркетинг: Како и кај секој маркетинг, потребно е да се произведе она што го бара пазарот. Ако пазарот бара економски напредок и вработувања, доволно е да се стави тоа на крајот од приказната, да се најде “нарушителот” на времето кога сите беа вработени (се разбира – политичките противници), па да тргне бајката по својот тек.

Исклучок од ова правило се странските штабови, кои го протежираат својот архитип на нашата ситуација (тие што не живееле кај нас и пренесуваат искуства од своите земји), па обично, тие идеи ни изгледаат некако “странски”, современо и пософистицираните напори за “политиката како стока”, која треба да се продаде, е без поцврста поддршка и исходиште во масите.

И да не е сето ова токму така,  свеста на масата (избирачите) функционира спрема митските механизми и секоја политичка информација мора да се сведе во референцијалните рамки на личното искуството кое е секогаш традиционално воцирано, антагонистички – биполарно (добро – лошо, светло – темно, свето – профано, наше – нивно, народно – ненародно, ангел – ѕвер, автохтоно – странско, македонско – бугарско, македонско – српско, руско – američко, жртва – егзекутор, комита – кодош . . . и нивни комбинации) и маргинализирано. Без ова, “обичната народска душа” не би можела морално да се ориентира. Или со други зборови: И божјата вистина мора да се операционализира со помош на емоции, гатанки, поговорки, димензии, број, род.. а камоли политичката.

Следува второто ниво, или процес на самообјаснување на комбинациите на бинарни опозиции[49] и формирање логичките следови, кои треба да прераснат во кохерентна приказна, со што се предизвикува третата ментална (пак базирана на механизмот на предмисловните процеси) операција: митологизацијата. На тој начин се добиваат неколкуте стојалишта:

- јунак со својата војска (јунакот не може да има или да биде дел од група, туку мора да “има” војска[50]).

[49] без некое одредено и големо место за нијанси

[50] Не постои предментална категорија, односно бинарна опозиција “Група” – “Личност”, зошто како архитип се јавува само роднинска група (племе, род, крв), ниту категорија “интелектуална моќ” – постои категорија “војска”. “Војската” има задача да го освои местото – каде е роден јунакот и каде тој не бил признат (“никој не може да биде пророк во сопственото место”, освен со сила).

- лажен јунак, или јунак – издајник, подметнат јунак (обично е тој во врска со причинителот на штетата)
- неприфаќање на понудените јунаци и чекање на својот, во иднината[51]
- избор на “јунак на хаосот[52]” , или човек кој ќе помогне да дојде хаосот (потопот, божјиот меч, огин, војна[53]). Изборот на овој тип антихерој е најприсутен во земјите со неуспешни стопанства, во транзиционите земји, каде падот на моралот, криминогеноста и антисоцијалното однесување се доволен доказ за погрешната насока, па стремежњето кон хаосот е најјако во тие земји, кои и произлегле од некојси хаос (војна) во минатото. Истиот комплекс на мислења во одредена мера е присутен и во земјите со пребрз општествен и технолошки раст, кој ги маргинализира оние што не го следат и каде тој поприма форма на психички оболувања на поединци, формирање и учествување во ултраекстремни организации, верски организации кои го чекаат потопот и кои имаат “чист” антихерој за бог[54]...
- Избор на месијански лидер

---

[51] неизлегување на гласање, пишување пораки на изборното ливче. .

[52] Ова е форма на интернизација и персонализација на личното незадоволство со замислениот, посакуван тип антихерој, кој ќе отвори пат за создавање “од нула”. Ова е и во врска со неразбирањето на еволуцијата на системот, а секако е многу полесно да се разбере револуцијата. Овој принцип ќе го пронајдеме во сите религии и во митовите за потеклото, а особено е потенциран на премините од еден, во друг век, или милениум. На крајот, хаосот е темелна архитипска категорија на **новото**, на казнувањето на гревовите, понекогаш е чисто механички принцип, по аналогија со новото создавање во природата (палење на растенијата, за поголема плодност во иднина) и социјален седатив на неуспешните и незадоволните.

[53] Кај најниските слоеви често слушаме: “Море само нека има војна, па ќе видите”.

[54] Овој принцип се состои од неколку митологеми (митовите се создадени од митологеми): неколку ориентациони архитипови се поврзуваат и творат одредена комбинација, па добиваме: Концептот за “хобо” единката, концептот за исселување на непризнатиот поединец, кој е “неплеменит” и кој еден ден со војска се враќа да го освои местото каде што се родил; митологемата за прием на странци во родот; демонско копиле родено заради гостинската обљуба, комбинирано со митологема каде господ или ѓаволот патуваат по земјата во лик на странец; митовите за копилето, кое го освојува престолот; библиската легенда за бркање на ѓаволот од редот на ангелите; митскиот механизам за сеновитост; продавање на душата…

- Избор на лидер на казнувањето[55]
- Избор на лидер - чувар на родот[56]
- Избор на "лидер – копиле[57]", кој треба да го замени актуелниот лидер и неговата инсталација на моќ, кои се наносители на штетата.
- Новооткриен јунак, кој одамна го започнал своето бајковно дејствие, односно, тој е јунак, кој бил непознат за народот, додека патувал "низ 9 планини и мориња" и трагал по причинителот на штетата и сега (за време на изборите), тој докажува дека има магична помош (божја – понекогаш), го нашол и дошол да го убие причинителот на штета и да го воспостави "првичниот ред". Можно е тој прво да бил познат, но да бил крстен како лажен јунак и сé досега, тој се докажувал дека е тој всушност вистинскиот божји избраник, преку своето магично средство[58].
- Други варијанти и комбинации на елементи.

**V.**

Во политичкиот жаргон, она што би се нарекло **магиско средство**, или помагач, не може имплицитно да се детектира. Во основа на овие механизми од приказните се верувањата дека подвигот,

---

[55] Тој треба да ги казни "квислинзите" или помошниците на наносителот на штета

[56] Во врска со заштитата на етничките малцинста. Овие најчесто се раѓаат после оружени судири и стануваат "татковци" на нацијата

[57] Копилињата се сметале како избор на фортуната, со извонредно голема мудрост и интелектуална сила, кој се спротивставува на воспоставениот ред, кој е "дете на судбината"… Тие треба да ја заменат старата династија и да воспостават нова – по крв. Големиот број митови за принцези, кои не можат да имаат деца, па наоѓаат новороденче во кошара, на палмин лист, во својата градина, пред портата... се во врска со вакви митологеми. Основно е дека тие мораат да бидат витешки настроени и да им се спротивстават на силните – во име на слабите. И ден денес луѓето, кога се фалат за некоја сопствена мудрост велат: "Море, копиле сум и јас". Такви типови на лидери ние имавме во текот на нашата кратка историја. Во бившата наша држава и Јосип Броз беше лидер од тој вид, барем во фазата кога тој се институционализираше по војната.

[58] Магиското средство можат да бидат некои небулозни ставки во политичката програма, како милијарди долари, кмерско менување на персонал, бесцарински зони, странски капитал…

јунакот не може да го изведе без “onострана” помош, односно дека судбината на луѓето не зависи од нас самите, туку дека е тоа божја волја. Магискиот помагач, во крајна инстанца, е согласност на богот (на онострaната сила) нештото да се изведе, да се поправи штетата, но и повеќе: со тоа се заклучува дека нарушувањето на идеалниот ред е акт и против бога, кој тој ред го создал. Со тоа доаѓаме до еден парадокс, дека богот сам не делува, иако е семоќен, но тоа го прави негов избраник, во негово име и со негова помош, односно, се доаѓа до констатацијата дека јунакот од приказната е божја творба - чувар на идеалниот ред, а самото нарушување на идеалната состојба, е само тест за јунакот и за оние со кои тој ќе владее. Значи: избраниот не може да биде со земско потекло, или најмногу што може да се дозволи, тој мора да е негов вонбрачен син, односно “копиле”, со некоја земна жена. За ова имаме богата потврда во митологијата, каде боговите, во разни форми (златен дожд, бик, лебед, гром, “нагаз”, свет дух..), заведувале земски жени и со нив имале деца. Тоа важи и за потеклото на античките и предантичките херои, а дури и многу владарски лози, во римско време, своето потекло го влечеле, токму од таков акт.

Значи: изборот на јунакот и сигурното решавање на проблемот не се спорни – тие се надвор од нашата моќ, а потврда за тоа е фактот што јунак ќе има во секој случај и тој секако ќе победи.

Во комплексот дејствија за време на политичките избори, секогаш постои верување во исправноста на својот избор, односно постои вера во правилноста на изборот, која не е нималку рационална. Многу е индикативно тоа што партиските активисти (настрана себичниот мотивот за личната корист) и самиот електорат не сакаат да ги земат како битни некои факти од биографиите на кандидатите, кои, во нормални услови, би биле пресудни за формирањето мислење за некоја друга личност[59]. Верата во сопствениот избор е непропорционално голема, со вистинските капацитети и можности на одредена групација и нивните кандидати. Тука е пресудно чувството за “нарушената идеална општествена состојба” и за новиот лидер, кој сигурно ќе го поврати првобитниот ред. Во стратегијата на политичките партии тоа многу се користи, дури и ако се нема сознанија од областа која што ја обработуваме. Битно во нивните стратегии е тоа вештачки да се поларизираат  нивните програми, да се создаде еден привид на коренита различност, тој

---

[59] Премиери без работно искуство, министри без искуство и со “погрешна струка”, врвни партиски личности, кои имале работа и со судот, познати деловни хоштаплери, врвни функционери во социјализмот, а сега врвни демократи, па дури и со либерални размислувања, извикани и “прочитани” личности…

капитал да се обремени со негативно значење, а со тоа и противничкиот кандидат. Со тоа се постигнува привид на нагласена нарушена состојба (состојбата е секогаш нарушена) и следи вклучувањето на митскиот начин на размислување. Резулататот се состои во тоа, да се поклони верба во кандидатот кој е позитивен на сите тие оски, односно тој подсвесно да се идентификува како јунакот, кој го има магискиот помагач - **божјата милост и согласност да менува.** Во тој контекст, една од најупотребуваните максими во политичките избори е баш тој повик на промени во име на нарушената состојба. Така промените, во свеста на народот се детектираат како "враќање на старото", враќање на идеалниот бивши поредок, значи - нужно ретроградни.

Магиските средства можат да бидат само нереални, но и некои реални средства се третираат преку митскиот механизам.

Таков е примерот со "Програмата на партијата". Тој технички, празен и популистички акт понекогаш се прогласува за основна методологија за "поправање на штетата". "Програмата" функционира автоматски – како што функционира магијата[60]! При тоа не се битни (нив не ги споменуваат) најважните претпоставки за (барем делумен) успех на една програма, како што се достапните кадри, организациско ниво и институционален капацитет, политичка волја, умешност, меѓународно опкружување, статус – кво фактори, потребното време за законска припрема на барањата на програмата... Така, програмата, која треба да е рационален акт и не само заради нереалните ветувања (ако партијата решила да стави акцент на партиската програма – како главно предизборно средство), добива ирационални обележја. Успехот на користениот партиски популизам е можен само во услови на верба. Вербата може да биде зајакната само ако се дадат иреални конотации на значењето на еден таков акт, како што имавме во минатото со "потпишување договори со народот", кој функционираше како магиски механизам на директна релација и автоматско исполнување помеѓу потребите и нивното исполнување.

Ораторските способности и настапи на лидерите исто така се третираат во тој контекст[61].

---

[60] Ако направам ова – автоматски следува тоа…

[61] Бог говори низ избраникот, но и други митолошки целини како што се "надсвирувањето на ќемане на музичарот (копилето) и ѓаволот, надмудрувањето на Итер Пејо и ѓаволот…

Како магиски помагачи се јавуваат и ЕУ, НАТО, ММФ, други меѓународни институции, слободните економски зони, а понекогаш и странските инвестиции...

**VI.**

**Патување на главниот јунак** не е најбитен момент на нашиот осврт, но би требало да напоменеме дека самите патувања на јунаците во бајките, со цел да се отклони штетата има заеднички елемент со сегашните патувања на лидерите и "свитата" по населените места. Патувањата се со цел да се отклони штетата, а самиот проблем никогаш не се лоцира близу дворецот од јунакот, туку тој мора да патува на друго место каде живее штетникот.

Ова говори за еден друг проблем: Штетата ја предизвикуваат странци. И во случај на политичката бајка ова се користи обилно, па се подразбира дека политичарот дошол на местото каде живее штетникот, (самите македонски проблеми се решаваат на патувањата на власта во странство - самити, конференции, на билатерални средби и сл.) односно на местото каде што се поправа штетата (местата каде што има пропаднати фабрики, актуелни проблеми и сл.).

**VII.**

На крајот од патувањето следува **борбата со штетникот**, **или негово надмудрување**.

Не е тешко да се насети дека борбата започнува со предизвик, односно понуда за доброволно повлекување на предизвикувачот на штетата – во име на првичниот ред или заради божјата волја.

После тоа следи избор на стратегија за борба, која мора на предизвикувачот да му даде предност, зошто тој е "во напад". Често е тоа магиското средство, а уште почесто мотивираноста на правичниот.

Во програмите на политичките партии секогаш се најавува тоа "магично средство" со помош на кое ќе биде победен нарушувачот на идеалниот ред. Најсилните "магиски средства" на партиите доаѓаат од страна или (ако се домашни средства) е тоа поинаквиот морал, поинаквиот стил,

**VIII.**

Кога е нарушувачот победен, следува фаза на отклонување на штетата и **враќање на првобитната состојба** ("првобитна, но поправена состојба"). Тоа се случува со победата на изборите.

Во врска со континуитетот на “ритуалното расположение” во постизборието можеме да кажеме дека тоа не трае долго. Во тој контекст можеме да ги разгледаме изборите од гледна точка на “обредот на премин” (Rite de pasage) и јасно се гледа дека партиските врхушки, кои победиле на изборите се стремат да го прекинат тоа “ритуално расположение” со предочување на чистата политичка прагма на партиско екипирање на органите на власта, додека новата опозиција секогаш има на ум да го продолжи ритуалното расположение, со продолжување на бајката со внесување нов “нарушител”, за бајката да почне наново.

Понекогаш, некои бајки никогаш не завршуваат (Претседатели – граѓани, нелегитимна власт...). Во суштина, враќање во “златното време” не може да има, па просторот за бајките е повторно отворен.

## Новиот, рехабилитиран или - профан мит или Освета на митологијата преку политиката

Хоркхајмер и Адорно го вовеле поимот "дијалектика на просветителството" за да ја објаснат појавата на нови митови и деструктивни идеологии. Така, секој дел од стварноста е подложен на механизмите на митското. Старите митови, кои се избркани од реалниот живот, умирајќи, го оставиле во контактниот простор она што е вечно и непроменливо: **механизмот на митот**, оној човечко – анимален изум, кој застанал на местото од чистиот инстикт и кој си нашол материја за уредување во новото опкружување. **Тоа е големиот пораз на рационалноста.** Митот кој е рехабилитиран со овој пораз е профаниот мит во кој, слично на ***анимизмот кој ги одуховил предметите, овој ги опредметил душите***. Ова е “освета на митологијата” кон општеството, кое сакаше да “ги укине” празноверијата и верувањето.

Зошто не требаше и сеуште не треба да се чепка во човековите верувања? Просто! Митот не е приказна. **Митот е света приказна и не е можно емотивно да се ориентираме без него. Ако го нема – ние одма ќе го создадеме**. Во дамнешно време, целиот живот на заедницата бил санкциониран низ митовите, кои биле правна регулатива на општеството, го одредувале типот на семејството, пристапот кон земјата, моралната структура, начините на лекување и лековитите средства, начинот на работа, структурата на власта, правата и должностите на секој поединец, системот на улоги, односите помеѓу половите, војната и мирот, односно целокупното општество дишело со тие усмени придобивки на “пресната” култура, која

дошла на местото на хордата и инстиктот. За да се почитуваат тие регули, **морале да бидат свети** и да не остават место за интерпретации и лични интереси. Рационалната и митолошката свест се заедно формирани и функционираат нераскинливо. Така, во наизглед безопасна приказна, со која се успива едно дете, него му се вградуваат морални ставови, правци на пожелно делување, врски помеѓу поими, кои логично не се во некоја врска, но и модуси кои задираат дури и во целокупното општествено уредување, односот кон странците, семејството, кон спротивниот пол, кон иноверниците, другите етнички групи, па и кон животните. Понатаму, со приказните се пренесува и начинот на функционирање на нештата (на пример, дека проблемите не можат да се решат без интервенција на некое надприродно суштество, магично средство, или помагач; дека среќата е работа на бога, а не на човекот; дека со прекршување на табуто, или некои други регули, автоматски се иницираат несаканите последици и суштества; дека разрешувањето на проблемот е секогаш некаде далеку - зад девет мориња и планини; дека богатството се стекнува со подвизи, а не со работа; дека за гревот на родителите страдаат децата...). Тие приказни ги дефинираат приоритетите на заедницата, како материјалните, така и духовните, се дефинира општото и единечното. Ова е основа на синтагматскиот синџир, кој детето подсвесно ќе го усвои како црно - бела пожелна константа, па на тој начин ќе делува на основите на личноста, неговите желби, мотиви, идентификација… На овој начин едно дете станува Македонец, Англичанец, Арап… На овој ист начин ќе ни се допадне нашиот животен партнер, иако не сме го замислувале баш така. Митот не го гледаме: Тој работи преку нашите “допаѓања”, преку “она што нé пали”. Дури и положбата на жената во општеството (како “послаб пол”, како “помалку вредни” од мажите) е митски кодирана, па заради тоа се менува толку тешко свесноста за нејзините права (како, кога носители на тој архитип се жените, кај кои емотивен идеал е да воспитаат и однегуваат алфа насилни синови и послушни и нежни алфа ќерки за “гозба на владарите”).

Во новото време, митот е сижејно трансформиран, а механизмите и функциите на ликовите останаа, творејќи нови, современи митови, **нова традиција**. Тоа и најмногу им погодуваше на државните творби, кои секоја своја вистина ја чуваа баш со помош на тој принцип. Огромните противречности во “големите лаги” можеа да се превладаат само со вера во големиот лидер, големата идеа, големите зафати, големата крајна цел, “големото нешто”. . . Тие мислеа дека “прават пропаганда” и никогаш не сфатија дека со тоа прават митови и нова урбана, профана - политичка митологија.

## Заклучок

Постојат доволно елементи за споредба **на бајковниот и политичкиот концепт** – барем оној, кој кај нас се користи. Во тој контекст можеме да говориме за бајковни елементи во изборната пропаганда кај нас, било да е таа свесна или не. При тоа не може да се говори само за одредени постапки или инсценирања на партиите, со кои тие сакаат да поврзат одредени наши историски брендови и историски настани за една одредена партија, како што беа користење имиња од нашето историско минато, користени униформи на комити, штитови, знамиња, хералдички знаци, симболи на државата на Александар Македонски или неговите предци, Скендербег, разни народни носии, некогашни идеи (под услов да постоеле – како такви), како што беа повиците за освојување територии заради враќање на некогашна слава и територија на одреден етнос... туку за несвесно политичкото следење на механизмот на бајките во сетирање на целокупната предизборна кампања.

Правилото е јасно: Луѓето, низ митологизираното (ирационално) и маргинализирано секојдневие подсвесно емотивно реагираат на митологијата, која е рамка на предизборните постапки на политичарите, а посебно во непостулираното демократско општество – како нашето, кое дава видливи резултати во мерењата на јавното мнение, а партиите тоа го перцепираат како коњуктурно и го репродуцираат во различни варијанти.

Пораката и формата сé во голема мерка условени од бајковниот концепт на подсвесно поимање на изборите, што од своја страна внесува висока доза на емоции (допаѓања, идентификација) во целиот процес. Тоа важи во сите фази на политичкиот процес - од самото објаснување на нашите потреби, рангирањето на тие потреби, актерите и нивните доприноси, како и околу “лековите”, кои се предложени за нашите болки. Заради тоа, ирационалноста на реакцијата на гласачите на тие пораки внесува голема доза на неизвесност како тие ќе бидат разбрани, дали ќе им веруваат, што ќе “посакаат” и што од тоа агенциите “ќе фатат” на теренот, зошто од тоа, во голем дел ќе зависи и што ќе има во политичките програми и предизборни понуди.

Можеби е тоа суштината на неможноста да се предвидат изборните резултати. Можеби е во тоа и убавината на демократијата, таа актуелна “кутија за бајки” – која има за цел да одговори на потребата на демосот за најмалото можно ограничување на сопствените правата и најмалото тордирање на фактот наречен владеење со организирано општество.



Д-р Трајко Славески



Г-дин Андреј Жерновски



Г-дин Рафиз Алити



Г-ѓа Лилјана Поповска





Г-дин Веле Митановски



Г-дин Коле Чашуле



Г-дин Јани Макрадули



Г-дин Имер Селмани

**Креативен тим на АГТИС**

## Популизам – француски израз или македонска реалност?

Популизмот, како поим е прв пат употребен во Франција во полето на литературата за да означи еден правец или стил во француската книжевност, кога се говори идеализирано и убаво за народниот живот. Тоа е време на романтизмот и на “пасторалната заљубеност” на творците во “откривањето” на својот народ (време на раѓање на нациите).

Сепак, популизмот “е откриен” многу порано, а класичното значење го добива со формирањето на државите, кои функционираат преку изборни модели, односно кога во процесот на доаѓање на власт и “масите”, “народот”, “граѓаните” стануваат делотворен фактор. Тоа е време кога политиката и “игрите на моќта” излегуваат од рамките на тесна владетелска класа со наследен легитимитет и слегуваат пониско, а понекаде дури и до “народот”.

Со популизмот е исто како и со тотемизмот[62]: Кога ќе почнете да го опишувате, тој ќе исчезне и ќе се претвори во нешто друго и час личи на културолошко движење, час како оправдани тежненија кон очувување на народната култура и идентитет, час како обид да се постигне подобро владеење, час како плач над судбината на сиромашните, обесправените…. Тој не е нешто цело и кохерентно. Тој е дел на другите нешта, но има сила да ги подреди на сопствениот механизам. Ако се анализира, многу повеќе ќе се постигне на методолошко рамниште, во делот на структурата или функциите, отколку што тоа ќе го најдеме во самиот опис.

Популизмот е предмет на истражување на научната социолошка и политиколошка мисла одамна и доста е пишувано за неговите транспарентни облици, латентни облици во поопсежни движења (заради тоа е дел од феномените на социјалната динамика), за неговата типологија. Во последно време, популизмот му се спротивставува на глобализмот, во форма на сочувување на посебните интереси на “народот”, очувување на специфичниот и препознатлив традиционален морал, во форма на очувување на правото на посебност.

---

[62] Klaud Levi Stross – Тотемизам данас,

Основното дефинирање на популизмот бил насочен кон неговиот активизам и неговите појавни форми, како движење или политика, која се повикува на "народот" (повеќе како етнос, отколку како демос). Главно, "народот", во популистичките концепти, се јавува или претставува како проактивен и делотворен.

Популизмот може да се појавува во два главни облици: "аграрен популизам" и "политички популизам", со свои подтипови, но основно им е антиелитизмот и "народот"[63]. Исто така може да се говори за "популизам од горе – кон долу" и за "популизам од долу – кон горе[64]". Тој може да биде "регионален[65]", "национален", "етнички", популизам на периферијата"против центарот", унитарен, интегрирачки и сл.

Популизмот можеме да го распознаеме низ комплекси политички идеи, но и состојби на стандардната мисла, кои се базирани на факти и квазифакти од културна, економска, социјална, историска, специфично – институционална, антрополошка, географска, политичка и геостратегиска природа. Самата форма или аутпути на тие популистички движења најчесто е антиинтелектуална, антиелитистичка, вредносно – традициска, со повладување кон доминантните мислења, бољшевистички, антиинституционално поставени, често свртени кон религиски убедувања или кон верските институции, многу пати е антидемократска, антипарламентарна, скептична… Како и да ги препознаеме, овие популистички уредени верувања или движења (макар да се раководени и од една партија), тие подразбираат дека интересите и мислењето на "народот" е на повисоко ниво од било кои можни стандарди, па дури и од стандардот за човековата слобода, право на живот, право на несметана егзистенција… Популизмот подразбира и тоа дека интересите на "народот" можат да се остваруваат и несистемски, и вонинституционално, па со тоа без демократијата како

[63] Milardović, Anđelko: *Populizam i globalizacija,* Centar za politološka istraživanja, Zagreb 2004.

[64] Првиот тип се добива кога политичарите, со цел да останат на власт говорат во име на народот и придвижуваат идеи и маси заради тие сопствени интереси, а другиот тип говори за движења, со помош на кои политичарите можат да дојдат на власт.

[65] Тоа е вид додворување кон гласачите на еден регион, кога политичарите говорат за посебност на регионот од останатиот дел на државата, за очувување на посебните карактеристики, за отцепување од другиот дел на државата или за негова асиметричност во државното устројство.

алатка на промената. Промените и "народните интереси" се остваруваат низ директно делување на лидерот, чиј култ се шири како оваплотение на тие интереси.

Спрема тоа, не е нужно популизмот и таквите движења да бидат "леви" или конзервативни. Тие можат, по суштина, да бидат и потполно радикални или прогресистички (не се мисли на "прогресивни") и да се најдат на било кое место на оската на политичка ориентација.

Карактеристично е дека се јавува во периодите на поголеми општествени пертурбации[66] и тоа како отпор кон промените, модернизацијата и прифаќање на општи светски стандарди и мошне често личи на идеологија ил идвижење од обласѓа на културата или поприма конотации во неа (одбрана на културата на една заедница или етнос од "другите" или од општите светски културни трендови). Зад тие тенденции можат да стојат оправдани стравови и грижа на една класа општествени актери, но најчесто тоа не е случај и него го употрбуваат статус – кво факторите за да ги спречат несаканите промени. По својот структурален облик, популизам е и национализмот, па и национал – социјализмот (фашизмот).

Тој може да поприми и кохерентен облик, па дури и научен, како што е случај со идеолошката матрица на фашизмот: Раселизмот[67]. Харизматичните лидери одат рака – под рака со ваквите квазинаучни идеологии и можеби е тоа единствената потполно разбирлива и разумна причина зошто Европа сака да се обедини во систем на взаемна контрола и соработка[68].

Поголеми и попознати етаблирани радикални популистички движења (не останале само на зборови, туку биле имплементирани) биле популистичко – руралните заедници на Германија, Австрија и

[66] Урс Алтерматт: Промените создаваат несигурност и страв кај популацијата, па заради тоа се спротивставуваат на промените.

[67] Неова основа е пласираната фашистичка идеологија дека границите на државата зависат од виталноста на еден народ – спрема другите, неговата компетициска способност на интернационалниот пазар, способноста да "зема" онолку – колку што му е потребно заради "оправданото" постигнување на доволен "животен простор" за егзистенција на народот. Колку малку требало овие идеолошки основи да прераснат во убедувања за "ариевски раси" и во слепо оправдување на систематскиот геноцид!!!

[68] Европа, која ги "постигна" трауматичните искуства на двете Светски војни и "фабрики за производство на смрт", веќе нема право да експериментира со својата богата и (пак) тотално трауматична историја и со можноста умоболен лидер да дојде на чело на една држава и сето тоа во услови каде, обично намалување на субвенциите на рибарите, студентите или невработените може да придвижи лавини демонстрации, чиј тек само бог и "болен знаменосец" можат да го управуваат, а ниту овие не можат да ги претпоставаат крајните барања или штетата на теренот. Да се има мир, демократија, добро владеење, безбедност, капитализам (имотна нееднаквост) и човекови права во услови кога популизмот не е забранет – не е ниту малку лесна задача.

Чешка[69], Рускиот аграрен антимодернизам[70], лудистичкото движење во Англија, италијанскиот авторитарен национализам и (подоцна) фашизам[71], антиреформски и националистички селски движења низ цела аврoпа…

Инструментализирањето на популизмот за строго одредени цели на владеењето можеме да го видиме во дијалектичките насилни и антидемократски идеологии, како што е марксизмот во руска варијанта и раселизмот – во повеќе варијанти (најпознат е германскиот фашизам, иако оваа идеологија е присутна и силно поддржана во периодот од 1928 – 1945 година и во другите европски земји, па макар како радикален национализам или антисемитизам). Друг вид на популистичка инструментализација е искористување на конзервативните и ројалистичките традиции на една земја и тоа во услови на демократија, во форма на познатиот “голизмот” во Франција, инсталиран после Втората светска војна, заради интересите на претседателот Де Гол за силен претседателски систем, кој би личел на француските славни монархии (макар што на Франција популизам никогаш не ѝ фалел[72]). Популизмот во Америка го има во огромен број облици и најмногу зависи од областите, каде што се практикува, општата развиеност на државата, начините на производство, но и од големината и близината на големите градски јадра, административни центри, комуникациски правци, традициската поделеност на мислењата на “северот и југот”, “истокот и западот” (“популистичка демократија”, аграрен популистички радикализам, WASP идеологии, верски популизми, изолациски партикуларизми, идеологии на “наша работа”…).

Денес, во Европа, главно се судираат две главни тенденции, од која едната е непопулистичката – технократска и идеолошка Европа, а на друга страна се анти – евро – глобалистите, или барем национални движења за поинаква Европа – од замислената во Мастрихт - која се имплементира. Тука говориме за

---

[69] Народниот дух и највисоките постигнувања на националното се постигнуваат во мали селски производно – социјални заедници, со високо изразена солидарност и системи на взаемна помош.

[70] Започнуваат заради традиционалните земјоделски насади.

[71] Италијански одговор на индустриската глобализација, кој немало да поприми фашистички облик без германските влијанија. Карактеристично е дека средната класа била носител на идеите за величината на италијанскиот народ и за изманипулираната “ренесанса” на Римската империја.

[72] Заедно со голизмот го имале и “пужадизмот” – екстремно десно, популистичко движење.

десно – радикален, национален популизам (претежно сé против дефинирањето на своите земји како мултикултурни, против гаснењето и менувањето на традиционалните занимања, менувањето на претежниот карактер на одредени региони…а како алатка на нивните залагања е евроскептицизмот, “народната солидарност”, “работничката солидарност”, антиглобализацијата, кокетирање со нео – фашистички и екстремистички движења, ксенофобијата и национализмот).

Постои и наднационален популизам – базиран на антиглобализам и против работата на највидливите светски глобалитички институции (против “универзалниот тип на демократија”)., кој е многу зајакнат со “интелектуалниот популизам”.

*****

Општа е констатацијата дека Македонија нема некој нов и специфичен тип на популизам и дека тој се надоврзува на стариот еднопартиски идеолошки популизам протежиран пред 1990 година. Тој беше мошне концизен, институционализиран и со силна логистика, исполнителен и со јасна функција: Не да се остане на власт – тоа се можеше и без него, туку да се репродуцира марксистичката идеологија и реалниот живот да се пасторализира, идеализира и поврзе со главните комунистички идеологии. Целта значи, беше да се создаде привид на подобар живот, развој… масовна хипноза, која ги штитеше владарите од сопствената внатрепартиска промена, која беше можна заради поделбата на власта помеѓу републиките, локалните самоуправи, социјалистички сојузи, комунистичката партија, синдикатите и кадровските врхушки и можноста тие да предизвикаат бран на насочен популизам (во тоа беа мајстори) заради промена на некого.

Нашите македонски толкувања на терминот имаат еден поширок дијапазон и како објаснување за популизам се употребени термини како: “Масовна измама”, “непринципиелни коалиции”, “неосновани ветувања”, “лаги”, “масовна хипноза”, “манипулација со сиромаштијата”, “злоупотреба на владеењето”…. Целта е да се дојде на власт или да се владее без конкретни постигнувања и умешност во владеењето. По тип нашиот популизам не е потполно насочен и контролиран, туку се потпира на умешноста на харизматичните лидери и дневната политика. Главно, етничкиот и ксенофобичен популизам од почетокот на деведесеттите години на минатиот век беше заменет со квазиреформаторски и квазимодернистички, квазидемократски, а сега ја имаме реформската и глобалистичка реторика и популизмот на прагмата (модерен неидеолошки популизам, кој се базира на “задоволување на потребите на пазарот”, односно

популизам, кој се состои од ветувања кои “народот” бара да ги слуша, без елаборирање на поширокиот систем на исполнување на ветувањата). Овој популизам може да се нарече “дневен популизам на сиромаштијата”.

Присутните класификации на нашите популизми не се во склад со теориско – поставените во светот. Тоа е разбирливо заради недостатокот на демократска традиција на политичките партии (освен комунистичката идеологија, која е демоде и декласирана), па останува популизмот на партиите да се сообрази со “дневниот популизам на сиромаштијата” и со нивото на општата политичка култура. Тоа значи дека нема да има идеолошко класифицирање на популизмот, туку само на контекстите – во кои тој се употребува и неговата функција (осмислена од политиката). Постојат наши прикладни класификации, а една од поинтересните е поделбата на “црн”, “сив” и “бел” популизам.

“***Црниот популизам***” може да биде ***“фолклорен”,*** кога вашите ветувања се добро познати, се однесуваат на визии, за кои сите знаат дека не се вистинити, но ги прифаќаат како колективна лага и “пожелен стандард со дистанца” (немаат скоро никакво дејствие, заради тоа што се тоа бајковни концепти, на кои “се лепат” само најниските општествени слоеви, иако и тие имаат дистанца кон нив, како што децата знаат дека “прасињата не градат куќи”) и ***манипулативен дневен популизам*** (од него се нагледавме, па нема да го објаснуваме).

***“Сивиот популизам”*** е изразен преку нереални ветувања, за кои се творците однапред свесни дека не можат да се решат на кратки патеки. Партиите на власт обично се правдаат со тоа дека однапред не ја познавале реалната ситуација – преземена од претходниците, дека не владеат сами туку во коалиции, а суштината е во недостатокот на политичка волја проблемите да бидат решени. Во тој случај се креираат илузии на големи активности, силна меѓународна активност, напори да се решат проблемите, “крварат кутри политичари за доброто на народот”.

***“Белиот”, т.н. “добронамерен” популизам***, се изразува со ветувања, во кои творците на програмите веруваат и се работи за реална и редовна работа на институциите. Овде се работи за поценување на проблемите, но најмногу за наценување на полетната енергија на политичките партии (движечкиот принцип и сила), и кадрите, кои тоа треба да го реализираат. Исто така овде може да се работи за понуди,

кои владеачката гарнитура не може да ги оствари заради некои други причини, објективни тешкотии, непредвидени настани, но најчесто е тоа слабиот капацитет за владеење или слабите тимови за реформи, општествени интервенции, слаба експертска поддршка и планирање, слабости на институции, или поинаку: Заради кашата – што самите ја направиле…. Тоа е исто така “лага”, зошто партиите не можат а да не планираат кадри за реализација на своите планови, па ако ги ветиле, а ги немаат – партиите манипулирале со кадровскиот потенцијал, а ако ги имале – а не ги употребиле, тоа е прашање на позитивна селекција во партијата, што е исто така во спротивност со ветувањата за “најдобрата можна постава” за реализација на ветувањата. Како бел популизам може да се земе приспособувањето на “поголемата лага” на реалноста (нема да бидат 5, туку 3 евра, нема да бидат 12% - туку 8).

Карактеристика на овие “обоени” популизми е дека каков популизам користиш во предизборието, таков популизам ќе користиш во владеењето. Сепак, немањето визии и реални планови ќе ви ја усмери (нужно) сета ваша активност кон црниот и сивиот популизам, а белиот ќе го користите за предизборни намери (“истурање пари и солзи” во краток временски период).

Во Македонија постои и регионален популизам, кој е еднаков со етничкиот и функционираше како основен регулаторен принцип кај албанскиот електорат, додека сега е веќе во доменот на “фолклорниот популизам”. Од друга страна, тој е заменет со популизмот, кој настана со децентрализацијата на власта. Овие видови регионален популизам не би постоеле без основната идеја за голема сеалбанска држава, што веќе излегува од доменот на политичкиот популизам и завлегува во геостратегиски разгледувања. На Балканот тоа е константа, зошто сите држави (па и Македонија) имаат популистички сетови за “големи држави”, а тие приказни ја засегаат и нашата држава. Радува фактот, што овие видови популизам сé повеќе се сфаќаат како **фолклор**.


Читај, разбери, па одлучи...
Read, comprehend, then decide...
политичка програма
политичка програма
политичка програма
политичка програма
политичка програма

## С У Б Л И М А Т:  АНКЕТА “ТОП ЛИСТА НА НАЈПОПУЛИСТИЧКИ ВЕТУВАЊА”

**Целта на анкетата**

Да се истражат размислувањата и стојалиштата на граѓанството во врска со популизмот на политичките партии, односно да се истражи какви ефекти имале/имаат популистичките партиски ветувања врз граѓаните и какви ефекти предизвикале кај нив.

**Појдовна хипотеза на АГТИС:**

- Досегашниот начин на партиски и предизборен пристап до граѓанството и владеење со помош на неумерен популизам **е “на умирање” , не може да се репродуцира** – сам од себе, зошто **го изгубил социјалниот хумус – на кого му се обраќа,** а арсеналот на популизмот е потрошен во сите негови форми. На претстојните избори тоа ќе се покаже умерено, а на следните (ако бидат во редовен рок) парламентарни избори - многу посилно.
- Во свеста на граѓанството, присуството и притисокот од страна на ЕУ во Македонија (понекогаш идентификуван како “странски фактор”) е силен движечки принцип и единствен гарант дека времето на вулгарниот популизам и прекинат раст на демократијата во Македонија е при крај. Тоа е бивалентно и сложено граѓанско чувство, кое од негативно премина во позитивно (споредби од пред 2003 година).

**Методологија на анкетата:**

Во периодот од 06.04 – 21.04.2006 година спроведена е КОМБИНИРАНА анкета со граѓани и тоа телефонска и теренска.

Анкетата содржеше 17 прашања од кои некои беа со можност за наративни, некои со “мени” одговори, а некои комбинирани. Анкетата беше изведена во градовите: Скопје, Прилеп, Струмица, Битола, Тетово, Охрид, Гевгелија, Велес, Гостивар, Неготино, Струга, Штип, Куманово, Дебар, Кавадарци, Виница, Ресен.

Во анкетата беше користен случаен популационен примерок.

Прашањата – претходно, беа предмет и на пилот анкета од 130 испитаници, но истите не се инкорпорирани во анкетата. Популациониот примерок изнесуваше 800 испитници.

**КВАНТИТАТИВНИ РЕЗУЛТАТИ**

| | Вкупно | Телеф. | Теренски |
|---|---|---|---|
| Вкупно пристапувања | **1555** | **1024** | **531** |
| Важечки | 800 | 500 | 300 |
| Не сакале да одговараат | 521 | 362 | 159 |
| Неважечки | 92 | 59 | 33 |
| Прекинати интервјуа | 142 | 103 | 39 |
| % на успешност | **52,04** | **48,83** | **56,49** |
| Испитаници од женски пол | 304 | 198 | 106 |
| Испитаници од машки пол | 496 | 302 | 194 |
| Не одговараат жени | 341 | 219 | 122 |
| Не одговараат мажи | 180 | 133 | 47 |

***1. Дали им верувате на политичките партии околу предизборните ветувања?***

| ДА | НЕ | ДЕЛУМНО | НА НЕКОИ |
|---|---|---|---|
| 23 | 638 | 67 | 72 |

Улогата на "странскиот фактор" во лошото владеење на партиите (дека лошото владеење и неисполнувањето на ветеното е резултат на странското инволвирање) е оценета многу пониско, во споредба со анкетите од 2001 и 2002 година (наши анкети) и мислењето е коренито променето (помалку од 4% испитаници имаа такви коментари). Тоа говори дека нашите политички партии од "странски послушници" се претворија во "наш домашен проблем".

## *2. Кои партиски ветувања од минатото ви се чинат како најголема намерна лага на партиите…*

| **Содржина** | **Сумирање** | **% одговори** | **% испи-таници** |
|---|---|---|---|
| Сите | 492 | | 61,5 |
| Не се сеќавам, не сака да одговори, друго. | 154 | | 19,25 |
| Вработување по еден член од семејство, | 330 | 19,48 | 41,25 |
| Друго (најразлични нешта). | 250 | 14,75 | 11,80 |
| “Промените”: Вработувања; подобрувањето во економијата; рестартирање на загубари; стратешки партнери, бесцарински и индустриски зони, борба со дрога, корупција… | 181 | 10,68 | 22,62 |
| Милијардата од Васил, Љупчо, Тајван. | 118 | 6,96 | 14,75 |
| Брз прием во Европа, визи, слободен влез; Брз прием во НАТО. | 99 | 5,84 | 12,37 |
| Земјоделство: бенефиции, грижа, агроберзи, гарантиран откуп – општо, гарантиран откуп – посебни култури, бесплатна земја, извоз на земјоделски производи во Европа, поволни кредити, друга помош… | 88 | 5,19 | 11,00 |
| Градење пат за … асвалтирање улици, АМБО, Коридор 8… ветување конкретни активности (несистемски). | 87 | 5,13 | 10,87 |
| Фер приватизација на државен имот (разни толкувања), чесна продажба на фирми, помош за преструктуирање, дека ќе нема монополи. | 72 | 4,25 | 9,00 |
| Борба со криминалот, Октоподот, парите од телекомот, | 71 | 4,19 | 8,87 |
| Странски инвестиции и доаѓање на големи фирми, познати светски брендови. | 71 | 4,19 | 8,87 |
| Департизација на институциите (судови, ЛС, разни административни институции…) | 66 | 3,90 | 8,25 |
| Промените на Љупчо | 65 | 3,84 | 8,12 |
| Трошоците за живот ќе се намалат или нема да се зголемат (телефон, греење, колонијални стоки, струја..) | 54 | 3,19 | 6,75 |
| Дека ќе направиме Голема држава, дека Албанците ќе живеат заедно, регионализација, децентрализација, | 41 | 2,42 | 5,12 |
| Албанскиот јазик да биде рамноправен со македонскиот, Албанците да бидат рамноправни, соживот, пензии за борци на ОНА | 37 | 2,18 | 4,62 |
| Македонија – Швајцарија на балканот, Оаза на мирот (партиски ветувања за нови состојби) | 32 | 1,89 | 4,00 |
| ВКУПНО ОДГОВОРИ, без “Сите” и “не се сеќавам”, не сакале да одговорат | **1694** | **99,97** | |

Испитаниците можеа да дадат повеќе од еден одговор, а и одговорите се сумирани, па потоа рангирани.

На ова прашање граѓаните најпрво ги споменуваа конкретните политички, корупциски, криминални скандали, па после фокусирањето од страна на анкетарот, ги споменуваа одговорите од погорната табела.

Кај Албанците сеуште фигурираат јазички прашања, рамноправноста со Македонците, исполнувањето на Рамковниот договор, вработувања во "државно"... Забележителен акцент беше ставен кај нив и кон ветувањата за подобриот живот, економските состојби.

Прецизно поврзување на ветувањето со личноста и партијата, која го дала тоа ветување имавме само во некои случаи, а тоа се: "Вработувањето на по еден член од семејство" – СДСМ, Црвенковски, "Тајванската милијарда", - Тупурковски, Георгиевски; "Промените од Љупчо", "промените од ВМРО".

На граѓаните не им е многу важно што се ветувало во минатото, туку сакаат да говорат за овие избори и за сегашните ветувања.

| **Прашања** | **ДА** | | **НЕ** | | **НЕ ЗНАМ** | | **ДРУГО** | | **Со ваков народ - ДА** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *бр* | *%* | *бр* | *%* | *бр* | *%* | *бр* | *%* | *бр* | *%* |
| ***3. Дали доколку партиите би ја прикажале вистинската состојба во која се наоѓа Македонија би изгубиле на популарност?*** | *337* | *42,1* | *254* | *31,7* | *115* | *14,4* | | | *94* | *11,7* |
| ***4. Дали би гласале за партија, која ветува тешки реформи, кои сите ќе ги погодат и не ветува "брда и долини[73]"?*** | *345* | *43,1* | *180* | *22,5* | *133* | *16,* | *142* | *17,7* | | |
| ***5. Дали партиите ги сфатија европските пораки околу изборите?*** | 392 | 49,0 | 206 | 25,7 | 202 | 25,2 | | | | |

[73] "Брда и долини" е најчесто употребуван израз за нереалните партиски ветувања, кои ги добивме во пилот анкетата (130 јавувања, а изразот беше употребен од 56 испитаници), па заради тоа е вметнат во прашањето.

Овде имаме интересен податок, кој говори дека граѓаните во голем дел ја сфаќаат потребата за тешки реформи. Во следното прашање бр.6, граѓаните би прифатиле тешки реформи и тоа во 43,12 % (знаат дека нема "лесни" реформи) и би сакале такви понуди, во кои би се кажало какви, колку долги и колку тешки би биле тие.

***6. Дали политичарите во иднина ќе работат само за свои лични интереси?***

| Мени | Испитаници | % |
|---|---|---|
| ДА | 707 | 88,37 |
| НЕ | 25 | 3,12 |
| НЕ ЗНАМ | 68 | 8,5 |

***7. Дали би гласале за листа на партија, во која немате доверба, ако на неа се наоѓа / наоѓаат личност / личности, кои досега не се извалкани, но не се ниту познат/познати во јавноста.***

| Мени | Испит. | Процент |
|---|---|---|
| ДА | 307 | 38,37 |
| НЕ | 201 | 25,12 |
| НЕ ЗНАМ | 93 | 11,62 |
| Зависи од .. | 199 | 24,87 |

***8. Дали мислите дека личното материјално богатство е предност во политиката? Дали би гласале за партиска листа – од партија, во која немате доверба ако ја предводи личност, која е мошне богата или мошне успешна во кариерата?***

| Мени | Испит. | Процент |
|---|---|---|
| ДА | 210 | 26,25 |
| НЕ | 218 | 27,25 |
| НЕ ЗНАМ | 41 | 5,12 |
| Зависи кој е тој | 222 | 27,75 |
| Не е важно богатството | 109 | 13,62 |

Повеќе испитаници би гласале за непозната и "неизвалкана" личност, отколку за богата и успешна личност (без насоки дали е таа позната, "извалкана" и сл). Личното богатство, кај нас се претвора во хендикеп, наместо во предност. Исто така имавме доста одговори: "Зависи како го заработил богатството[74]". Постојат слични паралели и од "западните" земји.

***9. Што ќе се случи ако пак немаме фер и демократски избори?***

| **Одговор** | ***Бр.*** | ***%*** |
|---|---|---|
| Мора да бидат фер | ***46*** | ***5,75*** |
| Не знам | ***117*** | ***14,62*** |
| Политичарите ќе најдат начин да ги претстават како фер | ***36*** | ***4,50*** |
| Ништо посебно - исто како сега, секое чудо за 3 дена | ***131*** | ***16,37*** |
| Пропад, беда, распад, колапс, ќе се влоши сутуацијата | ***191*** | ***23,87*** |
| Народот ќе "стане" | ***109*** | ***13,62*** |
| Нема да има членство во ЕУ и НАТО | ***118*** | ***14,75*** |
| Друго | ***52*** | ***6,52*** |

***10. Дали мислите дека е време за нови политички личности, партии?***

Постои конфузија околу "новоста" на неколкуте нови партии, кои се појавиа ова година. Сепак, на голем број испитаници тоа им се допаѓа. Негативно мислење за новите партии искажаа само една четвртина испитаници. Кај Албанците "нови" партии не се популарни.

| **Мени** | **Испитаници** | **Процент** |
|---|---|---|
| ДА | 470 | 58,75 |
| НЕ | 202 | 25,25 |
| ДРУГО | 128 | 16,00 |

Интересно кај прашањето бр.11 е тоа дека само 14,75 % од испитаниците последиците од нерегуларни избори ги гледаат само во тоа дека нема да бидеме примени во НАТО и ЕУ, а поголем број испитаници последиците ги гледаат од "домашна" гледна точка, односно дека нерегуларните избори би реперкуирале повеќе на внатрешен план (23,87 + 13,62 + 5,75 = 43,24 %).

[74] Кај нас доминантен вид на "богаташи" се транзициските, кои не се на цена. Сеуште во арсеналот на "јавен морал" не постои тип на чесен капиталист, стопанственик, деловен човек...

***11. Дали мислите дека единствена гаранција за фер и демократски избори е засилениот интерес и мониторинг на ЕУ на претстојниот предизборен процес и нивните закани дека нема влез во ЕУ без такви избори?***

| Мени | Испит. | Процент |
|---|---|---|
| ДА | 477 | 59,62 |
| НЕ | 197 | 24,62 |
| НЕ ЗНАМ | 16 | 2,00 |
| ДРУГО | 110 | 13,75 |

***12. Дали мислите дека тоа зајакнато внимание на ЕУ ќе продолжи и после изборите, заради спроведување на реформите и комплетирање на процесот на транзиција (за да не примат во ЕУ).***

| Мени | Испит. | Процент |
|---|---|---|
| ДА | 297 | 37,12 |
| НЕ | 238 | 29,75 |
| ДРУГО | 233 | 29,12 |
| НЕ ЗНАМ | 32 | 4,00 |

***13. Дали би сакале да прочитате од што конкретно ќе се состојат реформите во иднина?***

| Мени | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| ДА | 322 | 40,25 |
| НЕ | 208 | 26,00 |
| Сеедно ми е | 270 | 33,75 |

***14. Дали во минатите избори имавте:***

| Одговор | ДА | % | НЕ | % |
|---|---|---|---|---|
| Прочитано програма<br>Прочитано извадоци | 319 | 39,9 | 481 | 60,1 |
| Познавање на партиски понуди од ТВ и др. медиуми | 464 | 58,0 | 336 | 42,0 |

***15. Што ви е најважно од ова што ќе го наброиме, а партиите треба да го ветат и реализираат:***

| **Содржина** | **ДА** | **%** |
|---|---|---|
| Намалување на даноците во стопанството | 377 | 47,12 |
| Зголемување на даноците во стопанството | 162 | 20,25 |
| Зголемување на давачките заради реформи во државата | 76 | 9,5 |
| Ревизија на македонската приватизација | 541 | 67,62 |
| Намалување на бројот на луѓето, кои примаат социјална помош | 389 | 48,62 |
| Зголемување на бројот на луѓето, кои примаат социјална помош | 391 | 48,87 |
| Нови вработувања на државни службеници | 338 | 42,25 |
| Отпуштања на вишокот државни службеници | 250 | 31,25 |
| Рестартирање на загубарите со државни средства | 204 | 24,50 |
| Државата да не го продава државниот имот | 477 | 59,62 |
| Продажба на сиот државен имот | 68 | 8,50 |
| Државата да не интервенира во земјоделието, туку пазарно да се работи | 111 | 13,87 |
| Субвенции, стимулации, регреси за житото | 522 | 62,25 |
| Субвенции, стимулации, регреси за тутунот | 470 | 58,75 |
| Субвенции, стимулации, регреси за сите земјоделски култури | 444 | 55,50 |
| Потполна независност на судовите од политиката | 348 | 43,50 |
| Бирање на јавен обвинител со општи избори | 119 | 14,87 |

Тие дале високи оценки за сите ставки, каде имаме “државно давање”, односно ниски оценки за ставките, каде државата треба да ги зголеми своите приходи. Исто така граѓаните би сакале да видат “обврска” за државата, па макар да е тоа вработување со буџетски плати (не веруваме дека не знаат дека државната администрација и “буџетарските” организации се превработени).

Одговорите на прашањето “Државата да не го продава државниот имот” (59,62 %) сметаме дека е предизвикано од кампањата против продажбата на ЕСМ и тој процент е сега превисок. Реално, тој процент

идната година би бил многу помал. Тоа важи и за прашањата за регресирање на земјоделските производи (тутун и жито) кои беа силно инструментализирани од медиумите.

**Заклучоци**

Анкетата во дел ги потврди појдовните хипотези дека транзициските популизми довеле до “отупување” на јавното внимание спрема “фолклорните” популизми и до зајакната сензитивност на граѓаните за “потехнички” и пореални предизборни ветувања. Довербата кон политичките партии е на минимум и ним веќе нема да им биде лесно да пласираат импактна кампања до граѓаните на популистички начин, зошто од самиот квалитет на програмите и предизборната кампања ќе зависи и висината на изборна апстиненција.

Сметаме дека анкетата покажа дека овој пат влијание на изборните резултати ќе има и квалитетот и фокусираноста на предизборните понуди и презентацијата на партиските капацитети за имплементација на програми и реформи.

Потребата од реално претставување на македонските состојби и предочувањето на “патот кон ЕУ” преку реформи ќе биде приоритет и заедно со стратегиите за економски развој ќе биде “добитната комбинација”.

Присуството на евроструктурите во Македонија високо се цени и граѓаните нив ги сфаќаат како сојузник против самоволијата на нашите политичари.

Исто така имаме една позитивна тенденција, која постојано се зајакнува, а тоа е решенијата на нашите проблеми да ги гледаме во рамките на нашите неможности, можности и капацитети, а не за тоа да ги обвинуваме ДРУГИТЕ, што од своја страна ќе ги оневозможи партиите за сопствените грешки и неуспеси (не директно, но евидентно и мошне перфидно) да го обвинуваат странскиот фактор[75], соседите, етнички и конфесионални групи.

Разбирањето на целиот изборниот систем и изборно поведение, како суштина на демократијата не е на некое задоволувачко ниво, а тоа е уште посилно изразено во сфаќањето на улогата на владата и институциите. Друго и не може да се очекува со оглед на реалноста во Македонија овие 15 години. Со ова

---

[75] Својата кулминација таа тенденција ја достигна во периодот 2001 – 2002 година.

предизборните понуди не можат сеуште да бидат ослободени од сликата за “сеопфатно инволвирање на владата” во сé и сешто и нејзино постепено дистанцирање од голем дел сегашни нејзини надлежности – посебно во економијата.

Сите овие фактори ги дадоа одговорите на овој прашалник и сметаме дека се тоа само ефекти на главните “движечки тенденции” присутни во политичкиот и општествен систем, кои политичките партии ги изнајдоа во своите анкети и “ослушнување” на мислењето на “народот”. Колку успешно и кои партии тоа го сторија или ќе го сторат, ќе видиме. Ако се суди “по утрото”, нема многу место за оптимизам.

## СОНДАЖА НА ПРЕДИЗБОРНИ ТОП ТЕМИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Во рамките на овој проект беше спроведена сондажа на основните предизборни акценти на партиите. Имено, до партиите беше испратен обемен прашалник, на кој можеа да одговараат или целосно или во деловите, кои ги сметаат за важни.

Покрај огромните тешкотии, кои АГТИС ги имаше со пополнувањето на овој прашалник со некои партии, можеме да го изразиме нашето задоволство на соработката и коректниот однос на НСДП, СДСМ, ВМРО – НП, СП, за што сме им благодарни.

**Методологија:**

Опис на прашалникот:

Прашалниците содржеа 4 батерии прашања, кои покриваа одделни области

Предложените области беа:

- Позиционирање на партијата на оската “лево – десно”, со 5 прашања
- Стојалишта за ориентацијата – спрема предложени ресорни политики со 17 прашања, од кои 17 – тото прашање содржеше “мени” на кое требаше да се одговори со “ДА” или “НЕ”, но и со давање оценка на потребноста и важноста (од 1 – 10).
- Области кои не беа опфатени со прашалникот, а по видување на политичките партии би требало да бидат опфатени (дополнителни 5 прашања),




***Текила за народ или црв на сомнежот***

- Видување на партиите на кој начин да се креираат програмите и да се избегне популизмот (10 прашања).

Методологијата на прашалникот се состоеше во проверка на декларацијата на партијата, која беше дадена во првиот дел, преку одговорите на конкретни прашања од другите два дела и на крајот, преку "супер проверка", која се состоеше во тоа самите партии да ги споредат сопствените одговори од претходните делови со крајните прашања за популизмот. Тоа ги пропушта нивните проекции низ двојна проверка: Проверка на концизноста на нивните проекции преку ресорно решавање на нивните одговори и "антипопулистичка" проверка.

Делот, во кој партиите конкретно одговараат на "мени" одговорите, со давање на оценка на приоритетноста на мерката го дадовме – онака – како што ни е испратен и може да послужи во анализата на концизноста на партиското позиционирање, како и во оценка на ресорните политики, кои во иднина би се граделе од тие принципи.

## НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА (НСДП)

Партијата се изјаснува **"лево" од политичкиот центар** и припаѓа на традицијата на европската социјалдемократија. НСДП го осудува отсуството на идеолошко делување и позиционирање на партијата што се декларира како социјалдемократска и заради тоа ја носи определбата "Нова".

НСДП смета дека генерално нашата Држава е законски пререгулирана, но во одреден дел не постојат сеуште никакви законски решенија.

НСДП декларира дека "приватниот стопанственик подобро знае", отколку државата, инсистира на прецизно утврдени области на делување на државата и приватниот сопственик, што е во склад со принципите на одржлив развој. Левата ориентација на НСДП може да се види и од заложбите за државна грижа за рестартирање на загубарите и нивно ефикасно вклучување во пазарниот амбиент (загубарите биле продукт на лошото менаџирање од страна на првобитниот сопственик – државата, па е нивен должник). НСДП смета дека е подобро загубарите да се подарат на инвеститори, отколку што се пробуваше (и сега сеуште) актуелите раководни тимови, сами да најдат рецепт за спас – што е апсурд.

Државното мешање во економијата би се ограничило на овозможување нормални услови за работа, преку законската регулатива и давачки, кои треба да имаат стимулирачка, а не лимитирачка функција.

Во врска со прашањето на превработеност на државниот сектор, имаме одговор дека постои превработеност. Како излезни мерки се предлагаат: Детални и реални систематизации на работни места и балансира со префрлање на вишокот од буџетските институции онаму – каде има потреба од вработување. Реално прекубројните, да бидат отпуштени со отпремнини и/или бесплатна прекфалификација или доквалификација. НСДП е одговорна кон ова прашање.

Во делот на законскиот амбиент за предизвикување/логистика на стопанскиот развој НСДП тврди дека регулативата во добар дел ги следи европските стандарди, но не се спроведуваат и почитуваат. Сепак тие ќе донеселе пакет нови закони, како и измени во постојните.

Во одредени случаи приватизацијата на јавните служби (вода, струја, здравство...) ја зголемувала сиромаштијата и цел на НСДП била да ги заштитиме граѓаните без при тоа да ја доведуваме во прашање рамката на пазарната демократија и барем уште во наредните десетина години, државата требала да има акции и удели во компаниите што се од витален интерес за државата - во име на тие општи интереси (државата може и да калкулира, односно да се согласи и на помал процент дивиденда, за сметка на висината на цените за услугите што ги користи населението). За продажба на државните удели секогаш имало време, зашто акциите и уделите што ги поседува се главно во рентабилни компании. Од нив долгорочно може да се остварува добивка, со која би го потхранувала економскиот развој.

Сегашната фискална политика мора да се менува, во нова, во која главниот приход на државата ќе произлегува од **данокот на платите**. Би се менувала политиката и во делот на царините, ДДВ (помагање на инвестициони зафати и нивно ослободување од даночни обврски во определен временски период).

Во државата најдобро функционира монетарната политика, која обезбедува стабилност на домашната валута и ја држи инфлацијата под контрола. Сепак, нивното ниво не соодветствува со реалните состојби: пад(ови) на индустриско производство, низок процент на реализиран извоз, огромен трговски дефицит, континуиран раст на цени на горива, кои се иницијална каписла за зголемување на цените на огромен број производи и услуги... Оттука и потребата од пофлексибилна монетарна политика, која ќе генерира развој (развојна) - стапка на инфлација, на годишно ниво меѓу 6-7 проценти.

Реперни точки, во доменот на економијата, кои НСДП ги споменува се: Проекти за самовработување, поттик на приватниот сектор и на семејните бизниси, воведување олеснителни услови. На прашањето, зошто тоа сега би успеало, односно кои се новите движечки сили и принципи, НСДП споменува дека во содејство на МАНУ и странски експерти би се изградила стратегија за развој. Како потенцијална движечка сила НСДП го смета ангажирањето на сопствениот капитал, кој ќе се добие со реконструкција на буџетот и ангажирање на сопствени пари од населението, во вид на мали акционери.

Околу потребните неекономски мерки за поттикнување стопански развој и инвестиции, како и околу нивна стратегија за привлекување странски инвестиции, НСДП одговара дека нема потреба од донесување нови закони кои ја иницираат и стимулираат приватната иницијатива, туку доволно е функционирањето на правната држава. На инвеститорите (странски) било потребно да им се покаже и потврди дека во државата им е добро на домашните стопанственици и инвеститори. Потребни се даночни олеснувања и регулатива која обезбедува услови за непречено работење.

Приходите на државата треба да опаѓаат од сегашните 30 проценти во однос на бруто домашниот производ, на горниот европски плафон, од околу 15 проценти.

НСДП тврди дека нема да користи било каков популизам, а програмата ќе биде фокусирана и реална иако се свесни дека така напишаната програма може да биде неразбирлива за гласачите. Имплементацијата на програмите и доброто владеење може да се зајакне со популаризирање на партиската идеологија, која ќе ги зацврсти најчуствителните проблеми на **средната класа**, првиот потребен услов за воспоставување на демократските институции во земјата.

Исто така, за **мониторинг на исполнување на изборни ветувања** граѓаните треба да се ослободат и да бидат главните монитори во соработка со професионални НВО, како и странски експерти и институции (вклучително и медиумите).

Зависно од динамиката на ваквите реформи ќе зависи и брзината на пристапувањето во членство во ЕУ.

Во Македонија, имавме доста ниско ниво на политичка култура во изминативе години. Тоа го предимензионираше и досегашните предизборни понуди па многу од политичките партии на власт се соочуваа со реална невозможност да ги исполнат нивните програми и дадени празни ветувања.Околу тоа НСДП ќе работеле на едукација на членството, симпатизерите и широкото граѓанство.

## Социјалистичка партија на Македонија – СПМ

Демократска социјалистичка ориентација продолжувачи на богатата традиција на напредната социјалистичка мисла. СПМ, ориентацијата “лево” ја дефинира како политичка слобода, економски просперитет, социјална правда и солидарност. СПМ припаѓа на Европската левица.

И кај СПМ приватниот стопанственик “знае” подобро. Нашата држава била законски средно регулирана и државата треба да се грижи за загубарите. Нискиот степен на економски развој е причина за потребата од интервенции на државата во економијата, со економски мерки, кои ќе стимулираат развој и поволен амбиент за ефикасно стопанисување. СПМ вели дека државата е лош домаќин и не треба да стопанисува, па потребно е постојните удели во фирмите да ги продаде, со исклучок на стратешки важните капацитети (електрична енергија, водата и сл).

Околу економските визии СПМ вели дека е потребно намалување на сегашните даночни стапки и флексибилен курс што ќе стимулира извоз. Стратегијата за развој би се базирала на: Пазарно стопанство што се потпира на домашни ресурси и инвестиции, нов економски развој на база на развој на институциите на пазарната екномија, заштита на конкуренцијата од арбитрирање во пазарните законитости; дерегулација на економијата и ефикасно функционирање на отворениот пазар (заради елиминирање на монополската положба на стопанскиот субјект); Зголемување на образовното ниво; Децентрализација во функција на развој на општествените и стопанските дејности; Монетарна стабилност со флексибилна монетарна политика, слабеење на државната регулатива во реалниот сектор. Како неекономски мерки ги предлага: Интервенција на државата со посебни програми во економски неразвиените региони по пат на намалување на фискалната пресија на стопанските субјекти кои ќе доведат до јакнење на малите и средни претпријатија, зголемување на странски инвестиции; Давање субвенции на стратегиски најважните производни гранки во согласност со политиката на Република Македонија да ги почитува уредбите на СТО; Фукционирање на правната држава; Донесување на нова стратегија за намалување на криминалот и корупцијата преку вонредни мерки и поврзување на сите контролни механизми на републичко ниво, преку слевање на сите податоци, а заради заштита на имотот на државата, стопанските субјекти и граѓаните. Тоа се истите мерки, кои би донеле и странски инвестиции.

Околу прашањето **дали државата треба да ги зголемува сопствените приходи и зошто,** СПМ вели дека треба, но само за развојни цели (заради употреба на истите во економијата, поквалитетен живот на граѓаните, социјална заштита, ученички, студентски и пензиски стандард и др.).

Државниот сектор бил превработен и потребно било преструктуирање во мала и високообразована и технолошки спремна управа.

**СПМ смета дека** нивото на општата политичка култура и сиромаштијата се погодно тло за манипулации и нереални предизборни понуди. Потребно е барање одговорност за она што е ветеното, преку редовен тромесечен отчет на Владата пред Парламентот.

Околу тешките мерки, кои Македонија треба да ги превземе мошне брзо, СПМ предлага отворено дебатирање за секоја мерка за последиците и предностите.

## ВМРО - Народна партија, ВМРО – НП

ВМРО-НП е "десна" - народна партија со демохристијанска ориентација која се заснова врз христијанското поимање за човекот и дава етичка основа за одговорна политика. Како таква припаѓа на семејството партии познато како Европска народна партија, коешто се дефинира како **десен центар** а обединува христијанско демократски, конзервативни народни и народни партии, потпрени на корените на европската цивилизација и со заложба за федерална Европа.

Името, ВМРО ја изразува традицијата на македонскиот народ и неговиот вековен стремеж за своја слободна, самоуверена и независна држава. Вториот дел од името, Народна партија, го означува политичкиот профил на партијата кој се базира на основните начела и начините и методите на делување на современите европски народни партии. Името "народна" се однесува на народот, како основниот најширок слој од популацијата, а во втората смисла на македонскиот народ, како државотворен. ВМРО-НП вели дека носи

кохерентна идеологијата на европските народни партии[76]: Врвна заштита на приватната сопственост, семјеството, социјална пазарна економија заснована и на постигнувања и на солидарност.

ВМРО-НП го спротивставува најширокиот општествен слој на тесниот олигархиски слој што во Македонија е формиран од поранешната комунистичка номенклатура, којашто сега е претворена во негов апарат за одржување.

Постојната државна регулатива е предимензионирана и таа треба да се менува во насока на хармонизација со европското законодавство. Нејзината основна улога да создава амбиент за успешно функционирање на економијата е надмината.

Во стратегиите на сите народни партии е семејството и поединецот, а истото тоа важи и за економијата. Државата не е добар стопанственик, па потребно е да се ослободи од своите удели на начин што ќе ги инверстира во инфраструктурни проекти од најширок интерес и научно-технолошки развој. Фискалната политика треба да го следи правилото: Помали даноци пополна каса, комбинирано со стабилниот курс на денарот.

**Основи на стратегијата за економски развој:** На краток и среден рок - развој на дејностите коишто имаат најголема непосредна перспектива: модерно земјоделие, градежништво, туризам, текстилна индустрија и услуги на повисоко ниво. На подолг рок развиток на дејностите коишто вклучуваат голема концентрација на знаење.

ВМРО-НП движечките сили и принципи ги наоѓа во самата економија: Ослободувањето на секоја приватна иницијатива преку создавање амбиент во којшто монополите и големите моќници коишто сега влијаат врз власта нема да го загушуваат претприемаштвото. Слободен раст на малите и средените претпријатија коишто ги гледаме како главни носители на економскиот раст и од коишто треба по природен пат да израснат нови економски силни и витални големи претпријатија. Тоа значи дека ќе

[76] Во номенклатурата на народните партии се подразбира дека државата е израз на народните тежненија, што значи дека не е само политичка, туку и “природна” творба на еден народ. Народните партии не се приврзаници на глобализацијата, освен во делот, кој го протежира приватната економија. Тоа е и стојалиште на конзерватизам и номинализам во водењето надворешна политика – значи без мешање од странство.

ослабува непосредното влијание на државата врз стопанството, а комбинирано со стабилност, правна држава, бизнис-клима и амбиент, евро и нато интеграции, слобода... тоа е добитна комбинација за странски капитал. На тоа поле може да им се додадат создавањето на правна сигурност за странските инвестиции, давањето посебни погодности на сериозни странски компании и забрзување и олеснување на постапката за влегување на инвестициите.

**Популизмот во изборните понуди** може да се намали преку потенцирање на докажани традиционални вредности на нашето општество. Во изборните програми треба да бидат дадени само широко прифатливи цели насочени кон усвојувањето на општите вредности на Европската Унија.

**Нивото на општата политичка култура треба да се поправа** преку образовниот систем. Потребен е систем на изградување политичка култура базирана на објективни критериуми за оценување. Ако сето тоа внимателно им се објасни на граѓаните, не мора да предизвика тешки негативни последици.

И партиите се дел од општото политичко милје и кај голем дел од политичарите нефокусираните ставови произлегуваат од незнаење.

## Социјалдемократски Сојуз на Македонија – СДСМ

Во минимално потполнетиот прашалник од стана на СДСМ може да се разбере дека партијата себеси се гледа како носител и симбол на левицата во Република Македонија, а самата социјал – демократија ја гледа како единствен светски признаен пат кон градење на демократска и социјална, фукционална држава.

Од 2003 година, СДСМ била полноправна членка на Социјалистичката Интернационала, организација кој ги обединува сите политички партии со социјалистички или социјалдемократски предзнак од целиот свет. СДСМ има статус член -набљудувач во Партијата на Европските Социјалисти.

СДСМ ја гледа Македонија како “средно регулирана” земја, а околу прашањето “кој знае подобро”, одговорот е дека треба да постојат и двата одговори: “Приватниот стопанственик” и “државата”.

Државата не треба да се грижи за загубарите, туку - преку законските рамки да создаде силна превентива од постоење на загубарите, стимулирајќи ја работата на претпријатијата преку одредени олеснувања. Со организирана грижа за загубарите од страна на државата, таа ќе стане учесник во поттикнувањето на неодговорноста кај работодавецот и неговата негрижа кон почитување на работничките права.

Околу популизмот во предизборните програми и понуди, СДСМ смета дека употребата на популистички методи во изборните понуди е знак незрелоста на една политичка партија и дека граѓаните можат да го разделат реалното од популизмот, па затоа, во изборните понуди никогаш не се служи со популистички методи.

Околу прашањето “дали нивото на општата политичка култура погодува на користењето на нефокусирани, општи и предимензионирани предизборни понуди”, СДСМ одговара дека во минатите 4 години Владата ја подобрила севкупната политичка и безбедносна ситуација во земјава, што, од своја страна, обезбедило услови (“за прв пат после 15 години независност”) политичките партии да се фокусираат на стратегиите за економски развој (“да не преовладуваат безбедносните теми, меѓуетнички односи и интеграција на Македонија во меѓународните институции” – како досега), што најверојатно би значело дека веќе не постојат реални причини за повторно користење на популистички стратегии и понуди[77].

СДСМ смета дека партиите треба повеќе да гледаат на општите државни интереси, отколку на сопствениот рејтинг. Тоа било применето и овие 4 години во потезите на Владата – предводена од СДСМ. Тоа е одговорот на прашањето: “како една политичка партија да биде искрена со граѓанството, а да не ја загуби популарноста”. СДСМ била свесна за состојбата во земјата и пред самото превземање на овој мандат, како и околу патот што требало “да се изоди”. Така, СДСМ се залагала за спроведување на реформи, за кои однапред се знаело дека нема да бидат популарни меѓу граѓанството и чекори, кои не се на линија на општото расположение во земјата. СДСМ смета дека е тоа одлика на зрелост на една партија. Тоа резултирало и со ситуација Македонија да е “пред вратите на Европската Унија” и дека граѓаните ќе знаат да го ценат фактот дека нивниот рејтинг е свесно жртвуван за доброто на државата.

---

[77] Наше толкување

**Како одговориле трите партии на прашалникот (ПР = ПРИОРИТЕТ:** 1- најнизок до 10 – највисок)**:**

| Прашалникот беше испратен и вратен пополнет | ПАРТИЈА – став и оценка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прашања** | **НСДП** | | **СПМ** | | **ВМРО-НП** | |
| | | **ПР** | | **ПР** | | **ПР** |
| Заштита на сето земјоделско производство<br>**НСДП: Во земјоделството престојат реформи кои точно ќе ја детерминираат оваа област**<br>СПМ: **само на стратешките** | **Да** | **10** | **Не** | **-** | **Не** | **-** |
| Високи царини на возила и машини | **Не** | **5** | **Не** | **-** | **Не** | **-** |
| Заштита на сите домашни производи | **Не** | **8** | **Не** | **-** | **Не** | **-** |
| Стопански судови | **Не** | **5** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Слободно чување оружје во домот | **Не** | **10** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Данок на имот за фирмите | **Да** | **4** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Зголемување на надлежностите на полицијата | **Не** | **8** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Нормирање на јавната потрошувачка | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Намалување на ДДВ | **Да** | **6** | **Да** | **10** | **Да** | **-** |
| Отпуштање на државни службеници | **Да** | **8** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Вработување нови државни службеници | **Не** | **10** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Мерки за легализирање на сива економија<br>**ВМРО – НП**: *Сивата економија се јавува заради ограничените можности за работење и вистински може да се намали единствено со создавање на општа поволна бизнис клима* | **Не** | **8** | **Не** | **-** | **Не** | **-** |
| Помала ригорозност на економска регулатива | **Да** | **8** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| Укинување на Агенција за перење пари | **Не** | **5** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| Дерегулација на катастар | **Да** | **6** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Укинување на сите монополи<br>**ВМРО – НП:** Во соодветна законска процедура, правилна проценка, детерминиран временски интервал | **Да** | **10** | **Да** | **10** | **Да** | **-** |
| Отпуштање со давање средства од девизните резерви | **Не** | **7** | **Не** | **-** | **Да** | **-** |

| **Прашалникот беше испратен и вратен пополнет** | **ПАРТИЈА – став и оценка** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прашања** | **НСДП** | | **СПМ** | | **ВМРО-НП** | |
| | | **ПР** | | **ПР** | | **ПР** |
| Данок на луксуз | **Да** | **10** | **Да** | **5** | **-** | **-** |
| Закон за земјишен минимум | **Да** | **8** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Јавни избори за Јавен обвинител | **Да** | **10** | **Да** | **8** | **-** | **-** |
| Укинување на јавно правобранителство | **Не** | **10** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Доекипирање на Јавно правобранителство | **Да** | **10** | **Не** | **-** | **Да** | **-** |
| Ревизија на приватизација<br>**<u>ВМРО – НП:</u>** Процесот веќе во најголема мерка е завршен, санкционирање на потврдена криминална приватизација | **Да** | **10** | **Да** | **6** | **Не** | **-** |
| Отпуштање на дел од полицијата | **Не** | **4** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Државен испит за сите високо образувани<br>СПМ: **vraboteni vo administr.** | **Да** | **8** | **Да** | **-** | **Не** | **-** |
| Формирање земјоделска берза | **Да** | **10** | **Да** | **5** | **Да** | **8** |
| Либерализација на коморско организирање | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Да** | **10** |
| Дерегулација и приватизација на поддршка на МСП | **Да** | **5** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Намалување на бројот на корисници на социјална помош | **Не** | **7** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Агенција за меѓусекторска координација на реформи | **Да** | **7** | **Да** | **-** | **Не** | **-** |
| Ригорозни тестови за способност во Јавна администрац. | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Зајакнување на проектна апликациона процедура во сите владини сектори | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Да** | **4** |
| Укинување на сектор за евроинтеграција | **Не** | **10** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Зајакнување на сектор за евроинтеграција | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Еврообврзници за откуп на долг | **Не** | **4** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Инфлација од околу 8%<br>**СПМ: постепено воведување**<br>**<u>ВМРО – НП:</u>** Мора да биде многу помала од порастот на БДП | **Не** | **5** | **Да** | **-** | **Не** | **-** |

| Прашалникот беше испратен и вратен пополнет | ПАРТИЈА – став и оценка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прашања** | **НСДП** | | **СПМ** | | **ВМРО-НП** | |
| | | **ПР** | | **ПР** | | **ПР** |
| Закони за конкуренција во банкарството | **Да** | **10** | **Да** | **8** | **-** | **-** |
| Отворање на пазарот за сите интересенти во телефонијата (дозволи) | **Да** | **10** | **Да** | **10** | **Да** | **2** |
| Неповратни државни донации за модернизација на приватни капацитети (осовременување) **СПМ: давање повратни донации без камата** | **Да** | **8** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Повисока парична помош за социјално загрозени | **Да** | **10** | **Да** | **8** | **-** | **-** |
| Државни инкубатори за поттикнување на вработување | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Наградување на извозот | **Да** | **5** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Приватизирање на голем дел владини агенции | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Да** | **3** |
| Упростување на сите закони и намалување на нивната габаритност **ВМРО – НП:** елиминирање на арбитрарноста | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Да** | **10** |
| Ослободување од сиот владин имот | **Не** | **4** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Отфрлање на владиното долгорочно планирање во стопанството | **Не** | **8** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Смалување на распонот на можната законска казна | **Не** | **6** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Државна банка за микрофинансирање | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Подобрување на владината организациска структура **ВМРО – НП:** висок приоритет но недоволно ресурси | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Да** | **8** |
| Повеќе самостојни органи на државната управа | **Да** | **8** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Независни системи за проценка на имплементација на владини мерки | **Да** | **8** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Дериватност во финансирање на општините (спрема тоа колку данок собрале и колку наплатиле давачки) СПМ: **издвојување на средства за поттикнување на развој на недоволно развиени општини** | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **-** | **-** |

| Прашалникот беше испратен и вратен пополнет | ПАРТИЈА – став и оценка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прашања** | **НСДП** | | **СПМ** | | **ВМРО-НП** | |
| | | **ПР** | | **ПР** | | **ПР** |
| Нелинеарно наградување на државната администрација<br>**ВМРО – НП:** посебно значајно,<br>но првин треба да се изгради систем за вреднување | **Да** | **8** | **Да** | **-** | **Да** | **-** |
| Фонд за поддршка на извозот | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Гарантни и фондови за почетен капитал | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Укинување на царински давачки за производи што не се произведуваат кај нас | **Да** | **8** | **Да** | **-** | **Да** | **4** |
| ДДВ да се плаќа по продажбата на стоката и услугите<br>**ВМРО – НП:** претходно треба да се усоврши системот за контрола | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Да** | **2** |
| Зајакнување на инспекциски служби заради сива економија | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Укинување на пензиските бенефиции за Пратениците | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Инволвирање на странски стручни институции и организации во изборот на директори на позначајни институции | **Да** | **7** | **Не** | **-** | **Да** | **5** |
| Прифаќање стручно партнерство со НВО - и<br>во важни државни работи | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Да** | **3** |
| Јавни овластувања на НВО – и | **Да** | **10** | **Не** | **-** | | **-** |
| Програмско, а не проектно финансирање<br>во науката и културата<br>**<u>ВМРО – НП:</u>** и едното и другото, во зависност од спецификите | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Не** | **-** |
| Твилинг едукација на високи раководни кадри | **Да** | **7** | **Да** | **-** | **Да** | **3** |
| Затворање на седниците на Парламентот за јавност | **Не** | **6** | **Не** | **-** | **Не** | **-** |
| Поголеми синдикални права | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Инспекторите не смеат да вршат инспекции во своето место на живеење<br>СПМ: **да се воведе принцип на флексибилност на цело подрачје на тие инспекции** | **Да** | **10** | **Не** | **-** | **-** | **-** |

| Прашалникот беше испратен и вратен пополнет | ПАРТИЈА – став и оценка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прашања** | **НСДП** | | **СПМ** | | **ВМРО-НП** | |
| | | **ПР** | | **ПР** | | **ПР** |
| Огромни овластувања и одговорност за директорите | **Да** | **7** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Правична застапеност во експертски институции | **Да** | **7** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| Најмала месечна плата за министер - 200.000 денари | **Не** | **8** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Формирање на "државен" дневен весник и владин ТВ канал (од буџет на РМ) СПМ: **само државен, а не владин канал** | **Не** | **10** | **Да** | **-** | **Не** | **-** |
| Субсидијарно решавање на голем број владини задолженија (префрлање на ЛС), обемни дерегулации, приватизација на голем број надлежности | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Да** | **-** |
| Одредување на монополска положба и антимонополска регулатива надвор од државните институции | **Да** | **10** | **Не** | **-** | **-** | **-** |
| Приватизација на работите на државна статистика<br>**НСДП:** систем на мерки со кои ќе се спречува злоупотребата<br>**СПМ:** само департизација<br>**<u>ВМРО-НП:</u>** Ако не се успее да се превоспостави квалитно работење | **Не** | **10** | Не | - | **Да** | 4 |
| Одделување на поголем % од буџетот за наука<br>**<u>ВМРО – НП:</u>** Изразено висок приоритет, но крајно неефикасен менаџмент на универзитетите, каде што е сконцентриран најголемиот дел од науката | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Да** | **8** |
| Дисперзирање на државна администрација | **Да** | **8** | **Да** | **-** | **Да** | **6** |
| Намалување на квотата за упис на студенти | **Не** | **8** | **Не** | **-** | **Не** | **-** |
| Интегрирање на сите универзитети во еден<br>СПМ: **со дисперзија**<br>**<u>ВМРО – НП:</u>** Потребно се за земја како нашава 5-10 државни универзитети | **Не** | **8** | **Да** | **-** | **Не** | **-** |
| Увозни контингенти | **Не** | **7** | **Не** | | **-** | **-** |

| Прашалникот беше испратен и вратен пополнет | ПАРТИЈА – став и оценка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прашања** | **НСДП** | | **СПМ** | | **ВМРО-НП** | |
| | | **ПР** | | **ПР** | | **ПР** |
| Купување жито по светска цена | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Развој на трудово – интензивни бизниси | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Да** | **6** |
| Потполна либерализција на медиумски простор | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Да** | **10** |
| Директни спогодби со големи инвеститори | **Не** | **10** | **Не** | **-** | **Да** | **6** |
| Поголема заштита на македонските малцинства во странски земји **ВМРО – НП:** Потребите се големи, но можностите се ограничени | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Да** | **5** |
| Зајакнување на соработката помеѓу органите за истражување и прогон | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **-** | **-** |
| Концесија за формирање земјоделска берза | **Да** | **10** | **Да** | **-** | **Да** | **4** |
| Формирање министерство за иселеништво | **Не** | **5** | **Да** | **-** | **-** | **-** |

| **ПЕТ ПОТРЕБНИ ПРАШАЊА** (кои требало да ги поставиме) – **"Десетки"** | | |
|---|---|---|
| **НСДП** | **СПМ** | **ВМРО - НП** |
| Социјална правичност | Дали треба да се продава националното богатство? | Воспоставување на посебна категорија, *експерти*, во органите на државната управа; |
| Мултиетничко општество | Дали треба да се продаваат стратешките капацитети? | |
| Држава на општествена благосостојба | Има ли реформи во здравството? | Разделување на чисто административните од задачите со висока стручност |
| Окрупнување на земјоделско домаќинство | Дали во РМ треба да има само еден службен јазик? | |
| Меѓународна политичка соработка | Дали во име на народот може некој да преговара за името на Република Македонија? | Целосна реорганизација на менаџментот на државните универзитети |
| | | Создавање на Универзитетски клинички центар |

## ИМ СЕ ЗАБЛАГОДАРУВАМЕ НА НСДП, СДСМ, СПМ И ВМРО – НП ЗА УЧЕСТВОТО ВО АНКЕТАТА




*Балансирање политички програми*

# III. “НЕСЕРИОЗНО ЗА НАЈСЕРИОЗНАТА РАБОТА НА СВЕТОТ”

## Предизборен ораториум Македонија

| | |
|---|---|
| **Автор:** Инвита Минерва[78] | **Суфлер 1**: Дојавко Кодошларов (Бугарија) |
| **Вице Автор**: Manuela Dolce Integratta (Порторико) | **Суфлер 2**: Говоринка Алапачиќ (Србија и Црна Гора) |
| **Сценска адаптација**: Агенција “Сé сѝ знам” | **Суфлер 3:** Билбил Тастеровски |
| **Изведува**: “Pandemonium politicum” | **Инспициент**: Под Контрола |
| **Диригент**: На заговор за недело | **Превоз:** “Бугарски Воз” |
| **Солисти**: Сите до еден | **Отворање**: Сицилијанка |
| **Сценографија**: Atalenta Deficito Scrupulo (Бразил) | **Озвучување**: Агенција “Големо уво” |
| **Костимографија**: Робинзон Крусо (Пуст Остров) | **Беграунд:** Кавалерија Популисто Рустикана |
| **Сценографија:** Саши Ми Сако (Јапонија) | |

## Содржина

| | |
|---|---|
| **Увертира**: “Мала ноќна брканица”, | **Интермецо:** Изложба на валкан веш |
| **Adagio:** Изневерено | **Продолжено интермецо**: Кикирики, семенки |
| **Став Прв**: “на Дур” | **Финале:** “Кутијокршачка” |
| **Став Втор:** Con Fuerre & Avrio Enlargemento | **Завршеток:** Турски марш надвор |
| **Прелудиум**: Начекување на солистот | |

**Ожалостени:** Целокупно граѓанство на Македонија, со фамилиите.

**Изненадени:** Цела Европа и останати роднини

Картите се продаваат насекаде!

*Ако не дојдете, ние ќе дојдеме кај вас!!!*

[78] Против волјата на Минерва, значи: Без талент

**Правила за работен тим, кој подготвува политичка програма:**

1. Шефот е поставен од лидерот.
2. Кога не е поставен од лидерот, тој е поставен по негов налог од некој – кој го поставил лидерот.
3. Бирај го тимот така, да секогаш може да им се блокира работата.
4. Улогата на тимот не е да направи добра, туку само политичка програма.
5. Кога има несогласувања, придржувај се на правилото бр. 1.
6. Не поставувај правила за работа, зошто може да се случи навистина да профункционираат.
7. Не запинај многу: Бројот на личностите – кои ќе бидат одговорни за успехот на програмата при изборите е обратно пропорционален на трудот што го вложиле за програмата да биде добра.
8. Ако мрморат неодредено, лидерот сеуште не се изјаснил за програмата.
9. Ако ти ја кудат работата – премногу си конкретен и програмата е проверлива.
10. Ако ти ја фалат програмата, програмата е лоша, но ја пофалил лидерот.
11. Ако те фалат тебе, си испаднал будала.
12. Ако те поддржат - си работел туѓа работа.
13. Каењето за нешто што ќе го кажеш на работните средби е истопропорционално со каењето за она што си го премолчал.
14. Политичката програма е истата од минатите избори со некои измени, кои не се твоја работа.
15. Програмата треба да ја прави мрза, зошто ништо битно не може да расипе, а и да сака – го мрзи.
16. Кога не знаеш што да напишеш, нека биде во стилот дека “трендот продолжува”.
17. Слабата меморија е главна методологија.
18. Кога има несогласувања, разговарај долго, по секоја цена и во недостаток на заклучок - ќе го земете оној од пред 4 години.
19. Тајната е во искреноста: Кој еднаш ќе ја избегне – успева!
20. Добра методологија е и следната: Какво седиште – такво гледиште.
21. Мери 5 пати, па скрши го од колено.
22. Тимот мора да има барем 3 дена, за да има време да ја промашиме темата.
23. Не пишувај ништо конкретно во програмата, зошто може да стане читлива.

24. Мораш да внимаваш што ветуваш, зошто може да ти се испушти и нешто реално, па никој да не биде задоволен со тоа.
25. Колку помалку работи тимот, му треба повеќе зборови да го оправда своето неработење.
26. Ако земеш стручни луѓе во тимот – нема да им се допадне на читателите или нема да ги разберат. Ако земеш нестручни луѓе, може да им се допадне на читателите, без оглед на тоа што е пак неразбирливо. Ако помешаш стручни и нестручни луѓе, програмата ќе им се допадне на читателите, а нестручните луѓе нема да разберат што сакаат стручните, но не е важно, зошто ниту читателите нема тоа да го разберат.
27. Ако тоа не го разбере ниту лидерот – полна капа: Програмата е успешна.
28. Ако програмата може да се оцени како реална – таа е промашена.
29. Ако програмата може да се оцени како нереална – таа е промашена.
30. Ако програмата не може да се оцени – таа е промашена, но не нуди факти за тоа да се докаже.
31. Програмата е светилник за 4 години владеење, за недоумиците што сакале да кажат авторите.
32. Ако ветиш конкретно – нема да исполниш.
33. Ако ветиш нереално – нема да исполниш.
34. Што и да ветиш - нема да исполниш.
35. Што нема да исполниш, криви ќе бидат: Претходната влада и опозицијата.
36. Лепачите на постери немаат место во програмата.
37. Ако лепачите ги наречеш “млади и перспективни кадри”, тие влегуваат во партиското планирање
38. Немој да те заведат фактите!
39. Обемноста на политичката програма е обратно – пропорционална со читаноста.
40. Најсебичните и најопортуни желби замотај ги во што повеќе солзи за судбините на луѓето.
41. Не штеди на солзи за сиромаштијата на народот.
42. Не мрази го политичкиот конкурент: Направи сите други да го мразат.
43. Обвини го конкурентот за се она што и ти си го правел.
44. Објави војна на сите негативни појави – кои мислиш да ги правиш додека си на власт.

## Storia d’un amor

Секој има storia d’un amor.

Ја имам и јас. Пред да сакате да се самозапалите, ве молам слушајте го заплетот, може да биде интересен за некој, кој не бил на власт. Ете – реков! Мојата најголема љубов беше власта.

Ја запознав на една од оние романтични вечери во партијата, една од оние обични вечери, кои се претставуваат во презент симпл, кога во 19,$^{00}$ како и секоја вечер, таворевме и говоревме нешто колку да исцрпиме напнатост, додека го чекавме претседателот на партијата да не преброи, како квачка пилците и го пиевме одвратното кафе на “кафекуварката” – волонтер – знаете од оние со вишок машки хормони, конфликтни до ПМ…. Низ чадот од цигарите, толку густ што глувците шетаа со гас – маски, гледавме незаинтересирано и се насмевавме лигушко љубезни, при некој поглед… “и”… “така, а?”.

Тогаш се појави ТАА, во лик на еден благотелешки мекотелец, со интелигенција од дресиран вучјак и отровност од австралиските медузи, најглупавото што претседателот можеше да го пронајде, а се нарекува човек: “Ајде, те викаат”. На сите ни затрепери срцето и секој мислеше дека нему му се обраќа шашливиот мутант. Секој сѝ рече во себе: Еве се исплати осумгодишното лигушење и тони смрдено кафе, километри оговарања, пакости, лаги, слушање за бизнисите на нашите сопартијци. Ајде бре – ми ја стави раката на рамо, со искуство на удбаш. Киселите фаци на штотуку освестените “колеги” извлекоа по еден смев – како да го вадат од газната жила. Јас тргав да ја почувствувам власта или “да ме стават во машина”… Но во машина веќе бев ставен и веќе со мене ја играа онаа игра “ќе бидеш“ и “кој ти кажал дека ќе бидеш“? Нема друго: Тоа беше тоа. Ми честитаа, ми кажаа колку многу се залагале да бидам баш јас, зошто “работата” барала “работа”, а не заебанција, дека јас сум како створен за работата.

Да скратам, нашата љубов – како и сите искрени и длабоки љубови беше кратка, но слатка… исполнета и ми ја галеше мојата душа: Широка, но празна – како степска пустина.

Таму каде ја однесов мојата љубена, како што девојката од соништата ја носиш во некој хотел – мислам “работата”, беше од оние места на “патот на парите”, кои треба да се процесираат до “поголемите”, но со разумен Пазар: Не се пет, туку три. Не дека се снајдов, зошто ништо слично не сум работел, не дека ме сакаа, но ги вкусив сите оние салтанати, кои одат со тоа место и лагата извонредно годеше… Бргу дознав што мислел Нушиќ со Госпоѓата министерка, како тоа од плата се купуваат коли, се реновира

подома, научив како да не се срамиш што работниците една година не зеле плата, додека парите стигаат со светлосна брзина, како се фаќаш дека ги читаш рекламите за одмор во Египет… како стануваш дестилирано гомно во една цела септичка јама и само фактот што сите околу тебе се најмалку исти како и ти или полоши, те држи буден – да не паднеш во занес.

Јас не се променив и останав исто такво говно каков што бев, но околу мене имаше многу промени. Така сфатив дека со мојата љубов не блудничам само јас, туку и сите мои роднини. Целото опкружување ми личеше на латиноамеричка серија, како виртуелна стварност… Дневно слушав стотици кодошлаци, сите лигуши ми станаа инвентар во канцеларијата, слушав по десетици “бизнисмени” со препорака, на кои “сјајната идеа” им се состоеше во тоа една папка да ја пишеме по 300 денари, да им дадам репрезентација по 20 евра, со скапи роковници за да си ги пишуваат макитe… или еден нужник да се гради по цена од облакодер, да ја вработам свеска му на непостоечко работно место, за тој да ја вработи мојата свеска… Одеа дотаму што имаа идеи да им ја продадам матичната зграда за џабе и мојата фирма да биде под кирија кај нив…

А ти? Ајде одбиј! Овој го пратил Петко, оној – Трајко, едниот ми се колне дека брзал од состанок во Скопје кај “Големиот”, за да се видиме, оти големиот ми порачал….

Попатно фатив и љубовница, односно таа одела со работното место, како што одела и книговодителката, која “си ја знаела работата”, па јас не морам да измислувам топла вода, како што одел и шоферот – кодош на Големиот … Драмата не се играла без пропишаните ликови.

Додуша, малку ги изненадив сопартијците кога помагав иако не морав… знаете од оние безопасни душички на кои само им треба 7 – 8 иљади денари да преживеат, да го пратат детето на факултет (макар не знам дали со тоа им направив услуга или пакост: Да учиш а да не се вработиш), да “не го дриблаат” за обичен печат или да не играат пинг – понг на релација општина – катастар – суд…

Сепак, добро оценија: Јас немам килер инстикт и чувство на припадност на “лукавите лигуши” и префинет такт да не говорам искрено, туку “ќе видеме”, да ме нема кога ме бараат за непријатна работа, да ги терам бившите колеги да ми персираат (оти така требело), да не се вреѓам кога ми го полнат багашникот со зајре, а “нишчо не требало” да платам…

Од мојата бивша љубов (или манија) не ми остана детето, пријатните спомени и меланхолијата подгреана со вино. Ми останаа гласините дека не сум се снашол, дека сум сакал леб преку погача, дека сум

сакал да глумам Дон Кихот и Милошевиќ во исто време…. Ми остана горчливото сознание дека политикантите на раководни места се такви зошто им дозволуваат да бидат такви, ги стимулираат и ја исмеваат резистентноста на мајмунарии, човечкиот пристап, привлечното сознание дека не мора да се промениш и да си ја работиш "работата" како работа, а не како фетиш. Навистина, јас не смеев да бидам чесен, но и во тоа имало потребрен "подобен" степен на градација: Морало да си многу нечесен и да имаш специјален менталитет, најверојатно створен во семејството уште од мали нозе.

Сега, си ја работам мојата стара работа, потрошен како ловџиски фишек, но надвор од сите партиски калкулации… како човек, кој ја "продал" својата најголема љубов – барем во оваа партија… а сега има некои нови, па….

***Лаѓа било она: Само еднаш срцето сака…***

Интерпретација на интервју од "бивш љубовник": Стево Хирошима

## Кога Стево Претседателот правеше изборна програма

**Стево:** Простете што каснам!

**СИТЕ:** Недоволно!

**Стево:** Бев во Скопје да земам визија за Грција, еве сега се враќам…

**СИТЕ:** Мораше?

**Стево:** Па ме викна Лидерот, да ме замоли за некој заговор за дело за некој негов...

**СИТЕ:** Тој е во Германија

**Стево:** Знам, знам… но тоа по телефон…

**СИТЕ:** Одеше во Скопје за да се јавиш по телефон? Сигурно и германската канцеларка му се придружи во молбата

**Стево:** Не, не тој ми се јави на пауза од разговорите, а канцеларката само ме поврза со лидерот, каква секретарка има германскиот премиер!

**СИТЕ:** Да не ти се јави телепатски?

**Стево:** Да, да преку сателит.

**СИТЕ:** Ах!

**Стево** *тргна кон полиците со книги, божем бара некоја одбрана:* Е сите сте тука, убаво сте се спремиле… абре Анче, бриши ги книгите по полиците

**СИТЕ**: за да не се дознае од кога не ти се користени.

**Стево** *го фаќа чаршафот од масата, на која е видео - бимот* **:** Ова овде е видео – бим, со негова помош можете…

**СИТЕ:** да проектирате сé она што не сте сработиле.

**Стево:** Ајде, де, ајде… што сте толку на крај срце… да видите какви идеи имам за изборната програма, еве ќе ви проектирам еден… мислам, имам еден клик во повер поинтмент.

**СИТЕ:** Истиот од лани?

**Стево:** Истиот, ама малку преправен, па она беа локални избори, а ова се парламентарни… вие не правите разлика?

**СИТЕ:** Не кога си ти во прашање.

**Стево:** Е тоа е доверба. Сега гледајте и научете нешто. Најдов некои многу добри идеи од некој стар писател Марфи.

**СИТЕ:** Има бензин овде близу?

**Стево:** Еве ја првата изрека *“Тајната на успехот е во искреноста. Кога еднаш си ја избегнал, си успеал”*. Ова ви говори дека искреноста е многу битна работа и за да успееш мораш да говориш вистина. Ова ќе го сфати народот. Потоа, овде имаме уште една слична: “*Грам имиџ вреди кило вистински способности*”. Е ова е навистина јако и јас се препознавам во ова. Тоа значи… малку е замрсено, а? Ме бидувало за вакви работи секогаш. Тоа значи дека грамот го правам кило, значи произведувам, а што?

**СИТЕ:** Ќе се налутиш ако ти кажеме.

**Стево:** Слободно речете, мене вистината не ме вреѓа никогаш.

**СИТЕ:** Ти произведуваш…

**Стево:** Ама тоа сега не е битно, оти работиме, нема само да се фалиме, народот треба да не фали. Значи се договоривме и за втората фроскула (овој израз ми го кажа лично еден амбасадор, а значи “многу, многу,

многу паметна идеја”). Сега третата фроскула: “*Никогаш не и го препишувај на злонамерноста она што адекватно можеш да го објасниш со глупоста*”. Е ова е за нашите противници, пошто нема да водиме само позитивна кампања, па и тие нас не оцрнуваат. Со ова сака да се каже дека глупоста е злонамерна, односно дека злонамерноста е глупава и ние нема да ги нарекуваме нашите противници глупави, ниту ќе бидеме злонамерни. Од нас ќе зрачи позитивна енергија.
Ете, се договоривме. Да не има и други идеи некој?

**СИТЕ,** *не им веруваат на сопствените уши:* И што ќе правиш со овие фроскули?
**Стево:** Ќе им ги дадам во централа, за таму и тие нешто да научат, заедно со програмата за развој на Прилеп.
**СИТЕ**: Блазе си им, ќе го завикаат Прилеп Копукхаген**.** А нешто друго да испланираме и да им пратиме?
**Стево**: Може, може. Таму имаат некоја глупава програма, со акцент на контрацепција на економски развој. Јас му ја кажав мојата програма и тие одма се насмееја од олеснување и ми рекоа: “Ех Стево, Стево… да имал татко ти презерватив тогаш, немало….” Но татко ми бил чесен човек и не купувал такви скапи коли, тој имал Фиќо”.

## Насоки за настап на ТВ, околу изборната програма

*(да се користи во пропишани дози, за да не се навлечете)*

- Внимавај, кога нештата ги нарекуваш важни: Ништо не е кој знае колку важно, а многу малку нешта се важни. Што е важно за народот и тој самиот не знае.
- Внимавај, кога многу добро ти оди разговорот: Ако некои работи, од кои си се плашел дека можат да тргнат наопаку, не тргнале наопаку, за тебе би било многу подобро да тргнале наопаку.
- Кога ги делиш луѓето на два вида, сети се дека постојат два вида луѓе: оние што ги делат луѓето на два вида и тие што не го прават тоа. Ти биди од вторите.
- Биди скромен: Труди се да изгледаш страшно важно.

- Не влегувај во расправии, но ако те приклештат, постави ирелевантно прашање, а потоа навали си се́, задоволително смешкајќи се, додека твојот противник се обидува да разбере што се случува. Потоа бргу промени ја темата.
- Внимателно слушај додека другите расправаат за проблемот. Потоа, "фати се" за некое офуцано тврдење и со него закопај ги.
- Не допуштај да те заведат фактите. Пред фактите и боговите молчат, но што имаме ние врска со нив.
- Ако велат дека крадеш - повикај се на законот, постапката и судските институции
- Она што не се случило, а требало да се случи, третирај го како да се случило, а не требало баш така да се случи;
- Кога статистиките не ти одат во прилог, немој да се сложиш со нив, но влечи капитал од неслагањето на твоите соговорници, кога статистиките тебе ти одговарале, а тие не ги признавале.
- Кога тоа ќе се случи прашај: "Објаснете господине, дали вие го признавате овој извор на податоци или не"? Без оглед што соговорникот ќе одговори – прогласете го за превртлив.
- Ако сте доведени во мат позиција, опуштете се, бидете шармантен, говорете за некои симпатични работи, кои немаат врска со разговорот. Само мал број луѓе ќе знаат дека сте матиран, а огромен број гледачи ќе се сетат дека сте биле многу лежерен и симпатичен.
- Ако некој ви рече дека вашата изборна програма е општа, застарена, неоригинална…. Вие тогаш анализирајте ја неговата програма и ќе дојдете до ист заклучок.
- Говори што помалку. Колку повеќе говориш - толку повеќе "лупаш" глупости.
- Давај им збор на соговорниците и постојано прекинувајќи ги со кратки упади. Моли ги да ти одговорат на нешто, а потоа смеј се на одговорите.
- Спорете околу најневажните делови од програмата на противникот, за тој сам да се закопа со најважните делови, кои се најтешко остварливи.
- Не викајте на ТВ: Народот не знае многу, но знае дека нетовареното магаре најмногу рика.

## Како креаторите на политички програми се инспирираат од народното творештво

1. Архитип на политичар: Ињо Арамија.
2. Архитип на политичарка: Тодорка (“Никој Тодорка не позна дека е Тодорка девојка”).
3. Македонски стратег: Ибе Паликуќа.
4. Визија за иднина (футуристичка традиција од ѕвездени патеки): Клингонците пак се собираат во Танушевци, Ромуланците ќе ги намалат во судството, но ќе ги има во банкарството.
5. Стратегија за војската: „Извади бомби и патрони, па потепа, мила мале, целата потера”.
6. Антитерористичка стратегија: Сардисале, сардисале...
7. Патување до Европа: “ Спремај ми го, мила мајко, брзото коњче (индицира на тоа дека има и споро коњче).
8. Предизборни активности: “Мост ми ѕидаја 9 браќа во Кратово”.
9. Недоумици на лидерите: “љуби ли ме, мами ли ме”.
10. Странски инвестиции: “була ли си ил гркинка”.
11. Стимулација на тутунари: “Филиза, мома убава дели свои фотки”.
12. Осовременување на кампања: “Рока мандолина” на 5000 вати.
13. Ветерина: Болна легнала, болна легнала (бакнувала лебед).
14. Борба против болестите на зависност: Елиминација на коњот, што го носи газдата право во меана (коњ алкохоличар).
15. Унапредување на земјоделие: Развој на свињарство и свињарии (свињи, кои бараат тартуф и свињи кои бараат мито).
16. Обавештајна служба: Веруше Паша  купил шарена дурбина (Фросина ја гледал кога шетала полугола низ дворови, од високите чардаци).
17. Промашени инвестиции: “Спреми Фросе вечера” (Фросина била стипса и не сакала да даде гаге вечера). Оваа била многу по владината политика и селамот од Веруш Паша не го третирала како пат кон европа.
18. Банкарство: “Во влашкото мало жолти порти високи”.

19. Загубари: “Меса сечам соколи си ранам”.
20. Приватизација: “Дали ти стига мојата љубов”.
21. Фрагментација на партиско членство: “Учи ме мајко карај ме како да ја вратам Лилјана”, “Туѓината пуста да остане”.
22. Трансфер на пратеници: “Што да правам, што да чинам кога е лоша мајка ти”.
23. УЈП: “Сношти сакав да ти дојдам”.
24. Судство: “Ленче болна лежи, оти Дане не ја сака”.
25. Обвинителство: “Старо и младо сеир гледаат”.
26. Партиски каравани: “По пат одам за пат прашам, кој пат води Мариово”.
27. Службени патувања: “Еј море Дончо мераклија”.
28. Вработување: Имала мајка, имала, до девет сина убави”.
29. Сива економија: Дончета пак го фатија” (што да товарел одма го фаќале).
30. Шпиони и издајници: Еднаш Дончо го пакувал и Гоцета и му спакувал нешто во самарчето, но го фатиле (ги поткажал Коле Неделковски).
31. Унапредување на човекови ресурси: Стратегија да учат во твилинг (англиски, компјутери, потперување...). Едно партиско “либе” (“лимбе” на бразилски) учело англиски со дечкото (Ду нот сед гуд најт), па си збореле англиски за најс веда, вундерфол најт фор лове. Исто така работеле и глаголи со УСЕ – користење... пак време, пак користи драги ти мене и ...
32. Неусклfavеност на владини сектори: “лимбевците” се заебале, ги видел со шарениот дурбин Веруше Паша.

## Потребни вештини за да се стане пратеник:

- Да е меѓу 8 и 88 години;
- Да е од машки или женски пол;
- Да не е (многу) осудуван (до 15 години);
- Да е жив за време на мандатот (да има психодизичка кондиција);
- Да има распоред на очи – така да е секое од нив на различна страна на носот.

**Оглас:**
Се бара дератизатор за потепуење на молци од нашата предизборна програма.
**Оглас:**
Се бара изработувач на нови корици за стари предизборни брошури.

## Хирошимско искуство со партиите

Партиите се страшно транспарентни, отворени за соработка, комуницираат без проблем, организацијата на работата им е супер и кога ќе пратиш допис, кога ќе се јавиш - нема никаков проблем, секретарите и секретрките им се “бомба”…

Партиите исто така сфаќаат дека е време да престанат да нудат популистички визии и сега сакаат да направат многу фокусирани програми, за да ги понудат на народот.

Топломер молам! Човеков пролупал.

Но Први Април е далеку, па вицот ни пропадна.
Ова погоре е најдалеку од вистината.
**Партиите “ги фати” дежа ву.**

Можеби е тоа затоа што имаме партии на власт, па сé на власт и немаат време да сé занимаваат со граѓански ступидности, а другите се партии – не на власт, кои се однесуваат како да се на власт, заради тоа што вежбаат владеење, за кога ќе дојдат на власт. Па како да работат со тебе, кога “го точат” духот и имиџот, за кога ќе дојдат на власт.

Партиска структура, субординација, ред на постапување…. Но, ова не е Данска? Ако работиш со партиите, ти требаат “дестина” мобилки од партиски “потркуши”, зошто никогаш не знаеш кој - што работи во партијата, кој е за што задолжен, кој е од што променет и за што друго ставен, кој живее со сек-

ретарката на лидерот, милата им кафекуварка, која најмногу се гледа со него (лидерот) и може да ти заврши работа повеќе отколку првиот – под него… упс, не мислевме на сексуалниот партнер, зошто тој најмалку има шанси да е “под него” во изборна година.

Ако бараш така – подобро не барај (вака на овој феномен ни одговори еден бивш “арслан за спиди гонзалес оперејшн”: “Кој ги мати бре, лигуши што се фалат дека со лидерот се гас и гаќи. Дај ваму… кој ти треба? Овој? Па јас на овој му средив да се види со него (лидерот). Што прави сега? Се фали дека се другарчиња? Мене бре министерот лично ми командуваше по мобилен… какви команданти, какви шефови… јас сум закон за сите нив”!

Но прво за процедурите.

Најпрво, дописот до партиските седишта ви е џабе трошење време и пари. Ретко од која партија знаат дека примиле “некаков допис”, зошто “селекцијата” започнува во поштата (“овие цело време пишуваат до партиите, дај да прочитаме што им праќаат… Мирче! Еј Мирче, ова не се затвора.. ова писмово… ај кој ги мати, ќе го метнам вкорпа”).

После тоа на ред доаѓа волонтерка - секретарка (во стилот: “Еј знае некој некоја невладина АГТИС… да не е од нашите?)

Ако го примиле, тогаш е во некој куп хартија, под услов секретарката да не го однела дома за потпал.

Пин – линковите, кои им ги сервираат информациите на “вторите” ешалони, кои одлучуваат за по-малечките работи – во име на лидерот, ги земаат навреме дописите, за да имаат време да ги зафрлат. Тие сега имаат само една идеја: Како на листата, како на повисоко место?

Заради тоа е потребна…. Што? МЕДИЈАЦИЈА.

Ние до порано го нарекувавме “фаќање врски”.

Врските работат без врска. Прво ќе Ве заборават, па потоа (кога повеќе пати ќе ги потсетите) тие ветуваат дека “работата е готова”.

После тоа настанува молк: Не се достапни за вас на телефоните, сандачињата им се полни…. Туку, еден ден ќе Ви се јават и ќе кажат… “Доставено е”.

Тоа значи дека работата е пак вратена кај секретарката – секретарот и процедурата започнува наново.

Одлучување на лице место, овластувања да одлучиш во име на партијата? Нема шанса! Сé е централизирано кај лидерот и тој нема време “да дише”, заради недоверба во сопствените луѓе, па камоли да погледне сé она што му стига по пошта. Но, ниту дава друг да одлучува.

Што да правите вие, кога ве “гази времето”? Втор МЕДИЈАТОР! Алелуја!

И тогаш, ви текнува судбоносната субсидијарност: Најниското ниво на власта, која може да ја заврши работата. Кој тоа? Да, точно: Локалната самоуправа, односно ОО на партиите (“одоздола - кон горе”). Ова судбоносно “ДА”, ви вреди колку и топка снег во снежно невреме. Како метод “одоздола - кон горе” функционира во француски верзии на предигра - и само толку. “Помалите” се доволно големи и легенди во сопствената глава, а плус тоа: “Што овие местат”, “кој знае за кого работат”, “боже што им текнува дури ние се бориме за власт”, “Кој финансира Сорос, а? И... што ви рекоа да правите?”

Еден “медијатор” се загрижи и за глобализацијата, што “странците” сакале со ова, зошто никој не давал пари за џабе (“ето видиш“, типот ја откри шпијунажата).

И? Операцијата започнува наново.

Така, леле… ние решивме да си го фатиме за другарче Баросо, па тој “одозгора” да ни помага, зошто само така ќе ја прескокнеш фантастичната партиска организација, која е орна “да ве откачи”, да вети и истовремено да ве заборави, “да собере” информации од вас, за нешто што нема да му треба ниту во лудило. Ех, пред колку време Ордановски од Форум пишуваше за македонскиот етеричен дух, кога есејот го започна со прашањето: Зошто е потребно да го чекираш багажот три сата пред полетувањето? Одговорот? За да имаат време да ти го изгубат.

А... попатно, и Баросо кажа дека партиите требало малку од малку да “оладат” со понудите - како татковците да им се Кашоги, Рокфелер, Гејтс и Шеикот од не знам каде... Тоа дефинитивно нé зафркна скроз: “Ете, му се испушти на Баросо што сакале европјаниве. “Ве офираа а?”.

Но, замислете сега, да завлеземе во поинаков след. Да заборавиме на патешествието до вториот – третиот ешалон на лидерот и да замислиме дека (како што се случуваше) некој го чита вашиот допис.

Хорор: Па зошто ваков проект, па кој финансира вакви глупости, и што сакаат сега со ова, па вас невладините ве има 1500, кој да разговара со сите вас (замислете да знаат дека нé има 6000)… Тука медијаторот ја “брка работата” и сега вие сте “добри дечки” (а дека во АГТИС повеќето се од женски пол?), па ајде ќе разговараме. Закажување? Ќе се чуеме! Јас утре немам време, па да се јавите од понеделник? Понеделник е најубавиот ден за политичарите (ама идниот).

Да замислиме дека и тоа е поминато! “Лидерот го виде она… вашено… дописот (се гледа дека заборавил што пишувало) и ќе ви одговориме писмено (ние пак мислевме со димни сигнали).

Чекај, чекај… па пак чекај, чекај… Ајде пак медијаторот; Ајде, тој пак на второ – ешалонистот, ајде тој пак е зафатен, па не е, па чекај, па повуци – потегни…

Е дури тогаш станува сериозно: Политички момент, едни зафатени што се опозиција, едни зафатени што се позиција…

Дури на крајот ќе добие некој од второ – трето ешалонистите напад на искреност: Види бре мали! Уште не се изготвени партиските листи, уште нема датум за избори, никој не знае дали таа емисија ќе ни треба или не, никој нема време да се занимава со тоа, зошто сите се во трка за позиција на листа, гледаш дека медиумите се распаѓаат од кавги, гледаш дека има тутунари, светлини и темнини, гледаш дека секој ден имаме по три прес конференции…. Не ти е… вака… глупаво толку да запинаш? Полека! Ќе се среди со датумот, со листите, со изборите, па после тоа барај некој таму во Прилеп да си напраите емисија, интервју… Тоа ти е локална работа, сега е локалното многу важно, оти е битно…. Што прајте бре таму со тутунскиот? Се испотепавте, човек не може да ве пропатува, туку само да ве прелета од блокади… Добро и ние не сме поарни овде, ама….

Надеж? Да, сеуште ги има и меѓу нив (политичарите) чесните, деловните, незанесените, кои од сигурната маргина сакаат нештата да променат, исто како и вие (не е дека не сакаат да бидат на власт, но сеуште сметаат дека мора да постои некој ред, некоја чесност, па макар и од македонски тип). Тие одма ќе се јават на телефон кај некого, ќе пробат нешто да помогнат и ќе ве изненади дека го прочитале вашиот меил. **Да ги има повеќе такви...**

Сметајте дека (откако дебело ќе ја завршите работата на сите страни) потребно е да чекате најмалку 1 месец за партиите да ви одговорат. Попатно, треба да потсетувате за да бидете сигурен дека

нема да Ве заборават, дека не е ставена нова секретарка - волонтер, дека не започнале оговаркања, кои ќе ве декласираат тотале.

Ете, заради тоа странците бараат организации - кои имаат многу врски, заради тоа се проектите скапи, заради тоа е добро да имате пријатели на организацијата... Тоталитаризмот е со тврдо срце, а демократијата со тврд слух.

**Препораки за патешественици, кои мислат да работат застапување:**

- Мошне е важно најпрво да прочитате се што можете за темата – за која сакате да разговарате со политичарот, но наместо да демонстрирате капацитет, најдобро е да молчите и да покажете дека “не сте од вчера” само кога разговорот ја губи смислата;
- бирајте го најниското можно ниво – на кое можете да ја завршите работата;
- не грижете се: “Работата” секако ќе дојде до “големите”, зошто “малите” немаат храброст да ја завршат без “шефот”, но нема никој да ве обвини дека “прескокнувате нивои”;
- говорете дека почитувате субординација, а од друга страна изиграјте ја на било кој начин;
- слободно можете да им ласкате на политичарите – тие тоа го сакаат;
- дознајте какво образование има планираниот соговорник и се друго што можете за него – тие со задоволство разговараат за теми – кои им се познати;
- добро е политичарот да знае дека имате лесен пристап до медиумите;
- не реагирајте на “топло – ладно” однесување, туку храбрете ги соговорниците “да се истишат”;
- правете се изненадени од нивните одговори, кога не се работи за експертски прашања;
- слободно жалете ги заради нивната зафатеност и напорен живот;
- користете факс;
- пред тоа јавете се да обезбедите дека некој има за да го прими дописот;
- користете меил, само ако секретарката ви го каже лично;
- проверете дали точно ви го кажала меилот (користи: “д”, како Данска, “т”, како тутун...)
- не праќајте атачменти и нека се отвори сиот допис веднаш;

- користете само лесни компјутерски техники за електронска комуникација (немојте да праќате работи во ексел, корел, ЈПГ и ниту случајно нешто компресирано);
- преферирајте личен контакт;
- запознајте ја секретарката, „човекот на вратата“, со нив бидете љубезни, па дури и покажете солидарност, во смисол „ние припаѓаме на иста класа“;
- ако ви требаат информации, направете (ако имате прилика) сојуз со луѓе од партијата, кои не котираат високо кај шефот (знајте кој му е на кого конкурент за нешто важно партиско);
- прво имајте сензибилизативен состанок, во кој ќе објасните што саката и не барајте одговор
- закажете повторна средба, а спрема тоа колку бргу ќе ја остварите - ќе мерите колку сте интересен за партијата;
- на вториот состанок бидете конкретни и пак не инсистирајте на одговор;
- дури на третата средба побарајте согласности;
- писмената согласност не мора да е иста со усмената, но ако не можете да добиете писмена согласност, задоволете сé со усмена;
- ако брзате, не барајте писмена согласност (ќе потрае барем 1 месец);
- имајте доста време за “повуци - потегни” и дописите прајќајте ги на почетокот на проектот;
- проверете кој - со кого е скаран, за да не го споменете во разговорот (мора да споменете дека ја знаете „работата“, партиската структура..., инаку ќе „ве мотаат” со лесни финти);
- имајте и резервен медијатор (политички, медиски, стручен);
- најдобри медијатори се лекарите (сите кај нив имаат мака);
- ако ви требаат информации барајте некој „бивш„, кој е налутен на актуелното раководство, но него не го споменувајте никако во разговорите;
- сé што барате нека не е многу амбициозно;
- ако е амбициозно - нека не троши многу време за да се прочита;
- нека вашата активност не бара големи подготовки;
- не трошете ги предвреме проектните пари за хонорари и плати (земете плати, ако ви остане - на крајот од проектот) да не ви притребаат и подоцна - надвор од предвиденото;

- внимавајте на дневните настани и неделниот распоред на владини и партиски настани, па не закажувајте ништо во таков ден;
- кога имате закажано средба, прво јавете се неколку дена пред тоа, после тоа јавете се ден пред средбата, уште еднаш - утрото пред да одите на пат. Тоа ништо не ви гарантира, ако се работи за "големи партии";
- најдобар начин со "големите партии" е да користите медијатор, па сета постапка со досадувањето преку мобилен телефон да му ја правите него – за тој да врши притисоци на другите;
- не потценувајте ги ситните партиски шрафови, шофери, партиски оределени лекари… Тие можат да Ви завршат големи работи;
- големите бркаат најмалку работа, освен ако не сте им потребни;
- ако си поминете со лесно – загрижете се;
- сфатете: Не е толку лошо! Ако ви опишеме една постапка за регистрација на ДОО, каде стои дека државни институции си ја работат таа работа - како редовна, а сета работа ќе ја завршите вие, ќе сфатите дека во политиката тече мед и млеко;
- **НЕМОЈТЕ ДА СЕ НЕРВИРАТЕ!**



***Мали, не се йерай̄ ш̄ака мозоци***

*Pre-election Month of the Golden Fish*
***Published by: Association for Citizen's Tolerance and Cooperation (ACTAC) – Prilep***
**ACTAC, Prilep, 2006**

---

***The front cover page:***
By the idea of Hiroshima Group, Caricature by Aleksandar Taseski: "Golden fish"

***The back cover page:***
By the idea of Hiroshima Group, Caricature by Aleksandar Taseski: "Washington of 1$ bill and his children"

***For the publisher***
Aleksandar Cvetkoski

***Editorial Board***
M.A. Pare Zareska
Aleksandar Cvetkoski
Zaklina Basheska
Snezana Savoska

***Organization***
Blagica Cvetkoska

***Computer preparation***
Biljana Temelkoska

***Translation – English language***
Sonja Adamcheska

***Translation – Albanian language***
Nurie Selimi

***Web version***
Dejan Kumpanioski

***Illustrations***
Aleksandar Taseski
Natasha Jarich
Toni Chatleski

***Lecture***
Dushanka Dimevska

***Photos***
Pece Tosheski

**This book was published with the support of the Foundation Open Society Institute Macedonia - FOSIM**

This book is final part of the ACTAC's project: "Preelection month of the golden fishs"

# PRE – ELECTION MONTH OF THE GOLDEN FISH

**www.stisnizelba.com.mk**

*АГТИС*/*ACTAC*
**Prilep, 2006**

## I. PROJECT SUBLIMATE: “Pre-election Month of the Golden Fish”

**General problem that the project treats**:

Populism set political electoral programmes and electoral campaigns, which do not present a base for monitoring of the governance and “lighthouse” of the four years of state development.

**Scoped area:**

- The essence of the democracy[79]
- The general political culture of the actors in the electoral process
- The style and content of the electoral campaigns

**The project aim:**

Contribution on demystification and decontamination of the political electoral campaigns and (especially) electoral programmes of the political parties from **populism**; Contributing to improving the **political and democratic culture** of the actors into the electoral processes.

---

[79] **The early democracy** fails to: To establish, postulate the political and legal institutions on democratic order; Keep, advance or create a civic and a value ambient where those institutions could legally function; Achieve knowledge enough about the values of civic society; Create social humus for growing the democracy (refers to the citizen as a social nucleus).
**Characteristics of the pre-democratic society:** A lack of civic postulated system; Its linkage by the individual code (instrument of the idea of freedom, democracy, civic system for selfish aims of a person or political party-business class); There is no organized participation with exception of by criminal, nepotistic or political party-ethnic base; The civic organizing is in its nucleus and has no capacity to parry the political and criminal organizing; The institutions start to look like the individuals who are exploiting them for their own benefit; A lack of faith into democracy; The political party regime becomes a personal regime; The political parties foster intellectual and media quasi-elite; The different democritic tactics are practiced, and the indicators of state advancing are under regime of pseudo-modernization.

**The project strategies:**

Motivating the political parties, experts from the field of politics, media and leaders of opinion before the phase of production of the political programmes and strategies for political campaigns with purpose to starting a process of thinking and changing the almost traditional modules of thinking of the politicians in connection with the style of the electoral campaigns.

**The approach:**

Laughing at "the fairy tale" populism campaigns; Request for the politicians to answer concretely on the relevant questions and needs by focused and non-populism visions and strategies; Insisting on the parfectly clean legitimacy[80] of the chosen ones; Methodology, "We do know what you are doing – please do think of something else"; Emphasizing the approach on different levels of political programmes – directed for different aimed groups; Insisting on putting in and explaining the political ideas, which depend on and by the theory about the general political options and the theory of political system.

**The starting project indicators:**

- **Sabotaging the electoral process** without distraction of its legality and form;
- **Causing damageable effects**, which influence cumulatively and on long terms onto the general level on the political culture in Macedonia;
- Depriving the real review in the concrete planned general and sectors' policies and moves of the political parties in case they come on power;

---

[80] **Political legitimacy**
"The weak" legitimacy has many consequences. On the negotiations with the foreigners, if they think that you have an identity crisis i.e. if they consider your standing will be of no intern support – you have weak position for negotiations. On the domestic terrain the consequences are even more terrifying: You cannot be able to implement i.e. you will be just imposed (nominal) ruler.
The legitimacy offers social cohesion, an opportunity for balance between the interested groups; ways for social control over the politics, channels for advancing, respect of the laws… offers an order.

